СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од петтото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 август 1991 година

Скопје, август 1991година

# 20-та СЕДНИЦА V-продолжение-7.VIII.1991


| ДИСКУТАНТИ: | СТР. |
|---|---|
| СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| НИКОЛА КЉУСЕВ | 3 (ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА) 76, 189 |
| ПЕТАР ГЕОРГИЕВ | 36, 158, 189, 208, 224 |
| СИМОН НАУМОВСКИ | 46 |
| ПЕТАР ГОШЕВ | 58, 77, 134 |
| БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | 79 |
| ПАНЧО МИНОВ | 81 |
| СТРАШО МИЛКОВСКИ | 86 (ПРИЛОГ, НЕМА) |
| ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 87 |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | 93, 222 |
| ЈАНЕ МИЉОВСКИ | 96, 178, 205, 214, 221 |
| ТОДОСИЕ ПАУНОВ | 99 |
| РИСТО ЈОВАНОВ | 104 |
| СИМЕОН ИВАНОВСКИ | 105, 109 |
| ВАНЧО МЛАДЕНОВ | 108, 141 |
| РИСТО СТАНКОВСКИ | 117 |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | 121 |
| ФАИК АБДИ | 124, 134, 159, 180, 219 |
| БЕКУР ЖУТА | 129, 211, 213 |
| БЛАГОЈ ТОШЕВ | 135, 198 |
| ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ | 136 |
| ЈОРДАН БОШКОВ | 142 |
| ЏЕЛИЛ ТАИРИ | 142, 168 |
| ДУШАН НИКОЛОВСКИ | 143, 156 |
| ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | 144, 158, 200, 215 |
| ШАБАН ПРЕВАЛА | 144, 181 |
| ТОДОР ПЕТРОВ | 147 |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | 150, 160 |
| МИХАИЛ ПАНБВСКИ | 150, 157, 190 |
| ЕШТРЕФ АЛИУ | 151, 156 (ПРИЛОГ-НЕМА), 221 |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | 154, 185 |
| ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 160 |
| ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | 164, 165 (ПРИЛОГ) |
| ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | 166, 167 (ПРИЛОГ) |
| СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | 166, 168 |
| ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ | 169, 176, 182, 210, 225 |
| БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | 176 |
| РИСТО СТАМЕНОВ | 177, 179 |
| НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 181, 207, 209, 210, 225 |
| ХИСНИ ШАКИРИ | 183 |
| ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | 184, 185 |
| ЃОРЃИ БОЈКОВ | 186 |
| НАУМ СИМЈАНОВСКИ | 186, 189, 190 |
| РИСТО ЈОВАНОВ | 188 |
| БРАНКО АРСОВСКИ | 193 |
| МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 201 |
| АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ | 206, 207 |
| МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ | 216 |
| ВАНЧО МЛАДЕНОВ | 219 |
| ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ | 221, 230 |
| ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 227, 228, 231 |
| ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | 230 |


ПРОДОЛЖУВА

**V ПРОДОЛЖЕНИЕ на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија на 6 август 1991 година**

Седницата се одржа во салата број 1 во зградата на Собранието со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве ние негде запревме во нашата расправа за политичко безбедносната ситуација и имаше уште четири дискутанти. Па, дали ќе продолжуваме со таа расправа или да одиме на следната точка.

Молам, госпоѓа Димитрова.

Димитрова зборува од место за да се јави односно пријавува дискусија по прекинатата точка.

Добро тука имаме неколку дискутанти а еве се јавува господин Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас би сакал, пред да почнеме со денешнава расправа да го информирам Македонскиот парламент и целокупната македонска јавност, со следното барање на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Имено, на 1 август, издаден е проглас во име на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, потпишан од потпретседателот на Партијата и пратеник во овој Парламент, госпоѓица Доста Димовска. Во тој проглас изнесеш се тешки обвиненија и квалификации за наводно предавство на македонските интереси, правејќи договори зад грбот на македонскиот народ и распродажба македонската држава. Бидејќи

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од петтото продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 август 1991** година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мнозинството пратеници на Собранието присуствуваат ^на седница и констатирам дека може полноважно да одлучуваме.

Во врска со и во рамките на втората точка треба да донесеме и Одлука за Републичка комисија што ќе го спроведе референдумот.

Го молам известителот на Комисијата за избор и именување да го изнесе предлогот.

(предлогот сега ќе биде поделен). Добро, да го причекаме.

(чекаат предлогот на одлуката да се подели). Можеме да продолжиме со работа.

Да ја завршиме работата по она што вчера , синојка доцна во ноќта го решивме.

Во врска со одлуката за распишување на референдум во Република Македонија, потребно е да ја донесеме одлуката за формирање и определување членови на Комисијата за спроведување на референдумот.

Текстот на Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Ако нема забелешки предлагам да го усвоиме Предлогот на Комисијата за избор и именување.

Молам, кој е за Предлогот на одлуката да крене рака. (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека за формирање и определување членови на Комисијата за спроведување на референдумот е донесена.

Со тоа ја завршивме таа наша голема работа и важна работа и мислам дека сега веќе зо Собранието, после таа одлука што ја донесовме синојка ќе имаме навистина конструктивна атмосфера и еве имаме прилика тоа н да го искажеме.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Програма за работа на Владата на Република Македонија во мандатниот период.</u>

Програмата, извештаите на работните тела на Собранието, како и Предлогот на заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Експозе по програмата ќе поднесе претседателот на Владата на Република Македонија д-р Никола Кљусев.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија д-р Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Господине Претседателе, Почитувани пратеници,

Денес пред вас пратениците на Собранието на Република Македонија и пред пошироката јавност на Република Македонија, ја претставуваме Програмата за работа на Владата во нејзиниот мандатен период. Реализацијата на Програмата треба да овозможи создавање и изградување на нов политички и правно- економски систем, надминување на сегашните бројни потешкотии и создавање основи за започнување на нов развоен циклус на Република Македонија.

Основните определби во оваа Програма ќе се разработуваат и дефинираат низ системските закони чие донесување претстои по донесувањето на уставот на Република Македонија, потоа низ документите за развојната политика на Републиката во тековниот среднорочен период и во годишните програми на мерки на економската политика, како и во актите што ќе ги носи Владата на Република Македонија, односно што ќе му се предлагаат на Собранието. Оваа програма не претставува никаква замена на документот за среднорочната развојна и економска политика. Тој документ сепаратно се подготвува и Владата ќе му го предложи на ова Собрание до крајот на годината. Имајќи ги предвид овие факти јасно е дека оваа програма е отворена и ќе се дополнува зависно од нејзиното спроведување од новите економски и политички збиднувања во Републиката и земјата и од практиката и најновите научни и други сознанија.

Владата на Република Македонија со големо внимание и интерес ја следеше расправата по Програмата во работните тела на Собранието и другите стопански и општествени субјекти во Републиката. Во мошне обемната, содржајна и земено во целина конструктивна расправа, беа изнесени бројни предлози, забелешки и укажувања, а во одделни случаи и конотации. Сето тоа, Владата го смета како составен и нормален дел од нашиот парламентарен демократски живот, бидејќи само низ таков дијалог ќе ја обезбедуваме тесната врска на соработка на Владата со пратениците во Собранието и со другите субјекти, и ќе доаѓаме до сознанија кои ќе и помогнат на Владата поуспешно да ја извршува функцијата што и ја доверивте.

При сето ова, сакам да обрнам внимание и фактот што во периодот по подготвувањето на овој документ и доставувањето во Собранието на Република Македонија (а тоа беше 21.06.1991 година) во Југославија се случија драматични настани кои доведоа до длабока политичка, економска и безбедносна нестабилност н во извесна мера пореметија некои појдовни претпоставки врз кои базираше Програмата. Воениот судир во Словенија и одлуката за повлекување на ЈНА од неа, внесоа некои нови елементи на југословенската криза, кои бараат јасни потези на основната линија на Декларацијата за сувереност на Македонија. Патем да кажам тоа ние и величествено синојка го одбранивме потврдувајќи ја потребата за изјаснуван>е на Македонија како суверена и самостојна држава со право да стапи во иден сојуз на суверените држави во Југославија. Затоа Владата веќе презеде дополнителни мерки и активности кои мора да кореспондираат со сите реални и можни опции за разврска на Југословенската криза. И тоа беше факт повеќе дека во претходниот

период оценувајќи ја потребата со прифаќањето на Владата на 24 на актите кои ни се познати и сношти потврдени ние пристапивме и ков иницијатива за нова мини програма која во кратко време ќе Ви ја доставиме, итни мерки во економската политика околу кризата која се продлабочува. Освен тоа сакам да ве известам дека вие пристапивме со голем научно- истражувачки тим и кон разработка на националната стратегија на развојот на Македонија. Сето ова е Платформа за новото видување кое ангажманот на Владата во нејзиниот мандатен период и само како ориентир треба да се сфати овој напор на програмата, а не како конкретизација на поедини проекти или пристапи. Со тие конкретизирани проекти и документи ќе имате прилика врз основа на оваа програма да го покажувате своето внимание и поддршката односно одбивањето, доколку би дошле како такви.

За Република Македонија во принцип е неприфатлив секој еднострan акт кој ги менува односите во Југославија. Од гледна точка на државно-правниот статус, економската, политичката и националната сувереност т.е. соодветниот меѓународно- правен субјективитет.

Општествено- економската состојба во која се наоѓа Република Македонија на сите не е добро позната. Во амбиент на општа политичка ерозија, стопанството навлезе во колапс кој е дополнително поттикнат и од распадот на целокупниот стопански и монетарен систем на Југославија. Тоа се навистина крајно ограничувачки фактори во почетокот на реализацијата на мандатот на оваа Влада, како соодветно тешко "наследство".

Сложените политички, економски и социјални состојби кои се присутни во Југославија, многу поизразито се чувствуваат во Македонија. Се работи за повеќегодишна стагнација и опаѓа&е на производството, нецелосно спроведување на макроекономската политика на ниво на Југославија и запирање на реализацијата на реформите, прекинување на функционирањето на единствениот југословенски пазар и затварањето на стопанските и финансиските. текови во рамките на одделни републики. Високиот степен на несигурност влијае Југославија да биде третирана како земја со висок финансиски и инвестиционен ризик, со што изостанува очекуваната меѓународна Финансиска поддршка и прилив ва странски капитал.

Во тој контекст должен сум да нагласам и во тие тешки кризни услови и политички диференцијации во Југославија Македонија соочувајќи ја својата релативна мирна состојба успешно ги реализира првите договори со странство. Тоа е знак дека Владата настојуваше да оние примеси кои ги постави во оваа Програма што побрзо да ги реализира. Вчера бевме свидетели на потпишување на еден договор од 265 милиони долари со Советскиот Сојуз, во недела се потпишува Договор за гасификација на Македонија. Договорот за станбената изградба во Израел, веќе ќе заминат оваа недела 400 наши градежни работници, за да потоа помине и друга бригада од уште 400 работници. Сето тоа е знак благодарени на мирната состојба во Македонија, во последните месеци кои што ги имавме во Југославија. А и она отворање, со кое и претседателот на Републиката, а и јас како претседател на Владата воспоставивме успешна соработка со некои наши земји на опкружувањето.

Кон се о тоа се надоврзуваат нефлексибилната и екстензивна стопанска структура, недоволна извозна ориентираност и висока увозна зависност, техничка и технолошка застареност и неадекватна структура ва знаењата и кадрите, високо ниво на продуктивноста ва трудот и воопшто виска општествена ефикасност; Сето ова од своја страва говори за потребата од радикални зафати како кај субјективниот фактор така и во стопанската структура која ни претстои ако сакаме опаѓачките трендови на виталните економски индикатори што побрзо да ги запреме.

На неповолните состојби соодветно влијание има и движењата на светското стопанство, кое на крајот на минатата година, навлезе во фаза на опаѓачка конјунктура и блага рецесија, а пазарот на капитал беше порестриктивен отколку во претходната година. Значајни се и промените кои настанаа во источноевропските земји, што за југословенското и македонското стопанство значеше глобална загуба на значаен пазарен простор.

Неповолните тенденции ескалираа на крајот на 1990 година, а особено во текот на оваа година, кога дојде до реално опаѓање скоро на сите макроекономски показатели, при што особено загрижува стрмоглавото опаѓање на индустриското производство и извозот, заканувачки расте трговскиот дефицит, инвестиционата активност осетно опаѓа, а стопанството се наоѓа длабоко во зона на дезинвестирање. Невработеноста достигна ниво од 164 илјади лица, а заради преструктуирање на стопанството, ќе престане потребата за работа на уште околу 55 илјади работници. Животниот стандард на населението е битно намален и доведеа до границите на подносливоста, со што уште повеќе растат социјалните тензии и се заканувааат да го попречат остварувањето на најавените промени. Личните доходи на вработените во Република најниски во земјата и бележат тенденција на реално намалување, а со тоа и

зголемување на разликите во однос на земјата и другите републики. Бројот на вработените кои не примиле личен доход за 1,2 или 3 месеци достигна една третина од вкупниот број на вработени, додека на околу 30 илјади вработени се исплатува загарантиран личен доход. таква е грозната слика ва состојбите од кои тргнува новата Влада.

Состојбата во стопанството ве остава без последици и во општествените дејности, односно надградбата, бидејќи се уште не сме дошле до саканиот степен на интеракција содејство на тие две сфери во општествениот живот.

Тоа е главно денешната слика ва општествено- економските состојби во Републиката во овој период, кои ограничувачки влијаат на можностите ва Владата за брзо создавање услови за пресврт во натамошниот развој. Тежината е таква што со мали корекции на постојниот систем не се можни радикални промени. Спрема тоа, потребен е таков опфат ва промени кои во суштина значат воведување на нов политички, правен и стопански систем. ва Република Македонија и нова визија на нашата иднина.

Почитувани пратеници,

Владата ва Република Македонија се залага за промени на скоро сите политички институции во сегашниот систем. Поради вивната хибридност, тие не се во состојба да даваат адекватни одговори на барањата ве само во овој преодев период, туку реално можат да преставуваат и пречка за премин кон развиена и делотворна парламентарна демократија. Нашиот политички живот не е многу изменет од времето ва една идеолошка, нерационална и историски непродуктивна политика. Основна политичка филозофија од која Владата тргнува се човековите права и слободи,

етиката на граѓанското општество и правната држава. Оваа определба која е основа на системот на новиот Устав на Македонија, ќе се оствари со донесувањето на соодветните системски закони.

Исто така, наместо енормната нормативна мрежа на закони и прописи кои ги стегаа и гушеа иницијативите на граѓаните, треба да се создаде современ, транспарентен, правно јасен и конзистентен систем, што ќе ја овозможи и штити слободната граѓанска иницијатива, креативноста и индивидуата. Релресивната улога на државата ќе биде сведена на неопходната мерка на контрола, заради елиминирање на опасностите за слободата на човекот и основните вредности на демократското општество во Македонија.

Овие задачи се ургентни, и поради тоа, апелирам за забрзување на процедурата и побрзо донесување на новиот Устав на Република Македонија , таа трајна определба на Владата, а ние имавме убава прилика и синојка да се договориме дека тоа не може да го надмине месецот септември. Според тоа, ако сакаме да ги изградуваме овие наши определби на новиот политички систем ние го очекуваме системот што побрзо.

Антиципирајќи некои претпоставки, Владата паралелно подготви бројни системски закони кои ќе послужат како темел на парламентарните институции во Македонија во случај на одолговлечување на процесот на донесување на новиот Устав на Републиката. Во тек на подготвување се и други закони за основите на политичкиот систем, кои треба да бидат донесени веднаш по усвојувањето на новиот Устав. Овде спаѓаат Законот за политичките партии, Законот за здружение на граѓаните, Законот за јавните собири, нов закон за изборите и друго. Се е тоа во фаза на преработка, речиси ние сме готови.

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: Продолжение

Локалната самоуправа, дефинирањето на нејзините димензии како и на односите на републичките органи на локалната управа со основните единици на локалната самоуправа, се многу важен сегмент на системот. Новиот закон е веќе доставен до Собранието на Република Македонија и во кој е направен и проект за територијалната поделба на Републиката, соодветно на локалната самоуправа. Новиот концепт на локалната самоуправа треба целосно да го обезбеди правото на човекот за непосредна партиципација во локалните единици на самоуправата, овозможувајќи, истовремено, ефикасно функционирање на целината на државниот организам и хармонизирање на целината на демократската организација на власта.

Концептот на локалната самоуправа мора. да биде затемелен и консеквентно изведен од најпозитивните европски стандарди и искуства. Мора да се сфати дека не станува збор за проста поделба на функциите меѓу Републиката и општините, туку за нов и поефикасен облик на организацијата на власта. Не е можно паралелно функционирање на општините како "мини држави", и на" мрежата на парадржавни институции. Потребно е модерно, ефикасно и демократско организирање на функциите на државата, како и нивна контрола. Не е битно во која "надлежност" е определена функција, туку дали нејзиното остварување влијае врз подигањето на квалитетот на животот. Имаме доволно искуство од лсевдодемократските периоди за "целосната" или "огромната" партиципација на луѓето во политичкото одлучување, и продуцирањето на класични олигархиски облици на власт и потполна сигурност на луѓето. Прашањата за централизацијата и самоуправата ice се решаваат само преку компетентноста и ефикасноста во извршувањето на функциите кои

имаат непосредно значење за граѓаните. Непосредното учество во одлучувањето и контролата врз вршењето на функции' на власта на микро-ниво, во локалната самоуправа во Европа и во земјите на некои други континенти има исклучително значајна демократска вредност.

Во тој нов сплет меѓу демократската организација на власта, правната регулатива и социјалната функција на државата, ќе тече и процесот на трансформација на нашето општество од идеолошко во цивилно. Перспективата на демократскиот развој ќе биде во насоката на ефикасната организација и функционирање на државата, непосредното учество на граѓаните, контролата на власта и т.н.

Имавме прилика да чуеме за овој Нацрт закон и критички забелешки од Собранието, па дури и од некои партии. Изненадуваат некои констатации на кои би сакал да обрнам внимание дека политичките партии кога настапуваа на своите предизборни кампањи да се развластат феудалните власти на општините, сега покажуваат некоја тенденција да се сочува власта во општините. Ве молам,сфатете го духот на законот за локалната самоуправа. Тој покажува смисла да власта во суверената и самоопределена Република Македонија мора да биде координативна, јасно, надгледувана, а локалната самоуправа ќе ги добие оние елементи во кои ги имате и вие како Нацрт на законот за локалната самоуправа. Да немаме разлики во видувањата, затоа ако ни се покажуваат нови апетити да ја пренесеме власта во општината, тогаш ќе влеземе во конфликтност со определбите во кои ние влеговме во донесувањето на тој закон. Друга е работата со градот Скопје како заедница на градска агломерација.

Посебно внимание се посветува на создавањето општествени услови за остварување на демократската јавност и целосна слобода на јавното информирање во Републиката. На тој начин ќе се создадат сите потребни услови за остварување на правото на граѓаните за точна и навремена информација, како предуслов за активна демократска партиципација во власта.

Тргнувајќи од повеќенационалниот состав на македонската заедница, Владата на Република Македонија, ќе го почитува и етничкиот плурализам и развој на сожителство на граѓаните од разни националности во македонската држава, инсистирајќи на принципот на толеранција и институционално решавање на евентуалните политички политики.

Сите овие промени во областа на политичкиот и правниот систем што Владата има намера да ги преземе, во нормални услови еден или два мандата. Но, оваа Влада ќе биде принудена тоа да го направи за една ипол година. Заради таквиот обем на работа Владата ангажираше и поголем број експерти кои професионалци се вклучени во подготвувањето на законските проекти, а што но претставува и гаранција за валидноста на тие документи.

Почитувани пратеници,

Во стопанскиот систем Владата ќе предложи такви промени ќе овозможат негово функционирање врз основа на принципите и стандардите кои важат за развиените стопанства. Основните цели за приклучување во светските трендови на технолошките промени; дување на стопанските субјекти од непотребните спреги со органи; ослободување на иницијативноста на поединецот; на стопански систем чија главна карактеристика е слободниот натпревар, демонополизација на

стопанството и систем кој ќе овозможи динамизирање на стопанските текови.

Сопственичката трансформација претставува клучна задача, Владата ќе предложи соодветни републички закони и други акти со кои ќе се регулира оваа област. Ќе се настојува, трансформација да се доближи до поединецот, граѓанинот, независно од тоа на кое место работи, независно од неговата позиција на работното место. Во купувањето на акции треба да учествуваат сите граѓани на Македонија и со тоа да станат вистински сопственици на еден дел од општествениот капитал.

Со тоа ќе јакне иницијативата во претпријатието и пореално ќе се дефинираат развојните правци.

Се определуваме да се приватизира што поголем дел на стопанството, од сите гранки, што сепак не треба да значи приватизирање на с§ и сешто, без никаков критериум и без оглед на значењето на определена гранка за стопанството на Македонија. Затоа, во оваа фаза, ќе бидат исклучени од приватизација организациите од инфраструктурен карактер и овие кои се во монополска положба, се додека не се обезбедат услови на конкурентност и делување на пазарната законитост.

Составен дел на трансформацијата на сопственоста е и институцијата концесии: Владата ќе предложи закон со кој ќе се регулира давањето концесии на странски лица за експлоатација на некои природни богатства во Републиката и за користење на стопански субјекти и објекти од надградбата и инфраструктурата.

Посебно ќе бидат стимулирани концесиите во енергетски,сообраќајни, туристички и угостителски капацитети.

За конечното оформување на концептот за трансформација очекуваме и вклучување на одделни меѓународни консултантски организации и во Македонија. Исто така,во релативно краток период треба да биде отворена и берзата на хартии од вредност во Републиката, како еден од основните предуслови за заживување на пазарот на капиталот и овозможување објективни критериуми л услови за извршување ва чинот на трансформацијата на сопственоста.

Во Програмата за трансформација на сопственоста активно ќе бидат вклучени и Агенцијата за преструктуирање н развој и Фондот за развој, кои ќе се занимаваат со продажба на претпријатијата и за давање консултанти услуги на претпријатијата кои се заинтересирани за трансформација на сопственоста. Средствата ќе се употребат за вложување во хартии од вредност и за други вложувања во Програмата за преструктуирање на постојните претпријатија и за основање нови претпријатија, нови работни места.

Во областа на финансиската н фискалната сфера новите уставни решенија значат подигање на надлежностите на Републиката на ниво на целината, дезагрегирање на надлежностите на локалната самоуправа во општините надвор од управната сфера и определување на надлежности и средства што Републиката ќе ги пренесе на општината. Тоа претставува и неодложна потреба за утврдување на изворните Функции и надлежности на општината како локална самоуправа, а во тие рамки и дефинирање на нејзините приходи што треба да ги уреди Републиката.

Новиот концепт на даночниот систем, во основа, ќе го покрие оној сегмент што е врзан со квалитетните измени во условите за стекнување на добивка и нејзиното мотивирачко дејствување врз економската активност. Во тој контекст, е и улогата на даночната политика како алокатор на акумулацијата.

Промените во обласста на даночниот систем ќе придонесат за полесно вклопување на македонското ва југословенското стопанство и во светските текови на трудот и капиталот, односно вклучување во меѓународниот систем на економската интеграција.

Модернизацијата на постојниот даночен систем ќе се остварува и преку замена на постојниот данок на промет на производи к услуги, со данокот на додатна вредност (ВАТ), кој претставува основен вид на оданочување на потрошувачката во земјите на ОЕЦД, а посебно во земјите на Европската економска заедница врз чии критериуми го изградуваме даночниот систем и воспоставуваме кореспондентност со партиите од тој свет.

Владата ќе настојува, да се измени и досегашната фискална функција на Буџетот, со вклучување ка развојни и социјални функции и цели, при што од особено значеше ќе бидат интервенциите во стопанството врз претходно утврдени критериуми со соодветни прописи.

Во областа на монетарно- кредитната политика Владата ќе се залага за умерена рестриктивност и за воведување на поголема строгост и доследност во нејзиното остварување. Притоа, потребно е задржување на селективните кредити од средствата на примарната емисија, при што и понатаму приоритет треба да имаат земјоделските активности.

Можеме со задоволство да констатираме на тој домен ние за овие два месеца направивме радикален пресвет, дојдоа значајни средства кои се испумпаваат од примарната емисија и ги полнат средствата на нашето земјоделско стопанство. Бевме сведоци во програмата за сеидба, сега сме сведоци за откупот на житото, ќе дојде откупот на сончогледот и шеќерната репка. Тоа е една снажна инјекција за релаксирањето на нашето сиромашно село.

Ќе се обезбеди рационално и ефикасно користење на средствата на вишоците на приходите над расходите на Народната банка на Македонија и средствата на општествено- политичките заедници, а ќе започне и процесот на спроведување на санација на банките со користење на средствата на сојузно ниво, но и со алтернативна концепција, односно програма за спроведување иа процесот на санација на банките во Република Македонија, во која ќе бидат содржани и можните извори на средства кои Републиката ќе ги ангажира за санација на банките.

Во наредниот период, обезбедувањето на дополнителна акумулација од странство нема да се врши со кредитни задолжувања, туку, Владата ќе донесе прописи и ќе утврди Програма за стимулирање на вложувањата на капитал од странство во .стопанството на Македонија, врз разви форми ва заеднички вложувања, акционерски форми и други мешовити форми на вложувања. Ќе биде утврден и начинот ва оданочување ва странските корпорации во Републиката, при што ќе се настојува тие да бидат конкурентни во однос на земјите ва опкружувањето. Тоа секако ќе го овозможи и Законот за концесиите и даночниот закон. Во таа смисла ќе бидат предвидени и бројни специфични погодности за вложувања во одделни стопански дејности и посебно во програмите за преструктуирање на капитално- интензивните капацитети.

Почитувани пратеници,

Би сакал да се задржам и на секторските аспекти на развојот на стопанството на Република Македонија во наредниот период.

Преструктуирањето на индустријата останува основна определба на тековната економска развојна политика. Оваа задача ќе се остварува преку позабрзано менување ва структурата ва индустриското производство и

формирање на мали и средни претпријатија, со цел добивање на модерно,пропулзивно, флексибилно и високо доходовно и рентабилно производство. Носечки процеси ќе бидат ревитализацијата на постојните производствени програми, воведувањето на нови развојни програми и усвојувањето на нови технологии врз економски и технички докажани и профитабилни проекти. Врз овие основи ќе се настојува да се оствари постепено намалување на учеството на базно- суровинскиот комплекс (црната и обоената металургија и дел од базната индустрија) и класичните индустриски гранки (текстилната и кожарско- преработувачка индустрија) со истовремено поинтензивен развој на пропулзивниот сектор.

Врз основа на оперативни програми ќе се согледуваат . условите за активирање и реактивирање на капацитетите кои поради стечај или други причини не работат ("ФЕНИ", "Конзерваекспорт", Стакларниците и Кристалограверниците и друго) . Повторното активирање на дел од овие капацитети ќе биде условено од странски капитал во нивното финансирање или можностите на нашите претпријатија со сопствени сили да ги активираат овие капацитети.

Случајот сакаше да нашиот најголем објект кој стана политичка пародија во македонското општество врз политички одлуки да се затвора. Македонската влада даде поддршка и иницијатива да се појават слободно стопанските претпријатија на Македонија, несакајќи да даваме на тој домен странскиот капитал да вложува и да го црпи огромниот умртвен фиксен капитал, профитот и се смогнаа сили да се соберат нужните доларски средства и среќно го очекуваме на крајот на овој месец отпочнувањето на ФЕНИ во експлоатација со својата прва линија.

Во рамките на Програмата за изградба на електроенергетски објекти, уште во текот на оваа година ќе се создаваат услови за изградба на наредниот хидро- електроенергетски проект, а ќе се остварат активности за започнување со изградба на другите актуелни електроенергетски објекти кои ќе влезат во погон во наредниот среднорочен период. Ќе се започне и со гасификација на Републиката (прва етапа), а ќе заврши електрификацијата на преостанатите 28 неелектрифицирани села во Републиката.

Во областа на земјоделството, ќе се создаваат услови за постепена промена на производствената структура врз основа на рационалното користење и на компаративните вредности во Републиката. Нивното искористување ќе се засновува на претходно дефинирање на агрогеолошките реони и микрореони. Исто така, неопходни се и развојни извозни програми во областа на агрохомплексот за пласман на странскиот пазар на производи кај кои постои хиперпродукција.

Пред се организацијата на земјоделското производство за да се стави крај во прометната мрежа на дивите накупци кои го експлоатираат македонскиот чесен труд. Владата пристапи кон организирање на аграрна земјоделска берза врз чии критериуми објективно ќе се валоризира трудот на нашиот селанец и ќе останат сите оние подземни струења на разни прекупци, накупци и диви пазари кои ни одлеваат огромни стотици милиони динари вон од нашиот македонски простор. Земјоделската берза тоа мошне добро ќе го изрегулира и сите тие средства очекуваме некаде околу 1 милијарда нови динари годишно да останат на територијата на Македонија.

Во областа на градежништвото активностите посебно ќе бидат насочени кон изградба на модели за работа на градежниот пазар во Републиката и земјата. Ние имаме хипертрофирани капацитети градежни. Нашата инвестициона активност не е способна да го повлече тој огромен градежен капацитет. И вие во Програмата максимални напори чиниме да даваме простор на секоја иницијатива, да се конкурира на странските градежни пазари и можам со задоволство да констатирам веќе случајот што го спомнав со Израел, станбената програма за изградба, со Советскиот сојуз станбената програма за изградба, договорот кој е склучен со Италија за првиот хидроенергетски рецепт на Кадина Река кој чека само финансиска гаранција да отпочне. Се е тоа општ напор да се отвори простор на градежната оператива ва Македонија. Притоа станбената изградба која има спласнат дах денес претставува и очекува изградување на нови пазарни механизми. Средствата што претпријатијата ќе ги остварат со продажба на општествените станови во нивна сопственост и остварените средства врз таа основа ќе бидат нов стимулатор за инкарнирање на нова инвестициона активност на станбениот сектор а и на другите сектори во стопанството. Во програмата ние даваме јасна определба да општествените станбени фондови не соодветствуваат со политиката на кирии која е денес. Тие нужно треба да подлегнат на пазарните законитости на продажба.

**НИКОЛА КЉУСЕВ**: (Продолжение)

Таа продажба очекуваме да биде и партиципација од секој сопственик на стан. Под услов, во нашата програма оценуваме ако биде таа партиципација 10% од вредноста сегашна на станот, ќе се создадат неколку милијарди нови динари кои Ісе бидат добра инвестициона хипотека со која ќе може да стартува Македонија во нови проекти на станбениот промет а и други градежни активности.

Со посебно внимание во програмата потсетуваме на малото стопанство која во изминатите години еден благ развој, ќе се ослободи од сите преостанати административни пречки и ограничувања и ќе му се даде полна институционална и финансиска поддршка за непречен развој. Во оваа цел^ќе се формираат специјализирани финансиски консултатски и други деловни информативни центри н фондови со цел да го отворат просторот за нови проекти за пенетрација на малото стопанство. Ние не сме задоволни од регистрираните 10.000 малостопанствени фирми. Тоа се индивидуални, повеќепрометни, угостителски и други претпријатија. Ние пред се мислиме на она мало стопанство кое ќе се обрне кон производни програми, кое Ісе повлече поголема вработеност, кое ќе даде иницијатива за нова визија на развој. Тоа мало стопанство ќе биде сестрано поддржувано од нашата програма и токму тоа Ісе добие приоритет во нашата економска политика.

Врз основа на научните сознанија како приоритетни дејности за ревитализација и модернизација на постојните технологии во стопанството на Република Македонија се утврдуваат неколку значајни гранки кои се сега репресирани. Тоа се гранките, малку или повеќе кои доминираат кај нас во Македонија. И ние би сакале тие да добијат поголема поддршка во инструментите на стопанскиот систем како би се отворил понагласен

продор на нивното преструктуирање и технолошко иновирање.

Создавањето модерна пред се, индустриска структура ќе се обезбедува и преку воведувањето нови технологии, при што усвојувањето со примената или усовршувањето на новите домашни и странски технологии ќе се остварува, пред се, со поголема поврзаност на правните лица за развој на техниката и технологијата од Републиката со претпријатијата во земјата и странство. Во таа смисла ние веќе дадовме налог на сите наши претпријатија да разработуваат идејни скици и идејни проекти, да разработат свои отсеци за условите кои ќе ги понудат на странските претпријатија и брзо и ефикасно воспоставуваат контакти на партнерство. Странскиот партнер не бара само голи разговори и констатации, бара да се располага со јасни услови и критериуми под кои ќе сака да се вклучуваат ангажмани. Според тоа, сите земји што ги посетивме тоа го наметнуваат. И италијанските региони со кои имавме контакти, земјите во Јадранскиот базен, Турција тоа ја наметнува, Европа тоа го бара. Тоа од своја страна значи дека нашите претпријатија ќе се настојува да се истражувачко- развојниот сектор кој ќе биде поддржан и од владината програма за стимулирање на програмата, да се стават што побргу на услуга на стопанството како би можело да се разработуваат нови инвестициони идеи и тие да се пласираат на странскиот пазар како основа за партнерски договарања.

Од особено значење во нашата програма развојот на Републиката визави реализација на програмата за интегрален развој на вардарскиот слив. Тој крвоток кој што го спојува повеќе од 80% македонскиот простор произлегува од можностите да се вклучат низа активности, пред се акумулационите проекти хидро мелиоративните проекти системите

енергетски, туристичките проекти, поместувањето на просторот во демографското живеење итн. Со еден збор се создава нова визија на Македонија преку проектот на вардарскиот слив. Таа преокупација токму ја тераше Владата да формира и посебно Министерство кое ќе одговара со брзо оформување на Дирекција и Совет кои врз база на досегашните истражува&а и општи сознанија што ги имаме да го отвориме просторот пред светот за вложување на капитал на проектите на вардарскиот слив.

Почитувани пратеници,

Во областа на општествените дејности, Владата ќе создава услови за надминување на присутните проблеми и за забрзано оспособување на општествените дејности за ефикасно и квалитетно организирање и работа. Заради тоа, веќе од оваа година ісе започне нивното трансформирање преку промени на организирањето и управувањето и во системот на нивното финансирање. Ќе се согледаат можностите организациите од општествените дејности да се организираат во установи со различни видови на сопственост, за што погодности ќе се создаваат во системските решенија и со мерките на економската и развојната политика. Ова воедно ќе овозможи и различни основи во стекнувањето средства за финансирање на активностите што се остваруваат во установите.

Средствата што се издвојуваат преку придонеси и даноци за остварување на правата, потребите и интересите во областа на образованието, науката, културата, техничката култура, физичката култура, определени видови здравствена заштита, социјална заштита и општествена заштита на децата ќе се обезбедуваат преку буџетот на Републиката и ќе

се пренесат на управување и располагање на соодветните министерства. Установите од општествените дејности се повеќе ќе мора да обезбедуваат средства и преку партиципација на граѓаните при користењето на услугите. Со организирањето на установите во приватна сопственост ќе се обезбеди дополнителен импулс во развој на општествените дејности, ќе се изостри конкуренцијата, со што ќе се влијае врз квалитетот и ефикасноста на работењето на овие установи.

Во трансформацијата ќе се поаѓа од досегашниот обем на права, потреби и интереси^со ориентација за нивно целосно преиспитување, селектирање и сообразување со можностите на Републиката и со новиот начин на организирање и финансирање на општествените дејности.. Притоа, ќе се настојува да се растовари стопанството, а постепено ќе се зголемува учеството на средствата на населението.

Проблемите со кои сега се соочува образовниот систем, укажуваат на потребата од радикални реформски зафати во скоро сите негови сегменти. Основна ориентација на нивната стратегија на развојот на образованието е преминот од екстензивен кон интензивен развој, при што ќе се врши промена во структурата и организацијата на воспитно- образовниот систем и во содржината на образованието, во насока на растоварување на наставните програми, нагласено опфаќање на современи научни содржини, збогатување на наставните форми и методи и воведување на современа наставна технологија. Тоа,всушност претставува градење систем компатибилен на светските образовни системи, кој ќе биде флексибилен и отворен кон иновациите и кој низ различните форми на диференцијација ќе овозможи да се задоволат интересите и развијат способностите на учениците и врз таа основа изградување на профити кадри потребни за нашиот општествен и економски развој.

За остварување на ваквиот концепт на развој на образованието ќе се донесат закони за системот на образованието, ісе продолжат активностите за рационализација на мрежата на основните и средните училишта и на вработените кадри во нив, веќе за наредната 1991/92 година, а во 1992 година ісе се пристапи кон изработување на нови наставни планови и програми за одделни видови и степени на образование.

Поголем дел од промените во образованието ќе се остваруваат како долготраен процес што ќе започне уште оваа година. Тоа ќе биде процес на изградување нов, современ систем што ќе обезбеди квалитетно образование.

Свидетели сме на хипертрофија на образовната мрежа во Македонија која е вон од контекстот на можностите материјални на Републиката. Тој екстензивен начин на ширење на образовната мрежа во сите степени на образованието, пред се нашата намера е во Програмата да го заштитиме основното образование кое е уставна и законска обврска. Другите форми мора да се усогласат со материјалните можности затоа што констатираме дека скоро 30% од републичкиот буџет одат само во системот на образованието. Тоа е неподнослив товар врз слабите плеќи на македонското стопанство. Тука мора да има радикални пресврти во мрежата на средните и високо образование, да се доближат оние потреби на профили на кадри кои ги бара 21-от век да се простиме од предмети и наставни програми кои повеќе ја тровеа свеста на детето со разни идеолошки догми, а да се свртиме кон онаа област на науката и оние видови на профили на -кадри со кои стопанството е дефицитарно.

Развојот на <u>здравствената дејност</u>, в. наредниот период, ќе се остварува со радикални промени во организацијата и Функционалната поврзаност и поделба на работата на сите нивоа на здравствена заштита, со примена на современи методи на лекување и рационално користење на опремата, капацитетите, поголемо и адекватно користење на градбите, со што здравството ќе стане прифатливо и економски подносливо. Ќе се врши континуирана едукација и усовршување на кадрите, што ќе овозможи доктринарен пристап во лекувањето, трансфер на нови знаења и можности за поширока достапност на добиените резултати.

Посебно внимание ќе се посвети на остварувањето по« забрзан развој на превентивната и примарната здравствена заштита и на развојот на службите за»нега и лекување во домашни услови.

Во наредниот период ќе се обезбедуваат различни основи за <u>здравствено осигурување</u>. Врз принципите на класичното здравствено осигурување, сите граѓани задолжително ќе се осигуруваат за определено ниво на здравствена заштита, а доброволно ќе влегуваат за други здравствени услуги. Тоа е пракса кое современиот свет денес го има. Ние на сметка на основната превентивна заштита која е испод стандардот создадовме некои надкомфорни услуги за поединци, а на тој начин со непокриена партиципација. тоа се од своја страна значи ќе се изврши една јасна определба, се она што е врз доброволна, натстандардна, најкомфорна услуга мора да има посебно осигурување и мора финансиски да се партиципира.

Тргнувајќи од состојбите во демографските движења, тој болен проблем во нашиот македонски амбиент Владата во наредниот период се презема мерки и активности за доследно проведување на резолуцијата на популационата политика во насока на создавање услови за намалување на наталитетот порамномерна разместеност на населението и воопшто

усогласување на демографскиот со социјалниот и економскиот развој на Републиката. Притоа ќе се продолжи со доградбата на инструментариумот во популационата политика, со што ќе се обезбеди прирастот на населението во Републиката да се остварува со стапки карактеристични за цивилизираните општества, а пред се, со стапки кои одговараат на материјалниот развој на Републиката. Ние ќе изградиме механизми и инструменти преку сите законски регулативи да воспоставиме хармонија на развојните прописи во демографската и популационата политика. Тоа е цивилизацискиот позив гој ни се упатува од Европа и светот. Не може Македонија да биде со азиски процеси на демографска популација. Тоа е неодржливо на нејзината економска структура и способност.

Остваруваа>ето на продуктивното вработување во наредниот период^ ќе биде во непосредна зависност од реализацијата на мерките на економската и развојната политика насочени кон производно преструктуирање и кадровско освежувања на стопанството. Владата ќе се ангажира во. утврдување на нов приод и концепција во вработувањето сообразена на пазарните услови на стопанисување. Суштината на овие промени ќе биде конкуренцијата во процесот на пополнување и задржуван>е на работните места, губење на монополот на работното место на секого, од куририот до претседателот на Републиката. На никого не му е дадено место. Тоа значи поголема мобилност да се докаже со својот квалитет, флексибилност во вработувањето во новите развојни програми, а пред се тоа значи дека стално треба да се докажуваш со својот квалитет да го сочуваш своето работно место во условите на плурализмот на сопственост.

Толеранциите на така наречената општествена сопственост поврзани акции на вработување отпаѓа од програмата на Владата. На простор за ново видување на вработување, се заостривaат на вработеноста, но затоа се изградува нова етика, критериуми, нов однос и култура на доменот на вработувањето. Ќе исфрли на виделина оние кои се способни, трудољубиви, организирани и одговорни на своите работни места, кои носат крена своето работно место. На нив, се разбира широко ќе им орени вратите.

Се она кое ние денес го регистрираме околу 30% губење на работниот фонд на времето, како специфичен вид на криминал кој психолошката и идеолошката наслага на системот кој го мора да биде Фронт пред кој сите ќе бидеме исправени, | Парламент и ние како Влада и целото граѓанство да се градување на нов свет и нова политика врз објективни на вработување. Тоа значи ќе се воспостави пазар на единствен систем на информирање за понудата и побарувачката.

....сила. За оваа цел ќе се изврши трансформација на .....интересно организирање во обласtа на вработувањето, лик на организација за посредување при вработувањето ..... на принципот на осигурување од невработеност.

Со оглед на изразено сложените состојби во системот на пензиско и инвалидското осигурување, решенијата треба да ...преку преземање итни и ефикасни мерки за надминување на овие состојби, кои радикално кои ќе го променат пензискиот ..... подолг временски систем ќе обезбедат негово нормално функционирање.

Во рамките на вкупната приватизација на општествената сопственост, пензиските фондови постепено ќе се трансформираат во инвестициони фондови, со што ќе се создаде нов пензиски систем, базиран врз приватни пензиски програми, наместо сегашниот државен систем на пензиско и инвалидско осигурување. Тоа воедно ќе биде и крај некои 35 или 40 години да плаќа поштено од својот труд и доход во пензиските фондови, а дистрибуцијата нивна, "Питај бога" како е распределувана и на кој начин е управувана и денес констатираме дека тие пензиски фондови се испарени. Сето тоа не натера да одиме на изградување на нова филозофија на „пензиски фондови каде секој ќе ја поднесе својата одговорност и ќе врши контрола на средствата во таквите фондови. Тоа го работат низа земји во светот и нема причина ние тоа да не го направиме.

Ќе настојуваме на доменот на регионалниот развој да се остварува како интегрален дел на вкупниот развој во Републиката. Ние сме Република со силни економски диспропорции во поодделните региони, од мошне пасивни економски неразвиени општини до сега кои не може да ги задоволуваат елементарните егзистенционални услови за живот до поразвиени. Претпоставка е дека механизмите на државната регулатива на секторот на стопанството преку системот на локации, кредити, разни други видови инвестиции, даночниот систем ќе даваат олеснителни околности кој овој домен на неразвиените подрачја како би се покренала иницијативата за развој, а очекуваните ефекти ќе бидат подоцна. Ние влегуваме со едно свесно такво настојување кога би можеле да воспоставиме, колку толку една рамнотежа во регионалниот развој.

Почитувани пратеници,

Можеме со задоволство да констатираме дека меѓународниот углед и влијание на Македонија во овој момент, се такви какви што нашиот народ отсекогаш посакувал. Македонија е активен и рамноправен фактор кој на меѓународната сцена зрачи и дејствува со своето историско минато, партиципира во разрешувањето на југословенската криза и се здоби со исклучителен респект и секоја конструктивна балканска политика.

Во современите европски интеграциски движења и перспективи, Македонија ќе настојува активно да биде вклучена во сите облици на соработката на регионите, а веќе беше домаќин на средбата на лозарските и динарски региони на Европа на која учествуваа низа земји од Европскиот континент.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** (Продолжение)

Регионите ќе претставуваат се позначајна компонента ва стопанската и култура соработка во рамките ва трендовите ва европската интеграција. Но и се позначајни облици во сферата ва екологијата, туризмот, развојот, ва некои традиционални нои нови стопански гранки, како што е ва пример идејата Крушево да ставено бесцаринска зона. А, нашата идеја е после донесуван>ето на референдумот и донесувањето на Уставот на Републиката Владата на Републиката ќе разработи законска основа да ја прогласи територијата ва Македонија без царинска зона од една страна и Декларација и дека таа ќе биде неутрална република.

(Аплауз)

Во економска смисла, тоа е една нова шанса за соработка и развој. Но Македонија мора да го задржи, а на многу сектори и да го унапреди своето присуство на пазарите во Европа и светот. Промените во земјите на Источна Европа за нас не смеат да значат изгубен економски простор. Односите со овие земји и конкретните стопански партнери треба да се унапредуваат врз нова основа. Реално е да се очекува дека стопанствата на овие земји во преодниот период, исто како и кај нас, неминовно ќе бидат<упатени и на своите поранешни партнери. Конечно и во географска и во стопанска смисла, влегувањето во Европа нема да се оствари само преку или со нејзиниот Западен дел, туку и Среден и Источен дел.

Македонија се залага за сестрана и плодотворна соработка со сите балкански соседи врз платформата на остварување на заемните интереси и потреби. Затоа, Владата ка Македонија ја декларира целата своја подготвеност за дијалог и унапредување ва соработката и.... на Балканот во зона на мир, пријателство и просперитет. Во таа насока нашата Влада и

Претседателот н Републиката веќе и работи . Подготвени сме за контакти со владите на сите соседни земји за унапредување на соработката и за спорните прашања.

Притоа, непоколеблива е вашата грижа за положбата на деловите на македонскиот народ во соседните земји, за почитување на стандардите на ЌЕБС за човековите и малцинските права. Мора да престанат сите облици на дискриминација и да се овозможи легализација на дејствувањето на друштвата и здруженијата на Македонците во Албанија, Бугарија и Грција. Очекуваме дека во Албанија нивните права за почеток барем, приближно ќе дојдат до нивото на она што Албанците го уживаат во Македонија. Имаме постигнато и согласност со Албанската влада. Легализирањето на ОМО "Илинден" во Бугарија; непреченото културно и политичко- организирање на Македонецот во Егејска Македонија се единствената потврда ќе мора да дека и овие земји одат политика врз европски стандарди.

Владата на Македонија е против сите царински и други пречки на границите кои го оневозможуваат слободното комуницирање на Македонците. Тоа произлегува од принципиелната позиција на Македонија во прифаќањето на универзалните меѓународни норми и стандарди.

Во однос на македонските иселеници во дијаспората, Владата ќе се залага за соработка со сите иселенички асоцијации и за привлекуваа»е на капитал во Македонија и користење на капиталот и претпријатијата на Македонците за извоз на стоки и слично.

Во таа насока треба да се сестрано поддржува и македонската автокефална црква чии црковни општи во дијаспората нужно треба да изигриваат сврзно ткиво со својата мајка земја и  во тој домен Владата ќе

дава широка поддршка во остварувањето на таа програма.

Напоредно со тоа Владата конкретно ќе дејствува во рамките на ЌЕБС, ќе се обезбедат квалитетни подготовки за Москва. Македонија се подготвува и за настапот во европските и светските движења за мир, човечки права, екологија, итн.

Оттука, не може да има на Европскиот континент било какво меѓународно среќавање а да не е претставена Македонија како таква.

Господине Претседателе,

Почитувани пратеници,

Тоа во кратки црти беше основата на програмската ориентација во работењето на Владата во наредниот мандатен период.

Тргнувајќи од оваа програма, , ќе се изврши операционализација на задачите со што ќе се определат актите и активностите кои треба да се остварат, носителите и роковите за подготвување и реализација на тие задачи.

Вие сте сведоци дека пред вашите раце произлегуваат низа документи што произлегуваат од оваа програма.

Мора да се има предвид дека идниот развој го носи тешкиот товар на обврски од сите видови потрошувачка извршени во минатото, што резултира во катастрофално неефикасен развој, кои треба да бидат враќани од крајно исцрпените можности за создавање на нова вредност во иднина. Големите износи на антиципирана потрошувачка од претходните две децении, за да се плати целосно социјалниот мир, ќе треба да се исплатат во оваа деценија, што ни претстои. Тоа е тешката хипотека и

тешката обврска пред која ќе се најде Парламентот, македонското стопанство и Владата ва Македонија. Ние сакаме отворено да укажеме на тие проблеми.

Во вака сложени состојби и проблеми објективните можности за пресврт во развојот ва Републиката на краток период се крајно ограничени, затоа тежиштето ва мерките и активностите на Владата на Република Македонија ќе биде насочено кон санирање на состојбите, сопирање на кризниот пад и воспоставуван>е рамнотежа како предуслов за натамошен економски и општествен развој на Република Македонија.

Мандатот ва Владата и реализација на нејзината програма за работа се совпаѓаат "со еден период кој според сите свои карактеристики и вистински историски пресвртници значи тежок во историски период. Во билансот на вредностите од историско значење е декларацијата ва суверенитетот и новиот устав кој се очекува, кој со што на најлегитимен и најавтентичен начин се потврдува државноправнаоста и меѓународниот статус на Република Македонија. Таа се афирмира како исклучително конструктивен фактор на разрешувањето на југословенската криза ва демократски и мирен начин. Во остварувањето ва својата, со уставот утврдена улога и функции во овој преоден период, Владата ва Македонија настојува да не биде повреден или загрозев ниеден витален интерес на Републиката до што доаѓа поради блокадите или неефикасноста на сојузните органи или како последица ва остварување ва едностраните акции на југословенскиот простор.

Меѓутоа, како што е иманентно на сите пресвртнички епохи,и покрај објективните вредности, се појавуваат инерцијата на старата свест и практика, исчекувањето наместо конкретното дејствување барањето на разно- разни “спасители" наместо брзо преструктуирање. Со еден збор, судирот меѓу новото и старото се испреплетува на економски и политички непродуктивен и нерационален начин, додека во емоционалната и социјално- психолошката сфера се уште персистираат ставови кои имаат големи аплитуди на осцилирање. Врз ова, меѓу другото, влијае и фактот дека предизборната политичка реторика не најде заеднички координати во еден неопходен политички и парламентарен консензус.

Меѓутоа, тоа што беше вчера оценка, ние синојка ја потврдивме, потврдивме дека постои консензус кај македонскиот народ изразен преку волјата на Парламентот.

Продолжувањето на политичките дуели и конфронтации во овие тешки судбоносни моменти, треба да ги замениме со продуктивни напори секоја пратеничка група, секоја партија колку што може да излезе во пресрет на програмата. Да отвориме простор на промени да се извлекуваме од оваа тешка економска криза и да создадеме стабилност кај нашиот граѓанин дека утре посреќно и побогато ќе заживее.

Владата на Македонија, решително тргнува од тоа дека стопанските и другите субјекти од Републиката не можат ниту премногу да веруваат, ниту да очекуваат од институциите и органите на историски веќе истрошениот југословенски федерален систем. Мора да бидеме свесни дека под површината на жестоките политички, национални и националистички конфронтации и борби на југословенскиот простор нашето внимание треба

целосно да биде свртено прво кон македонскиот интерес, а врз база на неговата ситуираност може да се воспостават односи, политички, економски, општествени, културни, научни и сл. Никогаш нема да се дозволи од страна на Владата да се потцени интересот на Македонија и македонскиот граѓанин.

Во таа смисла, секој конкретен стопански субјект во Македонија мора исто така да знае да изградува адекватна стратегија, да ги штити и остварува своите реални интереси. Тоа е и оној радикален пресврт што мора да го сториме во претприемачка, менаџерска смисла и маркетиншка смисла и нивните соодветни мотивациони психолошки амбиции. Македонија знае што сака и има јасна стратегија. Но, во расплетот на југословенската криза можни и се неочекувани појави и пресврти. Со сета сериозност треба да се смета дека влијанието на меѓународниот фактор нема да биде само глобално, ќе се настојува да се фаворизираат и одделни парцијални интереси. Ние токму зборуваме денес реално да го оцениме нашиот македонски интерес.

Затоа, на Македонија во овој момент и е неопходен максимум политичка толеранција и консензус како и откажување од тоа настаните што дневно се менуваат да се користат за дневен или предизборен рејтинг. Секоја испуштена шанса да го заштитиме или оснажиме нашиот национален и државен интерес, ниту сегашните ниту идните генерации нема да ни го опростат.

Благодарам.

(Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам mпретседателот на Владата на поднесеното експозе.

За збор се јави господин Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија констатира дека сложеноста на политичките, економските и социјалните состојби во Републиката, не ни даваат за право, политичките цели и задачи да ги поставуваме на нереални претпоставки и да се засноваат на непознавање на суштината на проблемите во Републиката. Затоа, проценката на реалната моќ на Републиката и нејзиниот потенцијал, е од суштинско значење за македонскиот народ и македонската држава и затоа смета дека, врз основа на таквата реална проценка треба да се градат патиштата за побрзо доближување до Европските стандарди на живеење.

РСМ Либерална партија смета дека во Европа и светот не можеме да комуницираме и соработуваме со воена, политичка или економска моќ, туку единствено и само со остварување на широка демократизација и приватизација во Републиката.

Основно средство во остварувањето на нашата основна неидеолошка политичка цел, развојот и прогресот, претставува ширењето на политичките и економските слободи и приватизација на општествениот капитал.

Политичките услови во Југославија укажуваат дека некои републики во друг правец го гледаат поврзувањето со Европа. Заради тоа, РСМ Либерална партија оцени дека Република Македонија треба самостојно да го заврши започнатиот процес на реформирање на својата државност. На тој пат основна задача на сите државни органи и граѓаните на Македонија е да се зачува Републиката како мирна и демократска заедница.

Поаѓајќи од претходните ставови се цени, дека Програмата на Владата за наредниот период оди во спротивна насока и наместо либерализација на вкупните односи и приватизација на општествениот капитал нејзината основа, претставува статизација и централизација ва политичката и економската моќ во рацете ва државните органи.

**НАЧЕЛНИ ЗАБЕЛЕШКИ**

Неспорно е дека на Програмата е вложен голем труд и напор за заокружување на еден концепт на владата кон актуелните проблеми во Републиката.

Во неа има многу интересни предлози^.кои се потребни во секојдневниот живот но истите не се просторно и временски одредени.

Желбата да се каже многу во програмата произлегува од пристапот кон документот. Во него многу повеќе е опфатен долгорочниот аспект на работата на владата.

Нема одговор на горчливите проблеми кои не чекаат одлагање и бараат итни мерки.

Поради обемноста на материјалот и отсуство на задачи од ургентен карактер Програмата повеќе наликува на научен труд отколку на програма за оперативно дејствување.

Програмата не се заснова на реални материјални биланси. Не се јасно назначени потребите на Републиката од една страна и нејзините реални можности од друга страна.

Поради тоа документот многу повеќе наличува на збир на желби отколку политика на можното во дадениот момент.

Владата не нуди споредбени показатели за тоа, каква е состојбата сега а каква состојба се оценува по преземањето на мерките кои се дадени во самата програма.

Во документот не е назначено што конкретно се сака, односно не се назначени целите што со документот се сакат да се постигнат, кои се приоритетните задачи а кои трпат одлагање и кој инструментариум на мерки не се употреби во остварувањето на приоритетните задачи. Не постои разграничување на краткорочни задачи од оние со подолгорочен карактер.

Уште на почетокот постои голема оградата во остварувањето на Програмата од причини што во неа се наведени голем број ограничувања.
Не е направен обид да се разграничат ограничувањата од субјективен карактер, од објективните за да се знае каде да се насочи активноста.

Така се стекнува впечаток дека уште на почетокот се бара оправдување за евентуалното неисполнување на програмата.

Во програмата не се истакнуваат стандардите врз основа на кои може да се прати остварувањето или неостварувањето на самата Програма. Отсуството на контролни механизми овозможува субјективно проценување на успешноста од извршената работа.

Во одредени области Владата зазема ингеренции кои се во надлежност на Собранието на Република Македонија и предвидува донесување на закони кои треба да ги донесе Собранието на Република Македонија.

Општ е впечатокот дека Владата го нема дефинирано својот однос кон Собранието на Републиката како законодавна власт. Со пренагласуван>ето на институционалните услови се стекнува впечаток дека институциите се основната причина за проблемите во Републиката. Меѓутоа, суштина за проблемите е во недефинираната платформа и насоки »а развој на Републиката, а институциите се само средства за побрза реализација.

Кон програмата ќе предложам и конкретни забелешки.

Со програмата не јасно дали ќе грдиме сопствен економски систем или мешавина со сојузната држава. Треба да се разграничи што ќе градиме на ниво на републиката а што на ниво на Сојуз на суверени држави. Од програмата не е јасен ставот на Владата по ова прашање, ное се очекува со донесените акти посебно по однос на сувереноста на Републиката дека Програмата во наредниот период, во делот на вградувањето на мерките ќе се надополни во тој дел.

Недефиниранност однос кон новиот економски и стопански систем не успева да ја насочи ниту трансформацијата на државата. Со програмата не е јасно како државата ќе се трансформира во стопански субјект. Напротив се повеќе на државата и се дава улога на орбитор. Пр. ја надгледува трансформацијата на општествената сопственост, финансира развојни програми на претпријатијата, ги контролира личните доходи и сл. Ова условува зголемување на трошоците за државата а не нејзина рационализација.

Со даночната политика не се дефинирани принципите врз основа на кои ќе се гради даночниот систем ниту основниците на кок ќе се врши оданочување.

Основниот проблем е да се избере концептот на даночната политика а се друго е прашање на техника.

Владата не нуди јасен став кон приватизацијата и работничкото акционерство, Не е понуден концепт на трансформација на капиталот, иако со самата Програма е зафатен доста голем простор.

Не е понуден модел за проценка на вредноста на општествениот капитал како услов за негова трансформација.

Исто така не е предложено усогласување и поедноставување на пресметковниот .....значајна обврска што сигурно ќе претставува една од

приоритетните задачи во една од мерките што треба да ги преземе Владата.

Не е јасно како ќе се реализира започнатата санација на банките иако во воведното излагање претседателот на Владата, д-р Никола Кљусев даде еден концепт кој треба да се доразработи заради тоа што во овој момент, во Републиката, а сигурно тоа ќе потрае и понатаму, ние немаме солвентна банка која може да стапи во деловни односи со странство. А, с% додека не се оспособи банкарскиот систем за такво стапување претпријатијата сигурно ќе бидат во грч во делот на односите со странство.

Растоварувањето на стопанството на краток рок не е разработено до крај. Предложените расходи во сите области повеќе стручно ги надминуваат приходите што реално можат да се согледаат. Истовремено, структурата на расходите не е во корист на стопанските субјекти.

Системот за стимулирање на странските вложувања во Републиката не е до крај разработен. Како дополнителна акумулација тие се повеќе од неопходност. Поедноставуваа>ето на даночниот систем и поголемите државни граници треба да бидат основа за поголемиот интерес за странски вложувања што денеска е една од основните пречки. Посебно делот за ризикот за вложување средства од странство.

Од програмата не е јасно кои не бидат основните платно- билансни позиции на републиката во остварувањето на извозната ориентација. На патот на осамостојување на Македонската држава приливот на девизи не биде основа на надворешно- трговското работење.

Истовремено изостанува инструментариум за стимулирање на домашните извозници.

Предлози од РСМ Либерална партија што се во склад со самиот материјал денеска, посебно самата Програма која што е во функција на тоа низ расправата, низ сумирање на вкупните забелешки и предлози се доизгради, затоа РСМ Либерална партија даваат посебен свој придонес во делот на вградување на конкретни предлози.

Во овој период најважно прашање за секој стопански субјект и секој граѓанин е како да се преживее.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Најважно прашање за секој стопански субјект е да преживее. На патот на преживување и доколку се решат секојдневните проблеми ви претпријатијата ликвидноста, девизниот пазар, исплатата на личните доходи, пак не постојат изгледи за поголеми развојни перспективи. Затоа Реформските сили Л.П. смета дека повеќе од неопходни ни се радикални промени во Македонското општество, што посебно во воведниот збор претседателот на Владата ги потенцира. Првичниот придонес на Либералната партија на овој план е со следните предлози;

1. Сите странски вложувања да се ослободат од данокот на промет во рок од 5 години. Чувме по прогресивен предлог, сигурно посебно во делот на она што претседателот на Владата го предложи и Предлогот за Македонија за безцаринска зона, но сите тие стимулации се во функција на приближување на Република Македонија кон светскиот капитал.

2. Да се заштитат плаќањата во странство. Прв чекор би бил формираше банки со домашен и странски капитал како друштва со ограннчена одговорност. Ова е една од обврските која што сигурно е приоритетна и добивање на довербата на просторот во Македонија.

3. Да се анализираат вкупните односи со секоја република поодделно исто како што се прави за надворешно- трговското работење. Разружувањето е неопходност, но чистите сметки треба во секој случај да се квантифицираат, и низ таквите квантификации да се заштита и интересите пред се економски во Републиката.

Исто така да се воведат билатерални разговори со Владите на другите републики за заштита на имотот на претпријатијата и граѓаните во другите републики и регулирање на платниот промет.

4. Легализирање на штицунгот на девизите и воведување на пазарот ва девизните побарувања. Една работа што е присутна во Југославија повеќе години, но на просторот на Македонија тешко се остварува, а тоа е пред се цената на капиталот што на одреден начин е нужност. Сметам дека треба да се легализира заради тоа да се обезбеди простор за да можат претпријатијата да ги остваруваат своите увозни потреби, посебно за оние претпријатија ЈСОИ што се увозно И извозно зависни.

Штицунгот на девизите и воведување на пазар на девизните побарувања. Воведување на систем на републички извозни стимулации и премии.

Конкретни предлози што беа и во воведниот збор на претседателот на Владата, посочени, а само се уште една потврда, се работи веќе стручно на оспособување на кадар за отворање на ефектна берза и со тоа посебно да се пристапи кон барање на стручна помош по однос на овие дејности зашто во Републиката не постојат практични досегашни искуства од институциите кои што се во развиените земји.

По прашањето на уставот што треба да го добиеме во Нацрт, сигурно дека треба да се воспостават и одредени контакти посебно да се побара помош, стручна помош од Европската заедница, за која што имаме одредено сознание дека нуди и бесплатна помош во делот на уредувањето

на новите односи посебно во социјалистичките земји кои што сигурно со години, имајќи одреден систем не се во можност ни кадровски доволно да пристапат кон трансформација, сопствените односи во нови пазарни услови на работење. Од тука и сугестија да се пристапи кон обраќа&е до Европскиот Совет заради барање на стручна помош во делот на што подобро дефинирање на уставните наши одредби.

Исто така уште една стручна помош што треба да се оствари а тоа е по прашањето на демографската политика на која што исто така претседателот на Владата ја посочи и доста добро ја образложи, но во секој случај треба да се бараат и почитуваат европските стандарди посебно во демографската политика.

Заштита на вработените кога претпријатијата одат под стечај да ја преземе државата. Ова е конкретен предлог и сметам дека во иднина мора да се пружи една гаранција во оваа трансформација на претпријатијата за заштита на оние кои ќе останат без работа биде преземена од страна на државата и се обезбедат потребните средства за една таква заштита.

Да се приватизира нафтената индустрија со учество на странски капитал. Конкретен предлог кој што бара и стручно и сигурно посебно ангажирање на Владата со нафтената индустрија во Републиката која што треба да се насочи на привлекување на странски капитал, бидејќи е сигурно една од гранките која што во светот сега е и најинтересна за странско вложување.

Апел до сите да се спречи милитаристичката опција во Републиката и земјата и решавање на проблемите по мирен и демократски пат.

На крајот во име на Комисијата за стопанство би предложил Извештајот на Комисијата да биде прифатен од страна на пратениците, односно од Парламентот со тоа што уште еднаш ќе потсетам на една обврска, за која што Комисијата повеќе раслраваше и по програмата и во делот на обврските што произлегуваат тековно па сметам дека со едно такво дополнување ќе дадеме една обврска, перманентна на Владата за преземање на неопходните мерки. Па оттука и последниот став на Комисијата во Извештајот предлагам да претрпи одредена измена која што ќе биде во тој правец. Врз основа ва водената расправа поддржувајќи ја програмата за работа ва Владата во мандатниот период и поаѓајќи од настаните кои се случуваат во земјата и придонесоа состојбата во стопанството во Републиката да е крајно критична, Комисијата предлага Владата ва Републиката до крајот ва месец јули, тоа беше 17 јули кога се расправаше, да донесе мерки за функционирање ва стопанството во новонастанатите вонредни услови. Тоа до крајот ва јуни веќе е надминато, да се промени да стои "перманентно Владата да презема одредени мерки што ќе бидат во согласност со новонастанатите вонредни услови ва стопанството". За таквите мерки вие пратениците редовно да бидеме известувани. Се бараат и одредени мерки кои што имаат и таков итен карактер затоа што сега во овој процес ва раздружување се користат сите методи и начини за остварување ва одредени подобри предности во евентуалното здружување со шесте републики.

На крајот ги поддржувам Предлог- заклучоците кои што ни беа пред самата седница доставени и сметам дека со овие забелешки што беа дадени и со квантификациите што очекуваме да ги добиеме од страна на Владата, ісе можеме уште еднаш да се произнесеме со квантификациите заради остварување на силите кои што Владата ги има односно за мерките што Владата ќе ги презема во мандатниот период.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Симон Наумоски.

**СИМОН НАУМОСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници и останати присутни на седницава,

Денес пред нас имаме на расправа добар материјал, стручно студиозно и одговорно работен, работен на една претходно добро искристапизирана визија за решавање на присутните економски тешкотии во Републикава остварување на неопходниот нејзин развој.

Во програмата опфатено е секое подрачје од економскиот живот, предложен е концепт за решавање на секој проблем и ако се се реализира онака како е зацртано и најбрзо и тоа сметано само ако владеат нормални прилики во Републиката, има голема гаранција дека многу присутни проблеми на економски план во Републикава ќе отпочнат да се разрешуваат и постапно ублажуваат.

Најважен момент на оваа програма, а тоа се гледа и од Програмата на мерки на економската политика за 1991 год. и тоа во нејзиниот воведен дел која и е објавена во јавноста порано, е тој што Владата има сосема прецизна и исправна процена на состојбите во Републикава, има искристализиран став за сета потрошувачка во однос на тоа да таа мора

конечно и најитно да се стави во рамки на средства кои може да ги обезбеди доходот и акумулацијата на републичкото стопанство што е еден од основните предуслови за излез од состојбите кои ги имаме на економски план и кој излез, мора сите да сфатиме конечно, ќе биде пропратен натаму со уште покрупни тешкотии, зголемена невработеност, зголемени социјални немири итн.

Деновиве често се слушаат повеќе забелешки по програмава како: доста е опширна, доста е теоретски поставена, не е целосна и комплетна како треба да биди, не е детерминирана и т.н. . Да се разбереме, никој не може и не е способен да изготви ваква осетлива опширна програма, со таква содржина и квалитет која ќе погоди и задоволи вкусовите на сите нас. И настаните кои се одвиваат секојдневно кај нас со вратоломна брзина релено не овозможуваат да се постигне тоа.

Владата клучот на успехот за излез од состојбиве во Републикава го гледа пред се во сопственичкото преструктуирање исто како и тоа го има дефинирано СИС. во својата тековна стопанска реформа. Јас тоа го прифаќам само како едно од најклучните прашања во реформата али воопшто не го прифаќам и за најважно во подолу во своево излагање и ќе покушам да го потврдам што ми е основната цел на излагањево.

Во врска со програмава, морам да укажам на два посебни моменти кои по мене се исклучително важни во моментов.

<u>Прво</u>, ми се чини дена одвивањето да настаните во Републикава пред се на економски план, ја затекоа програмава, односно, настаните како да одат испред, побрзо во однос на мерките кои ги превзема Владата, како конкретни мерки по оваа програма. Ми се чини приметно се касни со зафатите ...како да доста време и недостасува на Владата да со прописи и мерки ги стаса и го спречи одвивањето и развојот на негативните трендови на економски план во Републикава.

Не верувам да за сето ова што го реков е исклучиво крива само Владата. Криви сме и сите ние во Парламентов кои седницive, во изминатиов период, ги оптеретивме со сосема поспоредни работи од економските, а пред се со проблеми од политичка природа кои сигурно можат, дел од нив, да почекаат за рв1аван.е и подолго време.

Затоа барам и апелирам до сите кои овде седиме, молам, и незнам на каков друг начин да се обратам, да сториме одма се да и овозможиме сосема нормални услови за работа и активност на Владата на определбите од програмава, значи на економските прашања, се со цел да со ова зацртано одма се пренеси во живот практично, со прописи и мерки во секојдневниот живот на стопанството во Републикава, за да конечно се <u>сопри</u> токот на одењето кон амбисот, кон големата сиромаштија на сите во Републикава за да потоа се крени во правец кој ќе значи стабилизација.

<u>Второ</u>, кога е читав програмава, претходно е замислив како еден план на сеопфатна офанзива, која одма треба да отпочне да се одвива. По читањето увидов да скоро сите проблеми се лоцирани точно, но за жал не може да се добие дојдам од нејзе за редоследот на зафатите, односно да се извлече заклучок за определбата на Владата за тоа кој а по незе,

клучниот проблем, најголем, најважен, столбот на проблемите врз кого примарно треба да се стартува за разрешување. Практиката покажала и докажала да фронталната активност на сите подрачја, касите проблеми нема да ги даде очекуваните резултати, барем за почеток.

Во делови од програмата стои да клучот на успехот треба да се бара пред се во успешното извршување на сопственичката транс формација, што јас, како и реков погоре, воопшто не го прифаќам.

Јас клучот на успехот за излез од исклучително тешката економска состојба во Републикава го гледам пред се и примарно, во итното преземање на секакви организирани мерки и активности со кои ГАРАНТИРАНО во наредниот период ќе се обезбеди.

ПРОМЕТНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ кој мора до крајот на оваа и во наредните години сигурно и постапно, редовно, да оди во нагорна линија и постапно да се приближува до границата која ќе значи целосно покривање на увозот со сопствен извоз.

Јас проблемот на интензивиран>ето на извозот го гледам како најклучниот проблем кој одма треба да почне да се разрешува и потоа да се оди на се друго. Во зголемувањето на извозот брзо го гледам целокупниот успех на оваа така да ја наречам Македонска економска реформа.

Мора да сфатиме дека е неможно денес да се залагаме за влез во Европа, без редовно и систематско користење на суровини и најмодерна опрема од целиот свет без потполна либер0лизациоа па увозот а за се тоа се неопходни девизни средства кои за жал оваа Република од поодамна ги нема во задоволителен обем.

Оној кој нема и не може да обезбедува девизи со сопствени производи, секогаш по било кој основ ќе биде трајно зависен и потчинет од друг.

Ако се определивме да оваа Република е излечиме од оваа состојба и внесеме во групата на држави со пристоен стандард и живот без осцилации какви сега ги имаме, тогаш никогаш тоа не ќе можеме да го оствариме без сопствено редовно обезбедување на девизни средства.

не сум убеден да сите Вие, целосно ќе се сложите со ова мое гледање, оваа моја определба, што и нормално го очекував,

Затоа ќе покушам со повеќе факти, со податоци, и да го потврдам ова мое гледање, оваа моја определба после што очекувам поинакво размислување и определба кај сите вас. Се надевам да после свие факти кои ќе ги изнесам, ќе можеме да се определиме на кој проблем прво доминантно одма ќе ја усмериме сега заедничката активност во Републикава.

Еве ги фактите и податоците кои одат во прилог на оваа моја определба:.

1. Република Македонија е најзадолжена република во ЈУ, натпросечно задолжена, со степен на задолженост 20.3% во однос на просекот во ЈУ од 17%.

И покрај барањето кое го изгради ова со... пред неколку месеци да се бара од Сојузната Скупштина да оваа презадолженост се растерети и олесни со давање ни помош од другите републики, веќе сосема е јасно дека тоа да се очекува, во денешни услови на состојба во ЈУ, е сосема нереално, односно е утопија

Овој проблем на девизна презадолженост по се изгледа целосно ќе остани сами да го решаваме во наредните години, а за тоа воопшто нема да ни биде лесно, со овој обем на извоз кој денес го имаме, во последниве години кој ни оддалеку не е доволен за тоа. Ако се остани на овој обем на извоз кој досега го имаме сосема е сигурно дека нема да има никакви можности за излез од овие денешни тешкотии,

2. Република Македонија со состојба 31.12.1990 г. должи околу 813 милиони $ од кои веќе во оваа година треба да се отплатат повеќе од 150 милиони $ само на име отплати према странство и тоа до крајот на годинава.

Покриеноста на увозот на стоки со извоз е околу 70%, а на ниво на федерација негде околу 90% , по податоци од првиот квартал нао.г. па и за минатата година, слично е.

Во ланската година, во СРМ. увозот према извозот беше 2:1 приближно, што значи да Македонија потроши двојно повеќе девизи за увоз со користење на девизи од други извори односно надвор од Републикава во однос на она што го обезбеди со свој извоз и прилив на девизи од услуги и од друго.

Ваквиот поволен тренд на трошење на девизи како мината година натаму воопшто е нереално да се очекува, а пред се од причини што веќе е во тек процесот на разоружување и е во примена и новата Шок терапија од СИС по која знаеме какви се мерки ќе се превземаат и какви се последици по стопанството во Македонија ќе се добијат во следните месеци.

Према состојбите кои денес ги имаме во стопанството во Републикава, очигледно е дека имаме високо зависно стопанство од репроматеријали кои се увезуваат па према тоа и редовно му се потребни девизни средства за нивно обезбедување.

Недостатокот или нередовниот прилив на девизни средства за обезбедувањето на репроматеријали директно ќе влијае на натамошниот пад на индустриското производство, врзано за тоа пад на општествениот производ, раст на загубите и стечаите, испуштање на работници, недоволен прилив на средства во социјални немири итн., настани кои никој не ги сфаќа сериозно.

4. Воопшто е нереално, да до крајот на оваа и наредната година се очекува помош на овој план од Белград а од следните причини:

- од нефункционирање на Скупштината,
- од политичките настани во Југославија.
- од тотално слабиот прилив на девизи од туризмот во о.г.
- од немањето прилив на девизи од дознаки на нашите граѓани во странство,
- од неисполнувањето на планот на а прилив на девизи од услугите,
- од неуспехот, што е и најважно, да се потпишат спогодбите со ММФ,, со членките на т.н. Париски клуб и другите финансиски светски институции од кои се очекуваше вкупна финансиска помош на ЈУ. во граници од 3-4,7 милијарди долари, а што пред се поради крвавите настани во нашата земја тоа не се оствари.

Према тоа треба да се очекува живот и работа во исклучителен недостаток на девизи во работењето, а последици што ќе ги сноси ги знаеме. Ќе бидам пресреќен ако редовно натаму обезбедуваме нафта за потребите на Републикава.

5. Со последниот потез на Сојузната влада за. воведување на "Шок терапија" се спречи да девизните резерви на земјата се сведат на нула, али спротивно на тоа со нив е донесена одлука Народната банка на ЈУ. воопшто да не одвојува и дава девизи на банките за увоз на репроматеријали за потребите на стопанството. Останува да се обезбедуваат девизи за увоз, само преку остварување на нов приметно зголемен извоз далеку поголем од оно,ј кој досега го оствaруваме. Со овој потез ќе обезбедува репр. материјал од увоз само оној кој ќе им .и зголемен и редовен девизен прилив од сопствен извоз.

Со оваа "шок терапија" веројатно целосно ќе се укинат и динарските стимулации на извозот ќе има и недостаток на динарски средства од примарна комисија бидејќи сета маса ...емисија, освен за откуп на .... се задржува за потребите

6. Према некои незванични информации, Македонија подолго време, за пласирана роба надвор од нашава Република, побарува два пати повеќе динарски средства отколку што должи.

Се работи за вишок побарувања од 5 милијарди дин. а уочи нова година и тие беа негде околу 3 милијарди.

Може секој да пресмета колку од нив Република Македонија изгуби со девалвациите, еднаш 30% а другиот пат 45%, а колку уште ќе изгуби со веројатна и трета девалвација која може да дојде.

Се поставува прашањето, дали не беше далеку подобро и не е подобро да од оваа роба додека во другите републики и која не е платена додека да се дадеше во извоз и со пониски цени од што веќе ќе имавме и:

- приметна маса на нови девизи, и

- свежи финансиски средства однадвор кои ќе беа досега во оптек што ќе значеше нов квалитет во работењето на стопанството денес.

Сигурно ако дел од оваа роба се дадеше во извоз нема да се изгуби онолку колку на побарувањата, од домашниот пазар се изгубени со девалвација и финансиската недисциплина.

- Одејќи упорно на зголемување на извозот неопходно и присилно, ќе се врши и систематско подобрување на квалитетот на производите, така неопходен за натамошното работење на стопанството.

8. Со зголемување на приливот на девизи ќе се обезбедат и услови за купување на опрема од увоз за развој и преструктуирање на стопанството. Без девизи, нема да биде тоа остварливо. Решавањето на ова прашање со странски кредити во моментов е под огромен знак на прашање.

Со интензивирање на извозот, ќе се одржува и производството ќе се спречи падот и ќе се овозможат реални услови за негово постапно интензивирање,

10. Со определбата на извоз, ќе бидеме многу повеќе присутни на странските пазари, што ќе има посебно значење за идниот развој и усмерување на истиот во Републикава, и

11. Реално е да се очекува во наредните месеци и појава на нова монета во Словенија па и во Хрватска што за нас ќе значи ново комплицирање на состојбите во размената со нив, бидејќи тие најавуваат веќе со другите републики нивниот натамошен однос ќе се базира во поглед ва извоз увоз, ќе има и таков третман.

А извозот за кого зборувам да се интензивира, клучот ва успехот лежи во носењето ва итни посебни републички мерки за ново, накнадно стимулирање ва извозот, негово надвор од стимулирањето по сојузите прописи со цел предуслови за приметен интерес на сите субјекти за остварувањето ва оваа крупна задача.

Изворот на финансиски средства за нови стимулации неопходно е брзо да е изнајде и законски регулира. Во сите свие захвати да се вклучи и Стопанската комора со која и со сето стопансково на Републикава заеднички, синхронизирано и организирано ќе се решава ова прашање.

И како трето предлагам по најприоритетните проблеми кои треба Владата да ги решава после преземањето на итни активности за интензивирање на извозот да се опфатат и следните.

а)- најитното расчистување на присутниот проблем поврзан со немањето точни показатели за финансиските побарувања и обврски на Република Македонија со другите Републики и покраини на ЈУ. и таа евиденција натаму редовно и точно да се прати .Одма да се изнајде прецизно и точно решение со кое ќе се обезбеди брзо и ефикасно решение за прибирањето на финансиските побарувања кои Републикава ги има од Словенија и Хрватска,

b)- одма да се дефинира прецизен став како ќе се одвиваат и во какви услови натамошните стопански односи и активности со Словенија и Хрватска, бидејќи таму се очекува пуштањето на нова монета. Предлагам работата со нив одма да се стави во размена на сооднос еден према еден.

c)- да одма се обезбедат услови да се заедничка и синхронизирана акција на Владата, со синдикатот, Комората л директор на Р.О. брзо се пристапи кон разрешувањето на проблемот со технолошкиот и економскиот вишок во претпријатијата.

Ова прашање раководителите на Р.О. - и не можат успешно и навремено да го разрешат без крупни, лични последици,

d)- да се овозможи, со сите методи и средства, да потполно се ослободи приватната иницијатива и со секакви расположив финансиски средства во моментов да се прати развојот на овие претпријатија, од мал и среден обем, и тоа само оние кои се со производна ориентација,

е)- потрошувачката за општо, општествените и заеднички потреби отпочни одма да се реализира онака како и што е зацртано во програмава,

f)- да Владата итно припреми мерки и активности со кои стопанството на Републикава успешно ќе се спротивстави на превземената "Шок терапија" на СИС и посебно на новата девалвација која е сосема реално да се очекува во следниот период,

g)- одма да се пристапи кон припреми на програма на мерки за економската политика која ќе се води во Републикава во 1992 и кој мора да биде донесена веќе во новембар о.г., и

h)- соодветното министерство при Владата заедно со врвните раководители на Републикава, Комората и раководниот кадар на градежните претпријатија во Републикава одма да пристапи кон изнаоѓање покрупни и подолгорочни градежни работи надвор од границите на Југославија како потез кој ќе значи пред се одличен извор на нови девизни средства подолгорочно.

Ангажирањето на градежни организации во странство може согласено, на ниво на Република, да се врши и со цени кои би имале сосема скромни калкулативни ефекти.

Дел од изгубената, планирана или очекувана добивка од овие работи во странство, може договорно или со препис да се надокнадува од претпријатијата во Републиката што се зависни од увозни репроматеријали. Со ваков потез може со сигурност да се очекува оживување на производството.

Сите овие зафати ги сметам како клучни, брзи и доминантни активности што треба одма да се става во практична примена.

На крајот сакам да го речам и следното:

Сопственичкото трансформирање во Републикава може да се одвива и натаму како долгорочна определба, але без да се дозволи негово негативно влијание врз сите други потези.

Сите претходни зафати кои ги спомнав веќе требаше да бидат во целосна практична примена без да за нив се работи и разгледа на посебна програма, како оваа која денес е имаме на дневен ред.

Најштетното во моментов за Македонија на економски план е непотребното чекање и губењето на драгоцено време ка многу долги расправи за вакви документи кои и ако се усвојат не можат да бидат трајни и непроменливи. Времето и настаните ќе влијаат врз потребата за чести корекции на поодделни делови од нејзината содржина што е сосема нормално за вакви зафати.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, добро е што конечно дојдовме да распраавме за вакви прашања од кои што дефакто ќе зависи нашата живеачка.

По четири месеци еве ја имаме програмата од Владата која што требаше да ја добиеме, бидејќи материјата е мошне широка, јас би поминал веднаш што се вели медијарез. Прво што мислам дека е добро во неа. Понудена е на прегледен начин. Секое подрачје озаглавено е со наслов, поднаслов, тие што не сакаат да ја читаат целата можат да се задржат на сопственото подрачје.

За ширината на проблематиката стои деветте страни не се многу, особено за тие што се платени да читаат, а ние сме платени да читаме.

Судејќи според насловите најголем дел од актуелните прашања се опфатени. На ниво на начелни стојалишта од озоглавените прашања успешно ги покажуваат правецот на општествената реформа или едноставно се на таа линија. Тоа повеќе отколку другото се однесува на назнаките за дообликување на политичкиот систем и за некои назнаки од стопанскиот систем/ во прв ред назнаките во врска со трансформацијата на општествената сопственост нешто помалку на таа линија главно за финансискиот, фискалниот систем.

Што е тоа, што по мое мислење ме задоволува. Се разбира, според моите гледишта.

Прво, сепак отсуствуваат јасно конципирани цели, јасни задачи, јасен начин и определено време за нивно извршување. Може да се каже дека за дел од нив од запишаното едноставно не се гледа кој ќе ги изврши, а

според начинот на кој што се презентирани повеќе од сигурно е дека не се функција на Владата, туку на самостојните стопански субјекти.

Од најавата во воведот гледаме дека оваа програма не е замена за среднорочниот план, тоа беше истакнато и во експозето на претседателот на Владата. Според тој заклучок, според таа најава можеме да кажеме дека Владата го става тежиштето на реформата на стопанскиот н политичкиот систем и на актуелните тековни прашања. Но откако ќе се мине текстот по воведот каде што ја читаме таа најава, тој впечаток исчезнува, бидејќи на прашањата на реформата на стопанскиот и политичкиот систем им се посветуваат 26 страници, а на стопанско развојните, сите останати до 109 станица, а назнаката е дека не е програмата дека е замена за тие прашања. Всушност од изложеното, без оглед на бројот на страниците сепак, не можеме да видиме во доволна мера кои конкретни зафати посебно кога и како ќе ги изврши Владата на Македонија, како во врска со одделни подрачја од измените на стопанскиот систем и посебно во врска со развојната и економската политика, иако има дебела ограда во врска со тоа прашање дека ќе биде третирано комплексно со среднорочниот план. Всушност, има доволно текст, но не и доволно конкретизирани задачи.

Трето, што е многу важно беше спомнато од господинот Георгиевски, од текстот на програмата не се гледа дали е тоа програма на Владата на Македонија како федерална единица во рамките на СФРЈ, дали е тоа програма на Владата на Македонија како самостојна држава како држава во рамките на Сојуз на суверени републики или како Република во некоја друга редуцирана асиметрична федерација таканаречена Југославија.

Ќе се согласите дека овој текст не може да биде одговор на сите тие политички солуции, па сепак повеќе аргументи говорат дека Владата смета и тоа прилично, на до скорешниот амбиент на формално- правното федерално уредување на Југославија. Се чини дека ќе важат истите функции на релација републики сојуз на држава, дека ќе важат истите материјални билансни позиции. Иако со билансите не се занимава баш многу програмата, што беа производ на досегашната секундарна распределба на југословенскиот општествен производ востановена со досегашниот системски и економско политички и федерален амбиент. Јас тоа би го аргументирал со примери од самата програма. На пример Владата безрезервно смета дека целите и задачите на кредитно- монетарната политичка ќе се определуваат на сојузно ниво, тоа е исклучително значаен макро- економски навигатор. И вели цитирам: "Ќе биде неопходно соодветна ангажираност во Владата на Македонија, а на надлежните републички органи во насока на востановување квалитет без кој ќе биде незамисливо остварувањето на тековните н развојните цели на Македонија. Би било добро кога Југославија би се согласила за монетарна унија. Но ние знаеме дека Словенија и Хрватска подготвуваат излегување евентуално од паричниот систем на Југославија. Во тој случај, решението за Македонија од ставовите вчера што ги имавме, решението може да се наслути. Но Владата цврсто смета на тој параметар дека ќе го обавува југословенскиот сојуз.

Владата на пример планира суфицит на платниот биланс на земјата. И тоа како предуслов за решавање на сегашните платно- билансни проблеми На земјата, а во тие рамки и на Македонија. Владата не помислува на сопствените платно- билансни и девизно- билансни состојби

или на свој платен биланс и на свој девизен биланс. Вака како што е во текстот даден на програмата.

Владата на Македонија се вели во текстот цитирам ќе има цврста ориентација во барањето за задржување на селективните кредити, барањето кон сојузните органи од примарната емисија. Владата не размислува дека примарната емисија во кредитирањето треба да отстапи место, прво таа е амблок неприфатлива иако корисна во овој момент за земјоделството, меѓутоа ние за знаеме состојбата околу функциите на Федерацијата во врска со тоа. Едноставно ќе ја нема таа задача и одозгора ќе немаме поддршка за таа работа.

Владата вели дека ќе се инсистира на задржување на приоритетност на финансирање на земјоделските активности, .мисли да инсистира кај сојузната држава, инаку би си ја поставила задачата за себе. Владата вели дека ќе инсистира за извршување на конверзија на краткорочни кредити од примарната емисија, значи насочена е горе. Владата вели дека санацијата на банките ќе се одвива со ангажирање на сојузните институции, односно ќе се спроведува со ангажирање на средствата на сојузно ниво, а ние ја знаеме ситуација та сега кон што оди.

Од овие примери се гледа дека ставот на нашата влада за начинот на кој мисли да решава дел од актуелните прашања се многу важни, но за тој однос на Владата кон сојузните институции се гледа и од тоа што не предвидува владата, а треба да предвиди во овој момент.

Владата на Македонија на пример го исклучува од било каква опсервација прашањето на девизниот долг на граѓаните а во тие рамки ги исклучува и проблемите со депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија, еден огромен проблем на југословенско ниво,уште

поогромен проблем ако се отстапи од заедничко ниво на тој проблем ќе се префрли на грбот на републиките, и тука нема готово друга солуција. Во исто време тоа го констатираме вака, а во исто време ние му даваме, односно Владата му дава поддршка на Анте Марковиќ за втората или третата мини програма во која се планира Буџетот на Федерацијата да изнесува 100 милијарди динари, во кој што нема ни една од овие стапки на кој што ние се упатуваме горе.

Буџетот на Федерацијата предвидува за овој период финансирање на армијата и тоа од печатење на пари, финансирање на администрацијата и за боречко инвалидските пензии. Друго ништо. Кон Републиката нема да стигне ниеден друг динар.

Владата не предвидува ништо во врска со сервисирањето на странскиот долг на Македонија кој изнесува околу 815 милиони, минус 169 милиони долари, во услови кога недвосмислено надвиснуваат неколку реални претпоставки што можат најверојатно драстично да го отежнат неговото отплаќање, а тие се можноста долго да се зголеми на најмалку 150 до 200 милиона долара, бидејќи 3,35 милиона долара Федерацијата е задолжена, не сметајќи она што е како гарант Федерацијата или Народната банка на Југославија, но директно што е задолжена Федерацијата а по било кој клуч на распределба со распаѓање на договорот на сојузно ниво Македонија не може да добие помалку од 150 до 200 милиони долари. Доволно е јасно дека во овој момент не може да сметаме на репрограмирање на долгот, како што сметавме секоја година. Од таа ситуација стратотно се отежнува прашањето на сервисирањето, амортизацијата на долгот на Републиката.

Владата не се обидува ни да го третира девизниот и платниот биланс на Републиката, а ние носиме одлука за самостојна и суверена македонска држава. Импликациите од нашиот континуиран трговски и вкупен платен дефицит ќе имаме свој платен дефицит, свој платен биланс, а ние знаеме дека минатата година имавме 500 милиона долара трговски дефицит, знаеме дека континуирано низа години имаме 150 до 200 милиона долара трговски дефицит и се знаат начините како може тој да се затвора, Или ќе се затвори административно и тоа ќе има страотен одраз врз репродукцијата или ќе се затвара со кредити од странство кој што во моментот ние не ќе можеме да ги добиеме заради сите политички ситуации за кој не е крива Македонија.

Според тоа, кога говорев дали сме ние спремни за одлуки од овој тип, кардинални, бидејќи одлучувавме и синоќа, секогаш мислев и на овие проблеми, зашто мошна лесно е да се дадат изјави, Македонија да се прогласи за самостојна дражва, само Парламентот нека го каже тоа, а друга е состојбата повеќе се одговори на вака значајни крупни прашања од кои зависи теговната репродукција на стопанството.

За да не виси оваа програма во некој безвоздушен простор, за да претставува одговор на денешната нова македонска крстосница, да биде програма за овој момент, во неа мора да има одговори покрај другото и за наведеното, а особено со каков стопански систем Владата ќе ја остварува оваа програма. Не дали ќе биде тоа пазарен или централно плански систем, таа дилема ја расчистивме, Владата јасно е определена за еден пазарен систем, туку дали тоа ќе биде остварувана програми со целосно самостоен

стопански систем што ги има сите макроекономски навигатори, почнувајќи од тој и тој ден, а подготвени за тој и тој ден, или ќе биде тоа делумно самостоен стопански систем, но и колку делумно ќе биде. Ќе биде неверојатно тешко ако мора да ги осамостоиме и паричниот и платниот и системот на економските односи со странство, меѓутоа, за тоа треба сериозни подготовки и треба време. За тоа се подготвуваше Словенија за тоа помалку нешто се подготвува Хрватска. Особено ќе биде ѓаволски тешко ако на тоа помислиме дури тогаш кога некој од овие републики ќе го завршат тој процес а ние не ќе бидеме спремни според природата на нештата се знае во кој паричен монетарен девизен ќе мораме да функционираме, макар за извесно време, а тоа ќе го споредиме со нашите ставови за редуцирани федерации, нефедерации, сојузи и слично на тоа.

Потоа мора да имаме одговор за можностите н начините на отплатата на нашиот со реални претпоставки зголемен девизен долг за кој што нешто кажав, решение за трговскиот и вкупен платен биланс, мора да се позабавиме со тие прашања, дали ќе биде тоа некое наредно решение на Владата од овие ветени мини програми и слично, за тоа јас незнам, но сега ја гледаме оваа програма што ја имаме во овој момент. Решенија за јавниот долг на Републиката кој најверојатно ќе биде огромен, ако изостанат сите сојузни решенија, а главно е дека ќе изостанат, како стојат работите и за депонираното девизно штедење и за санацијата на банките и за санација на клучни инфраструктурни објекти и за други обврски што сега се алиментираат од сојузни извори.

Констатирајќи за волја на вистината дека овој дел заедно со делот за политичкиот систем е поамбициозно подготвување и некој други што претходно ги спомнав дека мноштво начелни определби врз кои Владата

смета да се одвиваат приватизацијата во Македонија, се целосно прифатливи. Начелните принципиелни одредници можат да се извлечат во 14, 15, јас не би ги цитирал сите, но за мене се многу прифатливи, како што се на пример, Владата ќе настојува со својот концепт да дава можност закупување на акции да имаат можност сите граѓани на Македонија дека Владата мора да го надгледува овој процес, дека треба да се приватизира што е можно поголем дел од стопанството, дека зо првата фаза треба да бидат исклучени монополските претпријатија дека пензионите фондови треба да имаат значајна улога во приватизирањето, мислам прифатливо и според другите искуства на другите земји мораат да поминат низ тој процес. Сепак би рекол дека тоа е премалку за да сметаме дека Владата има убедливи решенија за оваа клучно прашање, судејќи само врз основа на ова што е напишано, а не врз основа на тоа што Владата евентуално го подготвува. Еве некој конкретни забелешки и сугестии, мислам битни за обликување на моделот на приватизацијата, доведување до точка на оперативност.

Прво, тешко може да се брани тезата, општествената земја во комбинатите да остане со ист статус како што е запишано во програмата бидејќи тој небулозен облик на сопственост е причина за сите овие неефикасности во нашето стопанство.

Второ, треба да се појасни ќе се врши приватизацијата од горе со големи ингеренции на државата преку агенцијата фондот, со поголема слобода на претпријатијата, работнички совети и менаџери и надгледување од државата или со комбинација на едниот и другиот пристап. И од експозето и од некои делови изгледа дека се мисли на комбинација на тие два пристапа и мислам дека тоа е исправно, но ми се чини дека тоа греба да биде многу појасно и поексплицитно кажано во Програмата.

Ако фондот ја добие улогата инструмент со кој целата општествена сопственост за момент се прогласува за државна имплицитно како тоа било, не е добро. Ако пак таа улога не му навистина наменета, тогаш треба да стане збор и за сите тие други можни процеси нас приватизација кои што се оддолу, вклучувајќи посреднички организации како на пример на запад познатите "брокери" да не ги спомнувам.

Исто така ако продажбата на претпријатијата не е замислена да се одвива одозгора, а знаеме дека брокери нема во Југославија и кај нема формирано такви институции дека ќе оди лесно тоа прашање, тогаш треба да се даде можност на тие нови начини, посреднички организации како да се конституираат, аукциски продажби и слично.

Во програмата треба да се третира и прашањето како да не дојде до поголема концентрација на акции во рацете на мал број акционери и како претежни купувачи да не бидат странски државјани, бидејќи тој процес ние го пуштаме за странски државјани.

Во врска со ова поучно е искуството на Полска. Едно од клучните прашања во процесот на приватизацијата на општествената сопственост е одредувањето на почетната цена на акциите и едноставно цената на претпријатието. За ова прашање во програмата нема ни збор, или јас не сретнав. Сегашниот закон предвидува при формирањето на цената вработените да поаѓаат од книговодствената вредност, или од вредноста проценета од страна на законски овластени ревизори кои досега во Југославија ги нема и не ја вршат таа функција.

Предвидена е и можноста во случај на отстапување на книговодствената, односно проценетата вредност од пазарната, судот да

може да јас спречи продажбата на општествениот капитал досега немавме такви случаи да интервенирал судот на иницијатива на фондот или агенцијата. Но оваа регулатива не е потполна. Таа треба да се дополни со прописи за лицитации, методи на оценување начин на отплаќање и се што е потребно во врска со тоа. Дури и тогаш останува прашањето дали предложените механизми се доволни за спречување на дивата приватизација, позната во Полска и Унгарија како увлашлење номенклатуре или богатење од кадровска листа, како што минатиот пат го спомнав, а која се одвива и кај нас, заради која што имавме и дискусии да се спречи интерното акционерство од овој тип или да не се спречи. Затоа е од полза и методот на проценка на одделните елементи на активата од би"лансот на состојбата на претпријатието што инаку го практикуваат странски ревизори кои се ангажираат во овие земји кој што го вршат процесот на приватизацијата, а исто така не смее да се одбегнат ни таканаречените проспективни методи по кои вредноста на претпријатијата се добива со дисконтирање на идните профити кои претпријатието за продажба може да ги оствари.

Треба да се подготви јасен став за редоследот нас приватизацијата. Владата соопштува дека моно9полскте претпријатија треба да бидат остварени за подоцна и тоа е добро, со тој став се користат сите оние земји што поминуваат кон приватизација, меѓутоа потребен е некој подетален редослед што најпрво ќе се форсира и што може полесно да биде приватизиран.

Во програмата треба да стане збор за темпото на приватизацијата. Едно од многу важните прашања со кои што се соочувале сите овие земји. И Унгарија и Полска и земјите во развој, темпото на приватизацијата. Тоа е условено од платежно способната побарувачка, од цената што сака да се

постигне и од  целите на целиот потфат за приватизација. Ако во услови на недостиг нас платежно способна побарувачка, приватизацијата се форсира ќе дојде до драстично опаѓање на цената,и капиталот, ќе оди во бесцење, односно големи отстапки ќе има од неговата реална вредност. Ако премногу се одолговлечува ќе бидат одложени ефектите ва приватизацијата од кои се очекува мотивот за поголема стопанска ефикасност. Према тоа, тоа прашање треба да се третира и да се најде.

Бидејќи сосема е извесно дека голем проблем ќе биде недостигот ва платежно- способна побарувачка, тоа е совршено јас во треба да се обмисли ва кој начин продажбата може да се одвива побрзо, а со задолжително зачувување на вредноста на капиталот. Искуството говори за 2 пристапа.

Прво, откуп што се врши со кредити обезбедени од финансиски институции, вие ги немаме тие финансиски институции, освен банките што се со ваква способност.

Второ, откуп што го кредитираат продавачите, не сретнав дека се предвидува во Програмата. Во првиот случај се работи за варијанта со која се зголемува ризичноста на откупеното претпријатие, бидејќи тоа мора постојано да ги измирува обврските спрема кредитите, па затоа за финансирање ва оваков вид откуп се употребуваат високо ризични обврзници. И се работи за метод применлив пред се, за продажба на стабилни претпријатија, а и такви ќе имаме за приватизација и тие ќе треба да се приватизираат.

Во вториот случај кога инвеститорите немаат доволно средства, кога воопшто нема доволно платежно- способна побарувачка, а ние сме во таа ситуација може да се применува или го применуваат западниве земји,

кредитирањето од страна на продавачите. Овој вид финансирање е помалку ризичен, а наместо ризичните обврзници најдобар инструмент се преференцијалните акции без право на гласање.

Програмата оправдано не се откажува од купувањето на претпријатија од страна на вработените. Тоа го задржува и тоа е добро. Но, не предвидува ништо да се стимулира тоа купување од страна на вработените во услови кога интерното акционерство го оценуваме како лош метод за приватизација.

**ПЕТАР ГОШЕВ** (Продолжение)

Потребно е да се предвидат низа мерки, да се стимулира купувањето на претпријатијата од страна на вработените даночни, олеснувања за банките што би го финансирале откупот, предвидување можности отплатата да се врши од идни профити и слично на тоа.

Кога се работи за приватизацијата од голем обем, каква што е нашата всушност мора да ги користиме сите акумулирани искуства и техники користени во поразвиените и земјите во развојот. За тоа слушнавме дека ќе бидат ангажирани и стручњаци. На пример вршење на јавна продажба на акции на државно претпријатие во целина или во големи пакети, продажба со директни преговори од страна на државата со заинтересирани инвеститори. Тоа е случај кога државата е заинтересирана и купопродажбата да остварува влијание врз функционирањето на тоа претпријатие. Потоа можат да се користат таканаречените фрагментарни, фрагментарен тип на продажба кога претпријатијата се разбива, или реорганизира на повеќе компании со одвоени претпријатија. Продажба, односно откуп на претпријатија од страна на управата или вработените. Недоречени се или недоволно разработени други значајни прашања, што инаку оправдано и програмата ги смета за мошне важни. На пример: во програмата се говори дека ќе се преземат активности за да профункционира пазарот на капитал и пазарот на работната сила но не се изложува ниту основната институционална рамка, ниту пак се гледа кои ќе бидат конкретните постапки на владата во поглед на институционализацијата на овие пазари. Во тој контекст нема збор за специјализираните финансиски институции без кои пазар на капитал нема ниту може и а ниту може да се замисли. Не се посочува на кој евентуално

VII/2

смета Владата и кои би ги стимулирала во моментот на појавувањето. Тука во прв ред мислам ва институционално инвестирав>е, осигурителните друштва, пензиските фондови и слично на тоа. Само од себе овој процес нема да оди, или ако чекаме тој да го користи методот ва спонатавитет, ќе се изначекаме премногу или ќе треба да ја чекаме целата либерална фаза на капитализмот.

Во делот што се однесува на развојната стратегија н економската политика има принципиелни стојалишта генерални тези што воопшто не се спорови, а оградата е дека тоа ќе биде разработено понатаму. Но, во целина гледано содржината на тој дел од програмата е далеку под асоцијации што ја буди самиот наслов, а насловот е "развојна и економска политика ва Македонија".

Делот во кој се зборува за одделните сектори прикажан е на сосема застарен начин, се тргнало по логиката, важно е да бидеме спомнати во програмата, а ве дали во дадениот период тој сектор е приоритетен, дали Владата навистина ќе преземе и има снаги да преземе на сите тие сектори нешто.

Најчесто спомнувана мерка е "ќе се преземат мерки и активности за тоа и тоа". Ако цитираме тука можеме да цитираме многу делови токму со тоа дека ќе се преземат мерки за развој на земјоделието, ќе биде нужна нова филозофија на аграрот, активностите во градежништвото хе бидат насочени кон изградба на модели за градежниот пазар, во воздушниот сообраќај активностите ќе бидат насочени. Какви активности, што и дали е тоа токму работа на Владата, сето тоа да го синтетизира таму е друго прашање.

Мислам дека, не се тие задачи Владата што ги запишува за себе, особено во инаугуративните говори на Владата многу се говореше за таканаречениот нов инвестиционен циклус иако поимот нов инвестиционен циклус е од реал социјалистичкиот вокабулар сепак условно може да знаеме дека со тоа владата има намера да преземе активности за оживување на инвестициите во Републиката, Тоа ветување изгледа дека е сосема заборавено иако знаеме дека за догледно време не може да не заплисне никаков инвестиционен бран, реалните извори, совршено може да се предвидат во овој период, билансите се исто така јасни, од сосема јасни причини. Меѓутоа најголем адут на Владата е оживувањето, односно отпочнувањето на инвестициите во врска со Вардарската долина. Сега гледаме дека не е долина, туку дека е слив, а знаеме дека проектот Вардарска долина е едно прашање, а ако се третира Вардарскиот слив, знаеме дека е тоа 80% од територијата на Македонија.

Второ, на странците им нудиме да инвестираат во тој Вардарски слив, Владата заедно со соодветните стопански и други субјекти во текстот вели дека ќе пристапи кон систематско и континуирано подготвување на потребните истражувања и мерења, значи допрва ќе пристапи, исто така вели дека ќе се изврши евидентирање и проучување на постојната студиска и друга документација. Значи, уште сме на прашањето на студирањето на тој проект, а разговараме дека може да инвестираат странците или вели дека Владата ќе организира изработка на методологија за обработка на парцијални и интегрални студии. Знаеме дека тоа се работи за почетоци, а не работи за проекти што веќе се нудат на странските инвеститори.

Прашањето на социјалните реперкусии од реформата, од преструктуирањето ми се чини дека заслужува посебно внимание, и затоа треба да биде посебно обработено, за тука, бидејќи социјалниот набој, незадоволството што ќе стигне од стечај, од сите овие неисплатени лични доходи, ќе биде страотно и ќе може да го повлече процесот на реформата наназад.

За пензиското и инвалидското осигурување од изложеното во програмата не се гледа јасна концепција за реформа на пензиското осигуруваа>е. Мислам дека треба јасно да се определиме, а тоа треба експлицитно да биде соопштено во програмата дека ќе може да се формираат два типа пензиски фондови. Мора тоа да се каже на јасен начин. Пензиски фондови од приватен тип и пензиски фондови од јавен тип како што е искуството.

Приватните фондови може да ги формираат приватен сектор индустриските компании, синдикат, услужни организации. Тоа е многу јасна практика. Според искуствата на запад, овој тип на фондови средствата ги обезбедуваат компаниите, а со фондовите управуваат или банките или спонзорите на пензиските фондови.

Јавните фондови, се под спонзорство на државата, ние тоа ќе го имаме која издвојува дел од средствата за нивното финансирање. Останатиот дел на средства се формира врз основа на издвојувањето на вработените. За разлика од приватните фондови бенефициите на корисниците во јавните фондови не се цврсто врзани за поединечните придонеси како што е тоа случај кај приватните фондови. Тоа е систем на тековни извори познат, меѓутоа, искуството покажува дека приватната шема се покажала подобра од јавната од случаи кога бројот на пензионерите се зголемува многу побрзо отколку бројот на вработените, тоа е токму случај

сега во нашата Република од пред некоја година. Во сите партиски програми, во сите индивидуални настапи на политичките субјекти. на говорите во име на владата од Владата, се говори за остварувањето на човековите права како една од главните шлагер тематики. За тоа имавме парче и во експозето на претседателот. На народот му ветуваме големи чекори во сферата на економските, социјалните и политичките права, а во програмата не само што нема содржано ваква тематика» остварува&ето на економските социјалните и политички права, туку и низ целиот тек се гледа дека тоа прашање е запоставено со исклучок кога се говори во делот за политичкиот систем. Наместо, зголемување на економските, социјалните и политичките права, особено во одделни сфери имаме нивно стеснување и може експлицитно да се набројат. Не се штитат, елементарните имовински права на граѓаните, ги гледаме редовите пред шалтерите на банките катастрофална ситуација. Парите што ги вложиле не можеме да им ги вратиме назад па дури ни динарски тоа не може да се обезбеди така лесно.

Определени социјални права на граѓаните од гарантиран личен доход до не знам какви ветувања имаме во законите кои не се остваруваат, не се исплаќаат ни тие редовно, а говориме за социјални права, економски права на граѓаните. Драстично се редуцирани шансите за самовработување и самоиздршка, иако само вработувањето како концепт што го застапува Владата, апсолутно е прифатлив, но се разбира со помош на макроекономската политика.

Почнува и во Македонија загрозувањето на личниот и моралниот интегритет, без да бидат санкциониран од правната држава за тоа исто така не се говори во понудената програма. Почнува дури и процес на лична несигурност, имаме примери на фрлени бомби напади на новинари, закани

од високи службени лица заради други мислења и разни клевети за одделни личности и слично. Сето тоа е оставено на една стихија која што правниот систем и правната држава не започнува ни да размислува во овој момент како да го санкционира.

Да заклучам, вложен е голем труд во подготвувањето на оваа програма. Тој бездруго се почитува к мора да се почитува, меѓутоа според текстот на Програмата и зборовите на господинот претседател може да се заклучи дека програмата е подготвена за да се донесе нова програма или нови, заради тоа што само неколку работи беа спомнати. Ова не е конкретизирано во Програмата, не се разработуваат прашањата и таа е отворена, колку е отворена... ќе подготвиме нова мини програма, ќе подготвиме нова стратегија национална за развој на Републиката и слично на тоа. Тоа говори дека допрва треба да добиеме решенија за клучни прашања од актуелниот политички и економски момент на Републиката.

Би ја прокоментирал и смелата изјава на претседателот на Владата во врска со Македонија како бесцаринска зона. Ние имаме еден бисер балкански со песната на Гоце Николовски меѓутоа во моментов е најголем бисер балкански да се прифати теза дека Македонија може да биде бесцаринска зона, иако претседателот знае колку е тоа тешко и што се тоа значи, и сите економисти во владата знаат што значи да се прогласи. Можеби може да се размислува за еден период од 20-30 години натаму, но владата треба да понуди програма за четири години, ако четири години останеме ние како Парламент во овој период.

**НИКОЛА КЉУСЕВ**

Бидејќи имаме седница во Охрид со некои бизнисмени и треба да заминам а тука ќе останат членовите на владата потпретседателот кој одговара за економската политика д-р Жута.

Ние имавме прилика покрај експозето да чуеме и три други експозеа. Имавме парадни настапи да ни се држи лекција како треба техниката да се изведува. Ве молам драги пратеници не говорете за техниката и конкретизацијата не го искажувале целото свое знаење сега. Кога ќе ги добиете актите, законите, поодделните аспекти на нашето видуваа»е ќе имаме конкретни дискусии. Кога ќе дојде законот за трансформација на сопственоста, таа технологија за која другарот Петар Гошев зборуваше ќе биде таму добредојдена и ќе може да дојде до израз.

(од место Митко Атанасовски) не се виновни тие Кумровец)

Јас најискрено ве молам како пратеници да укажеме на најсуштествени проблеми, затоа што програмата е филозофија на гледање, насоки на промените, никаде ние не говориме за конкретни проекти, за конкретни закони, конкретни определби, тоа допрва ќе дојде, што сега ние се измачуваме да кажуваме за конкретни проблеми што треба и како треба да се моделира. Но внимавале точно е дека оваа програма во нејзиниот увод стои дека тргнува од декларацијата за суверeноста на македонскиот народ, од платформата Изетбеговиќ- Глигоров и основните примеси вткаени во новиот Устав.

Промените се драматични и ние оваа програма ја даваме како ориентир за поддршка, затоа што веднаш, до крајот на годината ќе ве замориме и оние стручњаци кои имаат свое знаење во и мисиите да се докажуваат. Еве и мини програма а како концепт за новите мерки во кој

упадна Македонија овие месеци. Потоа, ќе ја добиете концепцијата за самостојна Македонија, економската анализа. Тогаш ќе седнете откога ќе прочитате пет-шестотини страници материјал, ќе се докажувате што тоа значи од секој аспект. Значи станува збор сега да не ја прозивате Владата за конкретни проблеми и не може она што сте го прочитале во учебниците, каква технологија се спроведува да ни ја кажувате на професорите. Интересна е работата конструктивните сугестии се важни и ние како добредојдени ги цениме нив. Но да ки каже дека тоа е социјал реалистички инвестициониот циклус, кога инвестиционите циклуси секоја западна економија ги цени во разните фази на својот економски развој тоа се тие малку банални дискусии.

Значи, станува збор, јас уште еднаш ви укажувам на сите вас, потрудете се да укажете на оние клучни моменти кои се значајни за промените кои настануваат, а не технологијата и начинот на изведување. Тоа допрва ќе дојде и многу од вас ќе земеме и во наши тимови да ве консултираме, но полно работи се ве£е апсолвирани.

**ДРАГИ АРСОВ**

Ја почитувам замореноста на сите, но за реплика се јави господин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ**

Јас ама баш никаква потреба немам да покажувам што знам заради тоа што имам и дипломи од оваа проблематика и оценки од уважениот премиер вака високи, а освен тоа сум говорел многу, многу пати на оваа тематика. Многу повеќе на овие отколку на чисто политичките прашања, и немав намера јас да се преставувам по ова прашање.

Сакав да говорам за Програмата на Владата. Да говорам за програмата од која што ние треба да разбереме што таа програма за овој мандатен период колку што ќе трае Владата со овој парламент заедно Ісе направи. Ако Владата ја замислува Програмата и нејзиниот премиер дека тоа треба да биде програма која ќе ни биде соопштена, со филозофијата на развојот, тоа не може да биде програма на Владата. За филозофија на развојот се други места каде се соопштуваат, односно оние места од каде што вие дојдовте како премиер, и академијата и факултетите, и универзитет и така натаму. Овде се работи за програма на Владата нема филозофија на развојот. Ако вас ве навредува овој начин на конкретно третирање на проблемите и тоа го сместувате под поимот техника тогаш просечниот економист го навредува да му се кажуваат општи фрази кои што велат дека пот пазарната економија со мотивацијата на работниците и така натаму, тоа го навредува еден просечен економист а не некој што малку повеќе ја разбира таа проблематика, така да немав никаква намера да покажувам што јас знам. Чувствувам едноставно таква потреба, но намерата ми беше да ги отвориме прашањата, да видиме како ќе ги решава Владата, кога ќе ги решава, како мисли да ги решава? Знаеме дека е исклучително тешка состојбата и не очекуваме од оваа Владата брзи решенија ниту очекуваме некои лепршави изјави што ги слушаме од нејзини претставници дека ќе биде тоа остварено. Не може да биде остварено. Од оваа Владата ние не очекуваме дека за година дена ќе го оживее инвестициониот циклус во Македонија. Не очекуваме ние од оваа владата дека ќе почне динамичен стопански развиток. Ако успееме со навртувањето да го сопреме, падот на производството да го сопреме, ако успееме, да го конституираме систем пазарен со институциите на тој -систем £е биде тоа голем,

Според тоа, реални се нашите очекуваа>а, барем моите, се реални очекувања од било која Владата, не од оваа влада во овој тежок економски и политички момент, но во секој случај програмата јас ја замислувам програма во која што ќе видиме на кој начин кои прашања ісе бидат разрешени, а не филозофските прашања од областа на економијата, мене ми е жал што говорам вакза, за тоа што во Владата има колеги што високо, високо ги ценам.

**ФАИК АБДИ**

Јас во мојата дискусија ниту имав намера да критикувам ниту ќе критикувам, вие одете и ќе ви пренесат јас што ќе кажам но прашањето е следно: бидејќи кажавте дека има мини програма, од аспект на развој, општествено- економски развој на државата за 4-5 години, дали ова што е воопштено кажано, јас така го сфаќам може да се земе како елементи за основите на плановите. Како елемент за планирање на нашиот општествено- економски развој за наредниот период од аспект на законот за системот на општествениот план на Републиката?

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА**

Ова не би нарекла реплика, но бидејќи многу дискусии беа во еден чуден ток кажани, мое мислење, е како и на Комисијата за градежништво каде што ја разгледувавме програмата е крајно чудно зошто програмата доаѓа на еден ваков начин во Собранието. Зошто оди на комисиите? Сметав дека програмата треба мандаторот да ја искаже само преку експозе бидејќи ние оваа програма требаше да ја примиме ние како ваква во време кога Владата ја потврдувавме; а забелешките што ќе следат понатаму да бидат дадени при реализирањето на програмата да бидат вклопени. Ние вака да дискутираме понатаму.

Исто така, се согласувам со неколку дискутанти, дека програмата веќе е надмината со состојбите што се случуваат во Југославија, затоа што многу малку се насоките за самостојна и независна Македонија во некој сојуз на суверени држави, но сепак ми е чуден начинот на кој што Програмата влегува во Собранието. како да се има за цел на Владата денес да и се гласа доверба или не. Јас таков впечаток добивам, и навистина многу ме изненадува ова и мислам дека после експозето на премиерот, излишни се вакви дискусии.

**ДРАГИ АРСОВ**

Бидејќи има пријавено уште 20-тина дискутанти предлагам пауза. Седницата хе продолжи на знак на ѕвонарот.

( по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со расправата.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во интерес на ефикасноста во расправата по програмата и излагањето на претседателот на Владата ја приложувам мојата писмена дискусија како прилог на расправата и предлагам и другите дискутанти кои што имаат писмени дискусии да ги приложат.

(ПРИЛОГ)

**ПАНЧО МИНОВ:**

Општа е констатацијата дека донесените Уставни амандмани се недоволно уставно правна рамка затемнување на нов политички и правен систем заради што релативното брзо донесување на по содржана и определби, новиот Устав претставува основен предуслов на утврдувањето на повеќе партиски демократски систем на поделба на власта со јасно дефинирање на надлежностите и позициите на законодавната, извршната и судската власт и одредување на инструментите на нивната функционална поврзаност и рамнотежа во функционирањето на парламентарната демократија, согласно специфичностите на општествениот, материјален социјален и културен простор на Македонија.

Во парламентарниот систем на јасно дефинираната поделба на Власта Уставната  и Законски одредената позиција, надлежноста и Статус" на Влада та мора претходно да кореспондира со дефинирањето на Парламентот како законодавна и политичка власт, а за поголемата самосталност на Владата како претежно извршна, а помалку политичка власт, Мора паралелно да се обезбеди. обезбеди и поголема одговорност на Владата пред Парламентот во институционална смисла, ај управата која е целокупно централизирана во републичките органи, односно министерства, неодминлива е констатацијата на нејзината централизираност со укинувањето на органите на управата во општините, при што неопходно е укажување на опасноста од таквото поставување на Органите на управата и Владата кои имаат интенции на зголемување и проширување на државните интервенции кои неминовно раѓаат етатизам, што е  директна спротивност со либералната доктрина на демократијата која се залага за минимални државни надлежности и само 'нужни интервенции, а за целосна афирмација на приватната иницијатива и претприемаштвото и приватизација во сите можни области и дејности во кои државата нема да се меша,  со јасна дистинкција помеѓу политичката држава и цивилното граѓанско општество.

Заложбата во Програмата за самосталност на органите на управата во рамките на правната држава мора да соодветствува со изградени инструменти на контрола и одговорност покрај од Владата и од Парламентот што би ја исклучило можноста за бирократизирање на управната власт што не е потенцирано во Програмата.

Општинската определба на Владата за развивање на цивилното општество со задоволување, и заштита на сите признати човекови права и слободи на граѓанското општество, мислам дека е временски преамбициозно во состојба на наследени реликти од еднопартискиот државен систем во кој политичката власт беше во без малку во сите сфери на животот и многу малку претполагаше на развојот на граѓанското општество, ако знаеме дека граѓанската демократија во општеството е социјално детерминирана за што во Македонија треба да се постигне добра материјална основа, обременоста на нашето граѓанско општество со национализам и национал- догматизам, проблемот на уставно утврдените права и слободи на човекот и нивното стварно задоволување, декларираноста за правна држава и вистинското функционирање на државата во која владее правото, како и тенденции на јакнење на државните ингеренции. Сето ова укажува на констатацијата дека целта за развој на граѓанското општество реално е еден процес при што ал проширувањето на демократските односи во граѓанското општество се основа за остварување на демократската друштвана власт.

Владата во Програмата посебно презема задача за консолидирање и контрола на работата на Министерството за внатрешни работи со исклучување на политичката контрола над работата на Министерството и негова целосна деполитизација и дезидолизација што како обврска на Владата е за поздравување, но како определба објективно е во противречноста со партиската заснованост на Парламентот, со дејствување на партиите во работата на Парламентот, карактерот на парламентарната влада, како чиновничка експертна влада и МВР во тој склоп, бидејќи нивниот мандат е реално условен и зависи од поддршката на партиите и нивниот фактички однос на снаги на влијание во Парламентот, што постојано го доведува во пробивањето на определбата за непартијноста и исклучување можност политичка контрола од страна на партиите во работата на МВР, заради што треба јасно да се одреди политичка контрола

на Парламентот која треба во толку повеќе да се разработува и зајакнува напоредно со осамотувањето на МВР како единствен орган за вршење на многу одговорните на внатрешните работи во организациона и функционалната смисла.

Се согласувам со определбата за целосна и радикална кадровска обнова на МВР со која ќе се променат сите оние раководни работници во МВР кои претставуваат субјективни сегменти на претходниот еднопартиски систем и природно не можат да се сообразат со новата поставеност, начин на работа и улога на МВР, но сум против генерализирање на таа кадровска промена линеарно за сите, а посебно ако во промената и екипирањето на кадрите во МВР фактички се јави појава, да се зема како селективен критериум партиската припадност, што ќе доведе до повторување на грешката од претходниот систем со катастрофално тешки последици по ефикасноста и одговорноста за остварување на функциите на МВР.

Во делот за правосудниот систем и правосудните органи од Програмата најдалеку е разработена нивната самосталност и независност во новиот систем на поделба на Власта, но за тие суштински и квалитетни новини мораат да претходат уставни промени.

Воведувањето на стручен професионален орган со надлежност за назначување, контрола и одговорност на носители на правосудни функции, кој треба да биде во функција на самосталноста и независноста на правосудните органи, кои пак од своја страна ќе вршат информирање на Парламентот за спроведувањето на законите како единствено средство на контрола, таа самосталност и независност да не се изроди во нивна автохтоност и поголема можност за злоупотребување, сметам дека е дискутабилно, бидејќи колку е голема веројатноста за постигнување на ефекти со оваквата поставеност и надлежност на овој орган и на правосудните органи во интерес на самосталноста и независноста, во толку се веројатни и контра ефекти заради појава на професионална солидарност во толерирањето при назначувањето, контролата и одговорноста на носителите на правосудни функции, како и губењето на надлежноста на Парламентот да учествува, покрај со информираноста за спроведувањето на законите и во персоналното назначување на вршителите на правосудни функции незагрозувајќи го стручниот надзор и оценка од самостоен професионален орган кој инаку е неминовен.

Исто така во Програмата ќе се прецизира правецот и содржината на трансформацијата и собразувањето на другите е правосудни органи, односно нивното укорпорирање по надлежност и функции во идното единствено редовно судство, што... предизвикува неповолни реагирања и состојби на неизвесност кај овие правосудни органи.

Концептот на локална самоуправа во однос на досегашните достигнувања и развој на комуналниот систем, а според компаративните сознанија од другите држави,значи н^задавање во досега постигнатиот развој на локалната управа и самоуправа и во Републиката, за што основни причини се недоречноста на Амандманот 69 на Уставот на Република Македонија, како и неизвршувањето на определбата на Владата, по укинувањето на органите на управата во Општината покрај декларативноста практично да ги разработи односите на хоризонтална координација на локалните органи на управата со органите на локална самоуправа, што Ви тврдам ќе има директно позитивно влијание врз ефикасноста на .....правата и интересите на граѓаните, локално по местото на живеење, заради што предлагам концептот на локална самоуправа да се утврди во новиот Устав во функција ва определбата за државниот субјективитет ва Република Македонија како самостојна и суверена Република и нејзино стапување во ССДЈ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Страшо Милковски ни приложи писмена дискусија.

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

(ПРИЛОГ)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор?

Има збор Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска расправаме за едно мошне значајно прашање, заправо мошне значајни прашања, комплексни секако за опфатените сегменти, како н за целите и задачите што ни претстојат и кои се содржани во овој документ значаен за идниот развој на нашата Република. Евидентен е фактот дека се вложени напори за изготвување на синтетско видување на проблемите со кои се среќаваме и уште повеќе ќе се среќаваме во историскиот од на многу националната наша Република. Желба е на секој од нас целите и проекциите на оваа програма да се остварат одеднаш, но тоа е невозможно и свесни за тоа ќе треба максимална ангажираност на секој субјект оваа програма да се остварува во демилитаризирана и демократска и сигурна Република. Свидетели сме дека светот живее во време на нов технолошки предизвик, а би рекол пред и на економски и социјален предизвик. Тоа е евидентна

тенденција и на нашиот свет, македонското поднебје. Треcкавицата на економскиот колапс се офанзивни и интензивни. Ние сме во овој контекст аниматори на таа нова филозофија на живеење која е полна со неизвесности, со плими и осеки. И току затоа со право може да се користи синтагмата, ова што е единствено извесно во иднината, тоа се промените. Сметам дека оваа програма точно треба да ги елаборира и прогнозира тие промени.

Мандатната програма ва Владата која е имуна ва промените нив ќе ги следи, практично претставува збир на сегменти кои се еден вид вовед во иднината. Таа треба да нуди и се обидува да нуди перспектива поинаква и соодветна структуираност на развојните трендови лоцирајќи га највиталните и објективните проблеми на предеа плав секако. Како развојна програма таа треба да се фундира и прави обид тоа да биде пред се на можноста за опстанок, ва факторот промена која имплицира развивање, создавање и градење технолошка стратегија на офанзивен развој врз реални ресурси. Во овој контекст иако програмата поаѓа од амбицијата за економски и политички престиж на Републиката, во неа се добива впечаток дека доминира глобализација на развојот во сите општествени структури и сегменти што сметам дека е малку и слабост ако правам разлика меѓу тоа што значи конкретизација на програмата и деетатизација ва нејзината содржина. Сметам дека мандатната програма треба да има карактер на голем проект со мноштво под проекти кои врз основа ва факти, аргументи и научно верифицирани сознанија ќе нуди структурно преструктуирање ва економските и производно техничките процеси и општествената надградба. Општествената артикулација ва потребите ва Републиката во оваа програма која е документ за ориентација се доста и конкретизирана, нема чекори на операционализација ва задачите иако го следи потребната

динамика на промените и настаните кои се случуваат во економско политичките односи и во сите други сегменти. Сепак, сметам дека го нема во предвид времето како детерминанта на трансформациите кои се очекуваат во иднина.

Би кажал нешто поконкретно за општествените дејности кои сметам дека треба да се засноваат ва три функции.

Прво, во насочувањето. Второ, во проценувањето. Трето, во проектирањето. На пример за проблемите на науката за кои суштинско е не самата технологија, туку управувањето со технолошкиот развој во сите сфери на науката. Не се укажува како науката ќе се стави во служба на повисоко ниво ва организираност на вкупниот производствен систем, повисоко ниво ва модернизација на средствата, повисока концентрација ва факторите ва производството, трајната поврзаност ва науката и производството. Не се наведува изградената научно информациона инфраструктура и како таа да се управува, проширува, развива и стави во служба ва општествениот и целокупниот развој на Републикава. Со ниеден збор ве се прави обид да се рече дека покрај националниот идентитет на македонскиот народ научните истражувања ќе се насочуваат и ков проучувањето ва националниот идентитет и ва албанците, турците, ромите, власите, ита. како што пишува на страна 75 од мандатната програма. Сметам дека е голем недостаток затоа што Македонија треба да се разгледа како развојна целина, како интегрална, многунационална итн.

И делот за образование е толку симплифицирав што личи повеќе ва некои собрани новинарски написи, полва со декларативен карактер, максимално формализирана, општи недефинирани акции без соодветни параметри за развојот и концепцијата, не се насликуваат претстојните проблеми на образовните институции и нивната иднина, трансформациите

на образовниот систем, за спецификата на образованието на албанците турците, ромите, власите не се наведува ништо во програмата. А сметам дека има многу проблеми кои треба да некој начин да се изнесат, презентираат, елаборираат, селектираат итн.

Изградбата ва нов современ систем на образование и воспита ние нужно бара потемелна и подолгорочна економска, демографска, педагошка, психолошка социолошка и друга елаборација и максимално користење на интередисциплинарен пристап, користење на наше и туѓо искуство но визионирам, во оваа програма со основните контури и рамки. Во програмата нема никакви квантификации како иницијална состојба за бројот на учениците во основното образование, во средното образовани во вишото и високото образование. Потребите за разни профили на стручни и научни кадри дефициентност и суфициетност на кадрите на институциите, евентуалната нивна дисперзија итн., ве се зборува за проблемот ва вишото образование, дали тоа е пропуст, или намерно испуштено за вивната оправданост и процесот на нивното трансформирање, бидејќи такви институции има во Републикава. Истовремено нема ниту збор за организираше на приватното образование по пазарни принципи. Физичката култура пак не нуди никаква стратегија ва развој. Таа е сфатена како унапредување на наставата по физичко образование во сите степени на образование и воспитание. Таа не е тоа и овој дел ва програмата треба да се комплетира да се работи врз основа ва факти и аргументи што беа изнесени во извештајот за реализацијата на физичката култура за десетгодишен период, а во врска со реализацијата за тоа што го прифати ова Собрание. Културата како област иако се прави обид за прикажување на процесите присутни во ова, многу се маргинализираат културните потреби, активности исто така ва немакедонското население, ва албанците, турците, ромите, власите и други Исто така ова се прави и во нивното информирање каде целосно е исклучена информативната дејност на

албанците, турците, ромите, како во печатот, така и во РТВ програмата. Јас само за пример нема да се задржувам за тоа, меѓутоа, програмата мора да има нужни согледувања и да предвидува проширување на оваа информативна дејност, затоа што во процес ние дискутираме, има емисија на албански јазик 20 минути дневно, или пет дена во неделата тоа се 100 минути. Ако претпоставиме дека активна програма на МТВ има од 5 до 24 часот, тоа значи 7 часа, 20 минути дневно, пет дена во неделата тоа се 100 минути, чини 0,4% од програмата на ТВ Скопје. Дали тоа е доволно, молам тоа да го оцениме сите дали тоа треба да се прошири, да се зголеми за да тие културни, научни, и други активности на овие национални структури и колективитети кои живеат да бидат на некој начин посоодветно презентирани и во програмата.

Социјалната заштита како дејност од посебен општествен интерес навлегува во многу суптилни прашања од животот ва човекот, семејствата, и одделните категории граѓани по прашања кои се непосредно поврзани за социјалната сигурност ва човекот, ва граѓанинот на работникот. Токму затоа функцијата ва социјалната заштита би требало во програмата на многу поконзистентен и конкретен начин да се прикаже. Изнесеното во програмата ве дава никаква визија за нејзиниот развој, иако во 1990 година т.е. минатата година таква заштита по разни основи користат над 17 илјади лица во Републиката.

Немав намера да го иставуваме следното прашање, меѓутоа во уводното излагање, експозето ва претседателот ва Владата беше изнесено дека ве можеме да поддржуваме азиски процеси на наталитетот ва Македонија*. Верувам дека претседателот пребрза во врска со мислат дека во Македонија има азиски наталитет, затоа што тоа верувам дека не е

точно, или јас немам такви податоци бидејќи нема таков просек во Македонија како што има во азиските држави и земји. Јас ќе наведам само пример дека во Ксенија во просек има 8 деца во семејство, Саудиска Арабија има 7,1 дете, Авганистан и Јемен 6,9, Етиопија и Нигерија 6,7, што значи дека кај нас тој просек воопшто не е реален. Според тоа, сметам дека малку е престрого речено. Јас ја подржувам политиката на природен прираст на населението и затоа треба да создаваме услови кои истовремено ќе придонесуваат да се стабилизираат антинаталитарните и пронаталитарните тенденции га зголемување на населението. Истовремено имаме сознание дека се врши и се предлага рационализација на многу сегменти на општественото живеење. Сметам дека во програмата треба да има поширок простор што се планира со рационализацијата, што значи таа строга рационализација во образованието, во здравство, во култура и во производството, да не применуваме формална и неаргументирана рационализација, да не одиме фронтално на рационализации кои сметам дека можат да имаат многу подлабоки социјални импликации и последици. Земено во целина мандатната програма на Владата која треба да инсистира на трансформации требала повеќе да личи на елаборат, или студија за развој што беше исто така подвлечено дека ќе се изготват и такви елаборации и такви развојни програми, а врз основа на овој проект што го дискутираме денеска. Прикажувајќи ги сложеноста и хетерогеноста на проблемите во хоризонтална и вертикална поврзаност врз основа на прво, по опстојна анализа на производно технолошките можности, технолошкото ниво. Второ, определување на целите и стратегијата на развојот на Република Македонија. Трето, проектирање на новиот развој врз научни фундаменти. Верувам дека во практичното остварување на програмата ќе се наиде и на дополнителни тешкотии, но ќе мораме да делуваме по предизвикувачки, со максимална ....

во надминувањето на сите тие инцидентни фрустрации кои можат да бидат и така значајни за нејзиното целосно остварување, реализирање во овие и вакви услови политички кои ги имаме денеска.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во интерес на времето јас сакам да кажам нешто како известител на Законодавно правна комисија и некои согледувања во однос на поглед на расправата. Сметам дека овде настанаа одредени недоразбирања во однос на продолжената програма за работа на Владата и во однос на одредени согледувања и искажувања. Јас сметам дека со правилен тек на расправата треба да ја сфатиме програмата во согласност на предложените заклучоци и програмата да е доставена на запознавање на пратениците, односно како основа, појдовна основа што пишува во мислењето на Стопанската комора за изработка на развојно економската програма. Тоа е основното што треба да произлегува. Но, произлегува и едно друго прашање во однос на односот на Собранието и односот на Владата бидејќи и самиот претседател во уводното излагање и овие стојат дека е таа доставена на запознавање но од заклучните согледувања и одредени други искажувања се вели дека врз основа на оваа програма ќе произлегуваат одредени законски и други акти. Тогаш зборуваме за нешто друго, тогаш треба да зборуваме за утврдување на таа програма, а додека надлежностите меѓу Собранието и Владата се чисто разјаснети барем во овие позитивни законски прописи. Со амандманот 63 Собранието ја утврдува развојно економската програма и ги насочува општествениот и стопанскиот развој. Што значи дека Владата на Собранието требаше да му понуди програма, Собранието. да ја утврди, а додека Владата согласно амандманите на Уставот, а посебно на законот за Владата ја утврдува... но економската програма односно изработува

програма за мерки и активности. Што значи дека многу битно е на кој начин вие ќе ја водиме оваа расправа, дали ва овој начин ва запознавање, или во однос ва утврдување. Бидејќи Владата вели, оваа ве е развојно економска програма која ќе ја понуди некаде во месец октомври, ноември. Во таа смисла доколку е ва запознавање мислам дека треба одредени сугестии што беа изнесени ва Владата, а доколку е на утврдува&е треба за сите сегменти да расправаме ќе расправаме за сите детали. Во областа на земјоделството јас можам сега да зборувам за овоштарството, јаболко производството во Преспа, развојот, перспективите, водоснабдувањето и слично. Тоа мислам дека ќе е во таа развојно економска, во оваа Програма спрема искажувањата е некој хибрид. Во однос и ва самото нудење на Владата, ако Владата изрично кажеше дека ја нуди само ва запознавање, во таа смисла требаше да се искажуваат и пратениците. Од друга страва Владата вас ви понуди една годишна програма која оди во еден терк кој треба да оди. Ако и оваа е среднорочна за работа ва Владата би требало да оди во еден таков терк. Исто Владата ви понуди и програма за мерки и активности за 91 година, но тука се поставува прашањето, Владата во овој период работи без утврдена економска програма од страва ва Собранието. Владата ва себе презема огромна одговорност во однос ва соодносос Собрание- Влада, во однос ва највисок законодавен орган и за утврдување на политиката а во однос ва орган кој ја извршува политиката. Сметам дека тука во овој период, Владата требаше оваа програма да ја понуди во благовремен рок, Собранието.. да ја утврди, а Владата да га спроведува тие. Исто така тука едно решение кое треба да го прифатиме сметам дека е решението кое го нуди, повеќе сигурно сметам го прочитаа мислењето а предлог мислењата од Стопанската комора. Стопанската комора вели за

овој преоден период додека ја понудиме развојно економската програма која ќе ја утврди Собранието треба тековните прашања да се решаваат во од со краткорочни мерки. И досега така ги решававме, краткорочни мерки во однос на Собрание- Влада, а претходно консултирани во однос на Стопанската комора.

Овде се покрена едно друго прашање. Точно е дека ова е време кога настаните одат пред разни програми, време на програми кога се носат за еднократна употреба таканаречени инстант програми, шок програми, програмата зборуваше Гошев повеќе за мерките на Сојузниот извршен совет, програма на Народната банка, а ние расправаме за среднорочна програма за работа на Владата во однос со елементи на утврдување. Самиот претседател кажа дека е готова програмата, т.н. краткорочна програма. Дали во ова време ние кога расправаме не е депласирана оваа програма бидејќи основно ние требаше да расправаме за таа програма со мерки. Мислам дека овие се одредени согледувања што би требало и во понатамошната расправа, јас може би требаше и извештаите на работните тела да одат побрзо во таа смисла. Изрично ЗПК сакаше да ги расчисти овие односи на самата Комисија за во Собранието да не се води расправа. Јас во целост во склоп на ЗПК ги подржуваме предлог заклучоците и програмата исклучиво да служи за запознавање на ова Собрание, односно како појдовна основа за изработка на развојно економската програма за среднорочниот развој која ќе ја разгледуваме, односно сите други забелешки и мислења би требало да се дадат. Не е спорно бидејќи целта на секоја програма и на оваа програма за работа на Владата како што истакна претседателот е да обезбеди подобар живот за сите граѓани, да обезбеди побогат живот сите граѓани.

**АЛЕКСАВДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мислам дека и тука би требало.......
Нормално е програмата да се оствари, за .......
период, да се оствари со помали жртви но .....
Јас имам толку. Инаку, мојот дел што беше.......
на појдовни основи и одредени забелешки.......... мисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се извинувам, поради други...
пуштам седницата, натаму седницата ќе ја.....
ковски, како што се договоривме. Со мене ....
дин Киро Поповски.

(Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот на Владата ! господин Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Не е добро кога се критикува владата.....
секој пет минути да излегуваат на говорницата....
јата програма. Она што ние имавме да го...
мата програма, а сега е на вас редот, вие ....
мислите за таа програма. Ми се чини дека...
и не треба никој да биде премногу чувствителен...
што Влада која не ја критикуваат може да ....
за секоја влада е добро одвреме навреме да...

Од тука моето јавување не е во с...

некои напади, туку да внесам едно мало појаснуваше кое ми се чини дека е нужно. Забележувам една константа во сите дискусии која што укажува дека многу мал дел од пратениците ја сфатиле потребата од оваа програма. Мене не ми е јасно од каде таа забуна. Мене таа работа апсолутно ми е јасна. Очекував можеби и на другите ќе им биде јасно.

Ако ние сакаме да ја разбереме целта на оваа програма, тогаш мораме да појдеме од политичката ситуација во Македонија и од условите во кои што работи овој Парламент и оваа Влада. Само ако ги земеме предвид овие работи, тогаш ќе можеме да разбереме зошто служи оваа програма. Оваа програма би била сосема излишна ако на изборите победеше една партија и ако таа партија формираше своја влада. Тогаш нејзина генерална програма за активности ќе биде нејзината изборна програма. Ние имаме ситуација ниедна партија во овој парламент не освои доволен број пратеници да формира своја сопствена влада, па според тоа недостига оној елемент, претходна изборна програма врз база на која ќе се вика Владата на одговорност за работите кои што не ги спровела а што им ги ветила на избирачите.

Втора можност е да се прави коалиција. Кога се прави коалиција тогаш на правењето на коалиција и претходат разговори околу усогласувањето на двете или трите партии кои влегуваат во коалиција. Значи прво имаме програмски разговори и дури откога двете или трите партии ќе се усогласат која би можела да биде заедничката платформа за дејствување, дури потоа се преминува на дискутирање околу персоналниот состав на Владата. Ваква ситуација ние не доживеавме тука. Немате коалиција, немаше коалициони договори, според тоа немаше ни коалиционо усогласување на програми. Оттука се наоѓаме во една ситуација да имаме влада која што се декларира дека не е врзана ниту за

една партија. Меѓутоа настанува една многу опасна ситуација. Тогаш може Владата да биде врзана да биде ве врзана ни за една програма за дејствување во иднина. Токму тоа требаше оваа наша програма, тој недостаток да го отстрани. Бидејќи немаме претходна изборна програма вие ви нудиме заедничко видување ва членовите ва оваа Влада за дејствував>ето во наредните четири точки. Ми се чини дека тука нема место да дискутираме за тоа дали е потребна програма или не. Таа е нужна, а нужна е и за Владата и за овој Парламент и нужна е во вашите меѓусебни односи.

Во самата Влада оваа програма ќе значи дисциплинирање да се сите насочиме во остварување на овие работи кои што сме ги забележале во таа програма. Според содржината ва таа програма ние можеме да цениме што е ваш приоритет за работа, а што не е. Од друга страва таа програма на ова Собрание му дава точеа преглед во кој правец мисли Владата да се движи. Со тоа ва ова Собрание му дава и извесен мир да ве ја оценува работата на Владата само ва основа на поедини предлози и закони и тогаш ва Владата евентуално и префрлува, сте пропуштиле ова, сте пропуштиле тоа, туку точно ва база на програмата Ісе види кои се области Владата мисли да ги регулира и ќе види во кој правец одат размислувањата ва Владата. Оттука оваа програма фактички создава ред и во вашата работа и во нашите дискусии во ова Собрание. Затоа мислам дека е неопходна. Меѓутоа не е неопходна само да ја примите информативно. Мене ми се чини, токму поради тоа што го реков е неопходно и вие да ја усвоите.

Еден втор елемент.. Овде постепено се заговара дека оваа програма и не  е толку битва, дека следи некоја многу побитна програма. Ве молам, такво реагирање на приораните не е дозволено. Ако говориме за она што е

за оваа Влада и овој Парламент па дури и за овој народ важно, тогаш е тоа оваа програма. Оваа програма точно ги зацртува правците на развој во кој што мисли Владата да работи. Ова се правците во кои мислиме ние да работиме. Сега, секогаш може да се стават забелешки што се не е ставено во програмата. Меѓутоа, мене ми се чини дека оваа програма би било добро да се критикува од гледна точка на тоа дали нешто е лошо во нејзе» бидејќи ние сите оние работи што сме ги напишале сме можеле да ги напишеме и на дупло поголем број страници со многу поголем број детали. Меѓутоа, зарем не мислите ако многу ја детализираме програмата нема да биде порационално да ви понудиме и комплетен закон. Тогаш ви ја земаме можноста да дискутирате за поединечни закони. Ве ставаме во една чудна улога да ја одобрите програмата со некои Детали, меѓутоа не со сите, така да после кога ќе го донесеме законот, кога ќе ви го предложиме законот, просто да нема потреба ни да дискутираме. Не, ние сакаме да одиме постепено. Сега да дискутираме за генералната ориентација, таа е дадена во оваа програма, а сите поединости ќе имате повторно шанса да ги критикувате кога ќе ги добиете конкретните предлози на законот. Ми се чини дека не би требало да се навраќаме повеќе околу ова прашање што е програма, зошто служи, дали треба или не треба. Неопходна е и ве молам како таква сфатете ја.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Јас би се произнел по програмата, мислам за првпат Владата односно поранешниот Извршен совет да дава ваква програма која е еве денес на дневен ред, за амандманскиот период и мислам дека програмата е сеопфатна која може да послужи како платформа за иднината на Македонија. Јас дури би рекол дека ова е програма на Македонија, да биде

за идните патишта што треба да се направат. Меѓутоа сакав да кажам дека вака како што е јас ја поддржувам во целост. Ги поддржувам заклучоците на работните тела и заклучокот на Собранието што денес треба да го донесат. Како таква да ја донесеме. Меѓутоа исто така, сакам да се произнесам по оние работи кои недостигаат во програмата, за пресекот на состојбите денешни односно кога Владата стапи во работа какви беа состојбите воопшто во Македонија, посебно во стопанството.

Погаѓајќи од ваквите состојби мислам дека Владата ќе има огромни тешкотии, а исто така и ние пратениците и граѓаните, поготово организациите односно претпријатијата кои треба да ја извршат.

Денес кога се наоѓа под блокада стопанскиот систем, општествениот систем, кога се наоѓа под блокада пазарниот систем каде и на кој начин ќе произведеме и продадеме во овие услови кога е неекономска криза, политичка криза, туку воена криза, кога ние треба сите мерки во овие услови да ги најдеме да се извлечеме од ваквите состојби и да го одржиме стопанството и да создадеме, како што предлага програмата подобар живот на граѓаните.

Како и на кој начин сето тоа ќе го направиме кога не работи платниот промет. Како и на кој начин кога е блокиран кредитниот систем, кредитниот потенција. Со кои средства и од каде ќе обезбедиме средства за стопанството денес да му се помогне на она стопанство што го имаме, општествено се дотогаш не се донесе законот, мислам македонски, на кој начин и како да се трансформира во некоја друга сопственост, а поготово како ќе се трансформира во приватна сопственост. Треба децидно во овој закон да се предвиди како, на кој начин и кој од општествениот имот ќе се пренесе во некој друг вид имот задружен, државен или јавен имот. Се да

отиде во приватен не може, се да отиде во државен исто така. Треба да се најдат решенија ва кој начин тоа да се направи.

Монополистичкиот начин на производство што го имаат тие претпријатија денес одат во приватни претпријатија односно некои делат акции што мислам за тоа Владата треба да преземе мерки, да изврши некоја ревизија и да спречи ако има злоупотреби во однос на цената, во однос на начинот на трансформацијата, а ако нема злоупотреби нека се продолжи така како што е во оние организации каде што е во ред.

Понатаму на кој начин и како кога не работи девизниот систем, а кога сум овде кај девизниот систем, кој гарантира на граѓаните девизните штедни влогови кога,како и на кој начин ќе се вратат. Кој гарантира за штедните влогови. Како е до сега е во ред, меѓутоа мислам дека во иднина условите се отежнати. Како и на кој начин, кога сме кај девизите, ќе се обезбеди енергија кога еве при крај се резервите поготово за нафтата а и другата енергија. Од каде девизи. Кој потенција ќе можеме да го обезбедиме, така да стопанството ќе се најде во голема тешкотија.

Кога сум кај кредитирањето, да се направи еден пресек колкави инвестиции во последните десет години е обновен нашиот капацитет, да видиме дали е обновен. Денес имаме застарен капацитет преку 60% е амортизиран. И така амортизираниот капацитет 40% не работи. Не се воведени втора, трета и четврта смена да се искористува капацитетот. Повеќе се мешаме во политиката, отколку во економиката. Без економика нема напредок. Мора на некој начин да се обновува капацитетот. Од каде средства, како може да се добијат средствата? Нашите потенцијални кредити односно банките не се способни за тоа, бидејќи рековме ....потребна санација на банките.

Кредит од странство. Каков кредит: комерцијален, финансиски, заедничко вложувале или по пат на лизинг.

Гаранција, кој да ја даде гаранцијата, исправна гаранција која Ісе ја признаат странските партнери и дали баш во вакви услови можат да се добијат средства и дали може некој да даде гаранција. Сигурно дека тоа е отежнато и тука владата ќе се најде во доста големи тешкотии со капацитетот застарен што го имаме, а не може да се обновува.

Понатаму, рековме приватни претпријатија, мало стопанство односно мали претпријатија, мали капацитети и средни капацитети треба да се градат. да видиме колку се обезбедени средства за таквите капацитети. Немаме ништо обезбедено. Немаме ниту кредити обезбедено, ниту капацитети, дури и локации немаме. Во општините не се даваат ни локации да можат граѓаните да отворат некои дуќани како што сега ги прават во угостителството и во трговијата. Меѓутоа, сметам дека треба да се дава, во занаетчиството, во индустријата, во земјоделието и во другите области а не во угостителството и трговијата каде што имаме доста трговски капацитети.

На кој начин и како ќе ги наплатиме побарувањата ако е тоа така, 11 милијарди и 300 милиони што ги побаруваме од другите држави во Југославија. На кој начин тие средства ќе бидат обезбедени и наплатени. Сигурно ќе биде тешко и покрај тоа што се правеа компензации.

Да видиме каква е рентабилноста и економичноста во работењето со преземањето на Владата ќе видиме дека од година во година продуктивноста опаѓа, економичноста опаѓа, така што дојдовме во многу тешка состојба и прашање е дали ќе се остварат буџетските средства, така како што ги ...Буџетот. Мислам дека треба да ја прифатиме програмата и

да видиме како може да се оди на помало вложување, а поголемо вработување.

Технолошкиот вишок од 55 илјади ќе биде голем проблем на Републиката. Мора да се бара решение каде да се најде работа на тој технолошки вишок, а исто така и 164 илјади невработени работници и високостручни кадри кои чекаат постојано вработуваа>е. Во Македонија имаме 143 илјади хектара површина која била обработена, а денес не се обработува. Мислам треба да се изнајдат решенија таа површина да се обработи.

Сточниот фонд, оној што сме го имале во 1946 година треба да дојдеме на тоа ниво пак да го обезбедиме. Треба да обезбедиме храна.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ**: (Продолжение)

....бар за нашите граѓани колку можеме да имаме млеко, млечни производи, месо, месни производи како и житарици и да ги искористиме сите постојни резерви на некој начин да можеме да го подобриме животниот стандард на нашите работници.

Најболно и најтешко е вработувањето. Мора да се најдат решенија во границите на можностите за побрзо, поефикасно вработување, а за тоа треба да имаме програма. Јас имам многу повеќе но гледам дека трпението и времето се при крај,затоа би го скратил моето излагав>е. Меѓутоа, пак се враќам на Програмот, мислам дека треба да го прифатиме со овие дадени забелешки и да се вклучи целото стопанство и други научни институции, заводи што можат, факултети, науката да помине во стопанството и да ги изнајде сите решенија што можат да се искористат постојните резерви за подобар живот на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Јованов бара реплика.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине потпретседателе Петковски, со цело уважување на сите пратеници и пратенички, имам еден предлог, ваквите долги дискусии да не се водат од оваа говорница туку да бидеме кратки и јасни бидејќи господинот Кљусев имаше едно излагање, долго, целосно исцрпно. Дури излагањето на професор Кљусев го прифативме со аплауз.

Ве молам веќе е 3,15 часот а имаме уште 33 точки. Јас незнам во овој момент уште колку има пријавено говорници на оваа тема. Дали може тоа да се знае?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За дискусија се пријавиле уште 24 пратеници, а не е само тоа. Имаме уште 35 други точки, освен оваа.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Ве молам колеги пратеници, ако може овие дискусии да ги смалиме. Да не навредам некого ако кажам дека овие дискусии нема да бидат добри. Оној кој мисли да го искаже своето мислење еве јас, потполно се согласувам со излагањето на господин Гошев. Беше исцрпно, долго, јасно. Меѓутоа, ако имаме уште десет души со такво излагање, тогаш и утре во 10 часот да се најдеме овде. Јас ве молам да најдеме некој договор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се пријави господин Митко Анастасовски.

(Не е тука).

Збор има Симеон Ивановски.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Го респектирам апелирањето и од претходните дискутанти и од сегашниот да ги скратуваме дискусиите, да не се повторуваме. Постојано сум инсистирал на тоа и сега инсистирам пред да почнат, зависно од која партија кој дискутира да ги ограничиме дискусиите. И не само денеска него секогаш. Да се договориме дека дискутантот има на располагање пет минути и за тие пет минути нека каже што има. Но, на тие пет минути не се придржуваме. Сега гледам дека има нервоза кај господата од ВМРО-ДПМНЕ и нормално е затоа што дискусиите се одолжуваат.

Вчера, ако земеме како дискутиравме и колку пати исти дискутанти се јавуваа и истото тоа од оваа говорница го повторуваа, ние реагиравме од местата каде што седенме, мислам дека треба за исти работи исто да се понесуваме.

Јас го респектирам тоа, мојата дискусија ќе ја приложам. Дозволете ми, само две-три работи што се надвор од напишаната дискусија што ќе ја приложам.

Прво, јас сум прилично изненаден и збунет со оваа Програма. Едни предлагаат да не се води по неа дискусија, дека е само информативна и се дава на знаење. Тоа можев да го прифатам ако е така и ако не се јавеше министерот Миљовски. Во излагањето и претседателот на Владата на некој начин кажа еден концепт, една платформа ва која ќе ги вработуваат другите документи, дека е тоа во вид ва изборна програма која требаше да биде во фазата ва изборот а ве после четири месеци, во можеше да се прифати. После реакцијата ва министерот Миљовски кој решение дека тоа не е програма за запознавање туку програма за усвојување врз основа ва која треба и ние понатаму да донесуваме одредени... јас сум сега збунет дали треба оваа Програма да ја примиме информативно, како начелна програма за заработка ва натамошни програми што треба да ги донесуваме или програма што треба да ја донесе. Едноставно сум во недоумица што е ова сега што се нуди овде.

Второ, што сакам да кажам надвор од мојата дискусија е тоа што претходите дискутанти го кажаа, вам во овој момент помалку ви треба програма за наредните четири години. Тоа е мое убедување. Нам. ни треба програма за работа во вонредни околности. Претседателот ва Владата овде дури покажа со дигната рака, дали ја има, стално најавува дека имаат некои документи а ги држат. Ако ја имаат веднаш да ја дадат бидејќи таа ни

е потребна. Стопанството застана. За илустрација, секој ден можеме да прочитаме, вчера застана Топилницата. Јас зборувам од браншата од која што доаѓам. Утре ќе застанат рудниците или некоја други фабрика, бидејќи во овие вонредни околности немаме начини и можности како да работиме. Нам ни треба таква програма како во вонредни околности да се снаоѓаме.

Овој концепт што е направен, дали беше моментот сега да се даде во овие околности, се прашувам. Но, доби свој тек. На расправата во Комисијата за стопанство се побара програма за работа на стопанството во вонредни околности да биде готова до 1 август. Беше ветено дека Ќе биде готова, но денеска, во дискусијата се покажа дека има готово, но ја немаме. Јас барам ако може да се одреди рок од сега натаму десет дена или максимално краток можен рок, Програмата да се добие, да видиме како стопанството ќе работи во овие услови кога тотално ништо не функционира. Тотално ништо. Платниот промет се она што фактички стопанството не може да сервисира. Треба да се замисли како стопанството ќе работи, а с€ се надградува на ова стопанство. Дури и ние овде што седиме, и оние што не плаќаат и тоа се надградува на стопанството и целата друга надградба. Според тоа мора да најдеме некакви можни излези во оваа тешка ситуација како да работиме бидејќи навистина немаме услови сега да работиме.

Трето, што сакам да кажам надвор од дискусијата, за нашата бранша а тоа е браншата на рудниците за обоени метали во Републиката, изработивме еден материјал, комплетен кој помина преку телата на Стопанската комора. Тој материјал е со сите можни видувања, со одредени

програми и мерки и таму беше усвоен. Истиот е доставен до Владата, до ресорните министерства и јас би ги замолил, во изработка на другите акти понатаму односно Програмата за развој и економска политика вака изработената програма да ја имаат предвид.(Пратеникот Симеон Ивановски, ја приложува дискусијата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, во натамошната расправа да се има предвид мислењето на ЗПК околу карактерот на Програмата и не би требало околу тоа повеќе да се расправа.

Има збор господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, после десет дена во кои политичарите имаа главен збор еве конечно и ние, стопанствениците добивме можност да се искажеме за состојбата н проблемите, а при тоа да ги искажеме нашите барања за да можеме што побргу да ги сопреме разурнувачките текови што го притискаат македонското стопанство. Не треба да ве убедувам дека сето тоа што десетина дена го дискутираа политичарите ќе биде чиста илузија доколку стопанството не го оспособиме да ги следи нашите политички желби, односно да не останат пусти желби туку да овозможиме да станат реална стварност.

На почетокот морам да искажам една забелешка. И овој пат телевизијата и сите други средства за јавно информирање тоа го покажува полупразната галерија, новинарите, покажаа дека сакаат да живеат од политика а не од стопанството. Додека беа политичките прашан>а на дневен ред таа директно ја пренесуваше и телевизијата а и новинарите - беа присутни и будно ги следеа сите дискусии. Сега кога е на дневен ред стопанските и економските прашања, ги нема

1.-

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во мојата дискусија по Програмата на Владата ќе се задржам на нејзините сегменти на промената во Стопанскиот систем и аспектите на развојот на обоената металургија.

Најпрво сакам да истакнам дека делумно се сложувам со констатациите за состојбите во стопанството, но тие беа познати уште кога Владата го доби својот мандат, со напомена да тогаш состојбите беа значително поповолни.

Јас лично очекував дека после помината време повеќе од 4 месеци од изборот, Владата ќе понуди програма за постепено надминување на наплатените проблеми во севкупниот стопанскиот живот, а таа ни понуди насоки, декларации, аспекти, со еден збор општи начелни определби во вид на платформа за изборна кампања, без конкретни квантификации и посебна динамика и операционализација за нејзино оживотворување.

Имено за остварување на целите на промените на стопанскиот систем, како клучна промена се смета сопственичката трансформација со што и јас лично се сложувам, но се прашувам зошто Владата (кога овој процес веќе тече со сите свои позитивни и негативни примери), не го понуди републичкиот Закон за сопственичката трансформација со кој треба да се постигне подобро управување, што е можно побрзо трансформирање и да биде прифатена од граѓаните како праведна трансформација но ни понуди запирање од понатамошна важност на постојниот Закон, со што изгубивме неколку седници на Парламентот во празни неаргументирани, некорисни и тенденциозни дискусии, со што во јавноста внесуваме нејасности и општа конфузија.

Се прашувам исто така зошто Владата не ги донесе досега прописите за прецизирање на претпријатијата од “посебно општествено значење”, со што ќе отпаднеа многу дискусии, дилеми и недоразбирања околу трансформацијата на капиталот и околу цените на производите на овие претпријатија.

Сакам да потсетам дека уште во почетокот на конструирањето на овој Парламент, поставив прашање каков третман во трансформацијата на капиталот ќе имаат рудните богатства, односно рудниците, со мое мислење дека треба да бидат во категоријата на претпријатија од “посебно општествено значење” но ми беше одговорено дека таквото мислење е конзервативно и дека треба трансформацијата да се одвива по важечкиот сојузен Закон. Сега пак во програмата се најавува можна друга ориентација, со што ваквите организации се доведени во крајно конфузен и недефиниран статус

Во фискалната политика повторно се нуди придонесите и даноците да се зафаќаат од доходот. Што е најприфатливо и дестимулативно за стопанството, и ствара недоразбирање во контактите со странските потенцијални вложувачи, бидејќи за нив мора да биде јасно колку се зафаќа од добивката, а колку останува за оној кој ја ствара, а не во нашите случаи кога зафаќањата можат да изнесуваат и повеќе од створената добивка.

Исто така декларативно се нуди дека, оптоварувањето ќе се сведе на нивото на оптовареноста на средно развиените Европски земји но не се кватифицира колкаво тоа треба да биде.

Од погоре изнесеното произлегува дека не можам да бидам оптимист во поглед на брз и на ефикасен почеток за реализација на понудената програма.

Имајќи ја пак во вид моменталната состојба и условите во кое стопанските субјекти стопанисуваат и треба да настават со понатамошните активности нам ни треба Програма за дејствување и работење во вонредни околности. Имено, не функционираат стопанските текови, не функционира платниот промет, недисциплина во извршувањето на должничко-доверителните односи итн., практично е невозможно да се купува, да се увезува, да се извезува, практично се наоѓаме пред економски и социјален колапс.

Затоа предлагам Владата поитно да понуди Програма за работа на стопанството во вонредни околности.

На крајот ќе се осврнам на секторот на обоената металургија, поконкретно за рудниците во нашата република и сакам да укажам дека оваа гранка треба да добие понагласен третман како во оваа Програма така и во развојната Програма и Програмата на мерки на економската политика за наредниот период.

Комплексот на обоени метали, а во тие рамки и Рудниците на Пб и Зн “Злетово”, “Саса”, и “Тораница”, во досегашниот степен на развој имаат значајно место, не само како стратешка суровинска дејност, туку и поради придонесот во него девизниот ефект и развојот на металургијата и преработката.

Со своето годишно производство рудниците на Пб и Зн во целокупното југословенско производство со 40%, во светското со 2%, а со 60 милиони долари девизно годишно производство се наредуваат во најзначајните извозно ориентирани гранки.

Количините на метали во рудните резерви како потенцијал изнесуваат преку 5 милиони тони олово, 3,5 милиони тони цинк, 125 тони сребро што претставува огромен руден потенцијал и национално богатство кое треба да се искористи за кое нешто, се разбира, е неопходно обезбедување и соодветни услови , зошто, во вакви какви што ги имаме денес, тоа е тешко остварливо.

За разлика од изминатиов период, кога оваа дејност перманентно остваруваше позитивни финансиски ефекти и рамноправно и конкурентно се носеше со останатите претпријатија во гранката како во земјата, така и во меѓународната поделба на трудот, во задните години, а особено минатата и тековната бележи рапидно опаѓање на својата доходовност, акумулативна и репродуктивна способност со тенденција на понатамошно вложување.

Основните причини за тоа се: високиот пораст на цените на влезните трошоци во услови на драстично опаѓање на цените на металите на светскиот пазар, отежнатиот пазар и неконтролираниот увоз, несоодветната даночна политика, високите carинcки давачки и такси наспроти слободниот режим на увоз на финални производи во гранката, застарената и амортизирана опрема, опаѓањето на содржината на металот во рудата, нејзиното откупување на се поголеми длабочини, а со тоа и осетно зголемување на производните трошоци и др.

Според тоа, доколку сакаме оваа мошне витална гранка и во нашите понатамошни програмски определби на пократки и подолги временски периоди да ја задржи и уште повеќе зголеми улогата што досега ја имаше – во оваа Програма на нашата влада мора да добие соодветен третман со комплетно дефинирани насоки и мерки за надминување на сегашните неповолни состојби.

Почетокот што во првото полугодие од оваа година, во кое македонското стопанство се најде пред економски крах и индустриското производство забележи највисок пад (20,2%), а произведените обоени метали бележат пораст од 9,5% колку и да радува и заслужуваа внимание како еден меѓу ретките позитивни примери, сепак финансиските резултати се негативни.

Ако вака работите продолжат да се одвиваат и понатаму, крајот на годината ништо подобро не ветува.

Имајќи го предвид изнесеното уште еднаш апелирам кон Владата при изработката на развојната програма и мерките на економската политика за наредниот период да ја има во вид информацијата за состојбите и проблемите на рудниците за обоени метали во Републиката, која беше разгледана во телата на СТопанската комора, беа предложени конкретни мерки за надминување на состојбите во рудниците на обоените метали и на време доставени до Владата и ресорните министерства.

Јас во оваа прилика ќе изнесам неколку од предложените мерки:

- даноците и придонесите да се пресметуваат од добивката и истата да претставува основица за пресметување, а реинвестираната добивка да се ослободи од зафаќањата.

- увозната опрема и резервните делови кои не се произведуваат во земјата да се ослободат од царина и увозни давачки.

- да се предвидат селективни кредити за замена на амортизираната опрема и решавање на еколошките проблеми во рудниците.

- ослободување од заемите за РФНП

- обезбедување на поповолни (пореални) цени на монополските производи (струја, ПТТ услуги, нафта, транспорт и др.)

- да се предвидат извозни стимулации за нето девизен ефект.

- донесување на ефикасни социјални програми за решавање на технолошкиот вишок итн.

На крајот сакам да истакнам дела во општините каде се наоѓаат рудниците на обоените метали, добар дел од стопанската активност, а посебно општествените дејности, и целокупниот друг живот, зависат од состојбите во овие организации.

Тоа е мотив и потреба повеќе на оваа групација во овој момент да и се посвети поголемо внимание, што во иднина повеќекратно ќе се врати.

БЛАГОДАРАМ

и не се толку заинтересирани.

Би сакал исклучиво како стопанственик без политичка определба да се произнесам по Програмата на Владата на Р. Македонија

Програмата ја очекував со нетрпение и со големо внимание ја прочитав. Пред да се произнесам по истата би ви навел некои покарактеристични параметри за средината каде работам.

Индексот на физичкиот обем на индустриското производство за периодот I-VI 1991 година споредено со I-VI 1990 година во општина Струмица бележи огромна стагнација, опаѓање и е на ниво од 58,3% што е незапамтено од ослободувањето до денес.

При тоа не е за сите дејности подеднакво. Има одредени дејности што можат да се носат со состојбата во која сега се наоѓаме, додека кај некој особено текстилната индустрија има драстично опаѓање. Би навел само неколку примери во неметалите Во производството на неметали, физичкиот обем на извршувањето е 99,8%, значи на минатогодишното ниво. Преработка на неметали 91,1%, металопреработувачката индустрија е со големо опаѓање 45,2%. Производството на градежни материјали 83,2%. Имаме зголемување на материјалното производство во преработката на дрво 119,5% и производите од дрво 77,5% во финални производи. Кај текстилната индустрија, особено предилниците 43%, конфекцијата само 34,9%. Кај прехранбената индустрија што е забележително во Струмица расте со 103%, што значи 3% повеќе од минатата го- дина во производството на пијалоци 104,1%, додека производството и преработката на тутун е 39,2%.

Имаме прашање на вработеноста. На 31.X11.од 20.10 вработени во општина Струмица со 30.VI.1991 година падна на 18.500 од кои во нестопанството ....... а во стопанството 15.375.

Во Заедницата за вработување имаме пријавено вкупно 8.264 граѓани кои бараат работа од кои 6.663 што бараат редовно вработува&е а 1.601 од услови на стечај и стечајна постапка кои останаа без работа и во Заедницата за вработување чекаат вработување. Во таа бројка 586 се со више и високо образование. Прашање на кое секам поопширно да се задржам и го изнесам своето мислење, да дадам своја сугестија од кое треба да се темели економската политика во наредниот период во Р. Македонија е преструктуирање на стопанството и трансформацијата на општествениот капитал За преструктуирање ва стопанството мора да кажам дека е основна определба дека мора да се соочи со пазарното стопанисување да го напушти планското односно договорното стопанисување. Притоа мора тоа треба да го направи Министерството за развој за да можеме да добиеме биланс ва состојбите, реален биланс ва состојбите во кој сега се наоѓа македонското стопанство, да направиме биланс ва потребите и реалните можности со кои може вашата Република да стартува во периодот што е пред вас.

Претседателот ва Владата го дефинира преструктуирањето ва стопанството дека треба да се насочи кон давање целосна поддршка на формирање мали претпријатија, меѓутоа мораме да бидеме свесни дека тоа што до сега го имаме создадено, сегашното стопанство во сегашните рамки, ве смееме да го поставиме ва маргините и да го оставиме само ва себе. Тоа мора да служи како појдовна основа да создадеме услови за изградба на другите дејности во стопанството што мислиме дека ќе бидат продуктивни и ќе можат да вработат поголем број на ваше работоспособно население.

Оттука, мораме да најдеме активности со кои ќе треба ова да го спроведеме во праксата, а тоа е трансформацијата на општествениот капитал. Да не дозволиме тој капитал целосно да ја изгуби својата вредност и да биде распродадено и дадено без некоја адекватна цена ва сегашната состојба. Меѓутоа, јас лично би прифатил и една таква состојба само да се најде можност таа општествава сопственост да се ефектуира, односно да не дојдеме во ситуација да мирува а вработените да се наоѓаат на платен одмор или пред процесот ва напуштање на работа. Да се најдат можности тоа стопанство, какво што е да најде начин да може да се ефектуира, да с вклучи во производството, да се произведува производство пред се за пазарот ана Р Македонија, а уште повеќе и многу поважно е да најдеме производи што ќе бидат пласирани надвор од Републикава пред се на странскиот пазар за да можеме да обезбедиме значајни и потребни девизи за отплата ва вашиот долг и оживотворување ва стопанското производство и во другите дејности каде сметаме да ја насочиме нашата домашна активност.

Основно прашање ва кое мора да се најде одговор во овој момент е решението за создавање услови да може да се отвори процесот ва инвестирање. Без инвестирање, без вложување, без отворање фронт ва работа и за градежната оператива и сите други што ќе бидат вклучени во инвестирањето мислам дека Македонија како стопанство ве ќе има шанси. Меѓутоа, предлагам дека ве треба да се потпреме во инвестирањето исклучиво ва странскиот капитал што е сомнително дека ќе може да биде доставев во Р Македонија а сопствените. можности ва сите ви се познати, тие се ва нула, да не кажам на негативна нула, затоа ва размислување сум

она што претседателот на Владата го даде како сензационална желба имаше барања Македонија да ја претвориме во безцаринска зона, мислам дека треба да создадеме сигурност за да може странскиот капитал, но не во смисла на зелени долари или девизи, туку да создадеме услови странската технологија да биде лоцирана, да најде место, да биде доведена во нашата Република со нивни ризик, нивни средства, да биде овде лоцирана бидејќи има простор. Инфраструктура имаме верувам ќе се најдат и други технички можности зг да може да произведува производство исклучиво наменето, со технологија, за странскиот пазар а нашите луѓе способни,наместо надвор да бараат работа овде да ја имаат со многу помали трошоци,помали ризици а притоа да излеземе и бидеме способни да се најдеме на странскиот пазар за кој, во почеток ќе биде исклучиво со наша работна сила а подоцна да ја усвојуваме таа технологија и да преминува во рацете на нашите граѓани, да не кажам бизнисмени, луѓе кои ќе можат со свој капитал да ја купуваат таа технологија и да стане производство на нашата Република.

Да не должам да не бидам здодевам, мада имам можност бидејќи ретко кога добиваме збор ние од стопанството, бидејќи политичарите се на сцена и оваа говорница е предодредена тие да ја окупираат, меѓутоа ќе завршам со една моја оценка за програмата. Ги погледав понудените заклучоци и морам да кажам дека би дал поддршка. Но, морам да го кажам и своето мислење и оценка за Програмата на Владата. Според мене, таа не е комплетна, нема акција, без динамика е и наликува повеќе на Програма на партија а не на Владата програма.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас немам пишан текст па заради тоа не можам да ја приложам дискусијата. Но, ќе се обидам да бидам многу краток и ќе се обидам само да ги нафрлам оние работи што мислам дека се клучни.

Прво, генерална забелешка на оваа Програма што мислам беше и во некои дискусии истакнато, е дека е прилично воопштена што значи дека би очекувале и некои воопштени резултати од неа, што не е добро. Мислам дека ќе требаат конкретни резултати кои во ова време се потребни. Инаку, ќе се осврнам на она што мислам дека е основа на една држава, а тоа е стопанството и воглавно на тој дел од програмата ќе дадам свои забелешки.

Прво, што мислам дека не е во ред во програма*та што е дадена, едноставно е даден ист приоритет на развојот на сите можни гранки. Гледам, во самата програма дека Владата ќе создава услови и ќе се залага за развој и на хемиската индустрија и на машинската и на металската и на прехранбената и практично на се и сешто. Во услови во какви што се наоѓаме ние, мислам дека тоа е нереално. Таква програма која би нудела еднаков фронт на развој спрема сите гранки мислам дека не би прифатила ни една Германија, а да не зборувам за многу поразвиените држави, а не нашата. Според тоа, нереално е да одиме со таков тренд на развој во кој што ќе развиваме се и сешто. Тоа не е во ред.

Мое лично размислување е дека Владата требаше да направи една анализа на моменталните материјални, финансиски, природни и кадровски ресурси, па и сите други можни потенцијали на оваа Република. Врз база на тие показатели таа мислам дека требаше да излезе, да речам, со една т.н. национална стратегија на развој на оваа Република. Во овој момент, кога

практично правиме своја држава, развојот на ова стопанство веќе не е врзано со директиви од Белград или од други центри. Практично, оставени сме сами да размислуваме за својата иднина. Мислам дека требаше да се излезе со конкретни предлози не во смисла да го насочува населението што е тоа што треба да се развива. Меѓутоа, требаше да се испадне во смисла Владата да каже дека ќе се залага за развој на оваа или онаа индустрија и за тие индустрии, макроекономски гледано, тие индустрии ќе имаат соодветни прнвелегии во оваа држава, преку даночната политика, преку кредити и слично. Тоа не би значело дека другите индустрии би биле оставени така. Меѓутоа, со една ваква насоченост на народот мислам дека би изградиле некоја стратегија утре или после пет-десет или незнам колку години можеме да добиеме некоја стопанска гранкаг што би била еден вид наша идентификација. Не е на одмет примерот на некои земји од Азија, од далекиот Исток кои во седумдесетиите години градеа една таква стратегија и која стратегија испадна како многу паметна работа. Мислам дека општо ви се познати стратегиите на развој што ги градеа и Хонг Конг и Сингапур а посебно Кореа. Нормално, ние не сме Кореа, меѓутоа околу овие другите можеме да размислуваме и да размислуваме дали можеме да копираме нешто од таму. Мислам дека многу би ни користеле таквите идеи и мислам дека би требало да имаме една таква стратегија во која што оваа држава би била идентифицирана по нешто со кое што во светот би можеле да кажеме дека еве, ние сме меѓу првите пет или меѓу првите десет во светот по ова или она.

Према тоа, мислам дека една таква стратегија повеќе би придонела. Секако, тоа би требало да биде врз база на соодветни анализи од страна на Владата.

Би дал и некои други забелешки. Стои еден факт во Програмата дека Владата ќе се залага за форсирање на малите и средни претпријатија и дека тие би биле како носители на тој развој на иднината. Мислам дека тука можеби направивме еден, да речам, психолошки потег многу лош па ни се случи од големите системи да правиме мали системи. Останува клучно прашањето дали големите системи не се способни во овие услови да работат заради тоа што се големи или нешто друго е во прашање? Оти, логиката и на малите системи е да станат големи. Фирма која останува на ист развој мислам дека не напредува. Значи, сега имаме големи системи, од нив правиме мали за да утре тие ги тераме пак да станат големи. Во светот се знае кој владее. Владеат големите системи. И ние, имајќи ги сега ги растураме.

Друго е прашањето зошто не функционираат тие системи? Дали немаме соодветен способен раководен кадар или пак немаме соодветна законска регулатива на раководните луѓе да им дозволиме да раководат онака како што е можно да се раководи. Таа дилема би требало да ја расчистиме и да не се оди во онаа варијанта дека треба по секоја цена големите системи да се уситнуваат за да бидат поуспешни на пазарот, полесно прилагодливи итн. Има анализи. Не би сакал да бе оптоварувам, но во една ваква еуфорија во Америка имаше, во осумдесеттите години, и сега, кога се сумираат резултатите после 10 години, се виде дека практично само шест или 7% вкупниот доход отпаѓа на овие мали претпријатија. Сепак, се е во големите системи. Треба и тука да размислиме малку повеќе.

Исто така, нешто што би сакал посебно на крајот да забележам за работата на Владата, кое можеби малку не е во контекстот на Програмата е начинот како Владата, кое можеби малку не е во контекстот на Програмата е начинот како Владата постапува со овој Парламент.

Мислам дека требаше, барем во овие четири пет месеци колку што изминаа да биде поиницијативна. Се случува една обратна ситуација, според мене, иницијативите да доаѓаат од одредени пратенички групи, на било која партија, а Владата дава мислен>е по нив, се согласува или не се согласува. Во правите парламентарни демократии мислам дека процесот е обратен. Владата е таа која ги води сите иницијативи а Собранието дава согласност на нешто, прифаќа, не прифаќа, го дополнува, го исправа итн. Тој момент мислам дека би требало да се смени и можеби затоа доаѓа до некакви конфузни седници бидејќи една пратеничка група предлага, друга не се согласува и тогаш доаѓа она ајде да слушнеме што мисли Владата, како да Владата ќе најде некое компромисно решение и од тие причини имаме можеби вака долги седници.

Тоа би било она што сакав да го кажам. Но, покрај сето ова, ќе се осврнам и на образованието, од причина што и тоа е многу тесно поврзано со стопанството, па клучно е, ако имаме стратегија на развој на стопанството, ќе знаеме и какво образование да имаме. Значи, клучно е образованието да произлезе од стопанството што е повеќе пати кажано и слушнато, но во праксата ништо не направено. Не треба онаа стратегија во која што градевме кадри што знаеја се и сешто, само не она што требаше да го работат, се треба да се надмине. Затоа предлагам, односно треба да се размисли како да одиме на многу потесни специјалности на кадрите што практично излегуваат од образованието да бидат што побрзо прилагодливи за стопанството, а да немаме случаи кога доаѓаат па требаат години да се прилагодат.

Јас имам толку,а се надевам дека моите предлози беа конструктивни.

XI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитувано претседателство и почитувани пратеници, во мојата дискусија ќе бидам мошне краток, ќе изнесам само некои мои согледуваа>а во врска со програмата за развој на стопанството и другите дејности во нашата Република, како и одредени проблеми што сметам дека треба да се истакнат.

Поради тоа што беа истакнати многу проблеми од областа на образованието, не би сакал да ги повторувам. Меѓутоа, имам еден конкретен предлог во врска со Универзитетот, како највисока научна и образовна институција. Впрочем, тоа го имаат и сите универзитети во напредниот свет. Веќе е време таа да прерасне во автономен универзитет. Да се подобри начинот на финансирањето на Универзитетот, покрај друго и преку воведување партиципација при запишуван>ето. Не би било лошо да се создаваат законски претпоставки и во нашата Република да се отворат филијали на странски универзитети, се разбира, доколку постои интерес од одредени универзитети во светот. Такви примери имаме во соседка Бугарија, па дури има и средни училишта, колеци, на француски, англиски јазик итн. Ова го диктираат современите услови на науката и техниката, како и потребата на т.н. втора научна- техничка револуција. Впрочем, само тоа ќе ни овозможи поуспешно вклучување во меѓународната поделба на трудот за што се залагаат и реформските принципи.

Веќе е време да се ослободиме од разни догми, идеологии во системот на образованието, затоа што тоа е веќе надминато време.

Покрај тоа, сакам нешто да кажам. во врска со Програмата и за проблемот на екологијата, односно процесот и квалитетот на животната

средина во Македонија. Каков е тој квалитет на животната средина во Македонија. Јас сум згрозен кога ги гледам на бојните полиња во Хрватска како гинат луѓе. Меѓутоа, верувале, во науката има податоци како ние секој дев сме бомбардирани од разви загадувачи во сите животни средини, односно ва сите животни подрачја во Македонија. Да ве зборувам за поголемите градски населби.

Верувале, Скопје, така метаморфички може да се каже дека постојат неколку еколошки бомби што секој дев ве бомбардираат. Јас, во една прилика тоа го истакнав.

Исто така, во напредниот свет се мерат повеќе од 50 параметри ва загадувачи. Додека за жал, во вашата Република се следат само три елементи ва загадување, три параметри: $CO_2$ чад, и аероседимент. Иако, според некои прописи, законски акти, уште од порано имаме одредено дека во Републикава треба да се следат околу 13 параметри ва загадување.

Исто така, морам да истакнам дека во блиска иднина, Македонија мора да создава регистар на загадувачи во Македонија/ како и катастар на загадувачи. Без тоа ние само можеме да филозофираме, да се надмудруваме и повторно, кога ќе помине одредено време, кога ќе се вратиме, како што често пати денеска се враќаме па велиме тој, монистичкиот период беше таков и таков и т.н., значи исто ќе ви се случи ако вие ве бидеме децидни во решавањето ва овие проблеми и ова време ќе го ставиме во најцрните точки ва вашата заедничка историја.

Исто така, мислам дека Владата, иако во Програмата децидно стојат некои одредени постулати и мерки, сепак мислам дека ќе мора да нуди конкретна еколошка програма јас дури би рекол и гео- еколошка програма, затоа што сите ..,речни води во Македонија, иако е предвидено според

квалитетот да бидат прва или втора класа, според нашите прописи и законски акти, а тие законски акти се направени врз основа на одредени светски стандарди верувале дека сите тие течни води се над МДХ, односно за две или три класи повеќе се загаден отколку што е тоа предвидено според нашите стандарди.

**АСАН СЕЛМАНИ**: (продолжение)

Има огромни проблеми во сферата на подземните води. Скопската котлина, иако таа вода е мошне блиска по длабочина, некаде се протега од 2 до 10 метри во зависност од експозицијата на теренот, тие скопски подземни води се сите загадени. Имаме селски населби што до ден денеска немаат водоводна мрежа. Во една прилика рече претседателот дека имаме азиски последици, но мораме да кажеме дека имаме и азиски услови. Затоа, мислам дека на вистина во оваа насока Владата ќе мора да преземе одредени процеси. На пример, да речеме во нас Арачиново. Таа населба има над 8.000 жители, нема квалитетна вода за пиење. Имам податоци дека во минатите 5 години инспекциските служби перманентно ги следат тие води. На двете училишта пишува "ученици водата не е квалитетна за пиење".

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани пратеници, искажувам еден голем револт и незадоволство према колегите пратеници кои денеска отсуствуваат од оваа седница, бидејќи сметам дека и покај тоа штос е задржавме 4-5 дена на ова прашан>е што синоќа 15 до 12,00 дигнавме раце и овдека аплаудиравме, што е од огромно политичко значење од прворазреден карактер за Република Македонија, мислам дека ова прашање е исто така, а многу големо прашање, заради тоа што тоа што синоќа ние решивме да го направиме без ова денеска што го направивме, за што одговараме ќе биде многу бедно и сиромашно. Изгледа не сакаме да разбереме. Мислам дека тие што не избраа, ни дадоа и задача да избереме начин и пат како да ги извадиме од оваа кал, како да живееме подобро. Меѓутоа. ние денеска се пребројуваме дали имаме мнозинство пратеници барем 1 повеќе од 60 за да разговараме за новиот иден живот.

без економска немаме политичка рамноправност. Ако сакаме меѓународен признат правен субјективитет мораме да знаеме дека треба да имаме меѓународен признат економски субјективитет. Мора да сме економски јаки за да може да се мериме со Европа и да влеземе во Европа. Овде се кажаа доста работи кои алудираат на некои кратки дискусии досадни, одбзборувања еве го запишав името на господинот Пауновски кој што каже многу убави работи на оваа говорница, меѓутоа, никој не го слушаше. Мислам дека не е во ред. Како ка излеземе пред народот. Мислам дека не смееме вака да излеземе.

Дозволете да кажам 5-6 збора околу Програмата на Владата. Мислам дека не сме се разбрале со Владата. Мислам дека уште на почетокот требаше да каже г-динот претседател, дека се работи за една програма за работа на Владата која треба да ја гледаме од аспект, како елементи за основите на нашите планови за развој, за нашето идно живеење. Меѓутоа, за тие елементи мораме ние да разговараме. Ние мораме да ги знаеме тие елементи за основите на тие планови. Тоа произлегува од Законот аз системот на општествено планирање и општествениот план на Југославија, односно Македонија. Не обврзува Законот да донесеме такви елементи за основите на плановите. Овде децидно треба да кажеме кои се тие елементи. Мислам дека овде денес не разговаравме за тие елементи, иако во глобала се е кажано фалат доста работи за кои што мора да бидеме будни да ги отвориме очите што е тоа. Не се согласувам со одредени дискусии, искажување преку весници и пишување на одредени весници дека оваа Влада треба да си оди, дека ова не може да го издржи. Јас мислам дека оваа Влада ќе може да издржи и ќе може да ја изведе Македонија на по друг, по прав пат, се разбира, ако сите ние и помогнеме

на Владата не ставаме жар во бензин итн. Ние повозрасните што имаме контакти со сите стопански движења во овој период што го нарековме мунизам, што не чинеше мислам дека токму денеска треба да кажеме некои работи да и помогнеме ва Владата. Имево, јас никаде ве видов во Програмата да има некои компаративи податоци како базни елементи. Што е тоа база, што ќе биде база за идното наше споредување за периодот 1991 1995 година. Дали според Законот сме направиле анализа ва изминатиот предложев период. Како е тоа остварено и дали треба база тоа да аи биде. Јас ве се согласувам. Мислам денеска треба да имаме една друга база од која ќе ги градиме основите за вашиот натамошен развој. Да речам за овие 4-5 години. Мислам дека треба да боде основата оваа година, оваа петолетка каде што се постигнуваат најдобри резултати. Дали е тоа периодот од 1979 дали од 1980 година итн., меѓутоа имаме завод за статистика кој има квалитетни податоци од целата ваша индустрија од сите области и гранки и мислам од тие статистички податоци тие да ви бидат појдовна основа за вашиот идев развој. Зошто го кажувам ова? Ако вие знаме дека во 1979 или 1980 година сите ваши стопански области, односно гранки во Македонија остварувале производство во икс индексни поени толку и толку со индустриски капацитети вакви и вакви. Ако тие бидат база и ако од тогаш тоа остварено производство се зголеми за икс индексни поени сега при вашето планирање, заради тоа што сакаме да живееме подобро, заради тоа што имаме своја сопствена држава, заради тоа што ќе мораме и законските и договорни обврски од доходот да ги зголемиме заради тоа што ќе имаме своја војска, ќе имаме своја полиција итн., тоа значи вкупната општествена акумулација ќе мора да биде многу поголема заради покривање на сите општи општествени потреби. Имево, финансирањето на функцијата на општините ва градот Скопје на Република

Македонија, гледано од аспект на се заради тоа, ќе мораме да имаме некои компаративни податоци. На пример ако ние знаеме дека во периодот до 1980 година сме оствариле една вкупна општествена акумулација, а како вкупна општествена акумулација, како поим би кажал да речеме од сите области и гранки било индекс 100 од тоа него личниот доход беше 7 или 8 индексни поени, она што ние сите земаме во џеп, тоа не оди никаде, понатаму амортизацијата останува во фабриката и добивката во фабриката, а се друго е вкупна општествена акумулација, за финансирање на општите општествени потреби. Ако тие потреби беа 45 од вкупно 100 дали сега ќе бидат, заради тоа што сега имаме своја држава, своја полиција, своја армија дали ќе биде тој индекс 55-60% да знаеме на што сме. Ние во оваа програма такво вешто ве видовме. Мислам дека Владата ќе треба да ви даде одредени податоци од кои ќе можеме да видиме, односно вашите луѓе, овие што се во фабриките, по продавниците, земјоделците итн. воопшто целото население да знае да за колку ќе мора да направи пресврт, тука во главата, пресврт во однесувањето кон процесот на производството и коа живеењето. Зборуваме за зголемување на работењето за икс индексни поени ако се вадело 50 парчиња досега, сега треба да се вадат 150 парчиња заради тоа што сакаме да живееме подбори и да се развиваме така подобро. Така ќе влеземе во Европа. Нашиот развој мислам дека треба да го гледаме од тие аспекти. Ако скршевме од овие линии, тогаш што правиме. Јас поставив едно прашање до Владата каква вие е активата и пасивата на Република Македонија гледања во цела Република како една стопанска организација. Јас знам зошто не е Даден одговор. Мислам еден до замениците ми кажа дека е спремев тој одговор, меѓутоа е апсолутна лоша состојба. Н е што во својата дискусија г-нот Гошев кажа околу таа актива ваша. Мислам дека многу

треба да респектираме одредени осознавања наши за економијата. Треба Владата да преземе нешто од тоа, односно да си забележи иако некој од нас мисли овде дека ќе живееме убаво со седење ва клупите, простете, со ова што сме денеска мора да земеме по една голема гума и да избришеме од паметот тоа. Мора да се впрегаме убаво, мора да работиме убаво. Да направиме пресврт во нашето однесуваа»е кон тие средства, нивното користење, користењето на капацитетите. Ако тоа не сме го направиле, ништо ве сме направиле. Би сакал некои податоци од Владата да знаеме како се остварувале сите асортимани ва производството по физички единици колку е реализирав тој асортиман сега и во 1980 година. Да ја видиме таа дијаметрална разлика. Ние сега немаме искористени капацитети. Имаме 40% и вешто опаѓање ва индустриското производство по гранки, по области. Тоа е многу лошо. Како да се спореди со една година која што мислевме дека имавме 5 -10 години за остварување. Ако од тие 10 години тргнеме наваму секоја година имаме драстично опаѓање на вашето индустриско производство, опаѓање ва општествениот производ и тоа опаѓање на општествениот производ, тоа е сиромаштијата. Ние ве ќе можеме да покриеме ова од една страна што сакаме добри куќи, добри улици итн. образование, воспитување, култура, било да е општа култура, спорт воопшто целото ваше живеење, ако вие немаме економска база. Нашата економска база е многу сиромашна.

Мој предлог и мое барање е Владата кога ќе излезе со еден предлог или резолуција за општествено економскиот развој ва државата, ќе мора пред тоа да има согледувања, која била таа најродна година за вар/ за Македонија. Дали била од 1979, дали 1980. Со тој период да се споредиме овде. Со тој период да видиме порастот ќе би..... со 1991 година.

БЕЌИР**Р ЖУТА:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, Веровале или не во ваша позиција, во некој нивен состав на Собранието или во мојата сегашна позиција, во состав на некоја идна влада, не би ми било пријатно да се најдам уште еднаш од следните причини:

Прво, во историјата на оваа Република, на оваа држава не се случило да доаѓа нов состав на собрание или Извршен совет, дека Влада, а од претходното Собрание и претходниот Извршен совет не ги најде во наследство да има план за развој од тековната година среднорочен плански документ и буџет од тековната година. Што најдовте, вие, што најдовме ние? И од каде почнавте вие, од каде почнавме ние. Ја теравме работата до тука, Програмата на мерки ва економска политика во 1991 год. ја утврдивме некаде во јуни, а при крајот за да ја крстиме дека е таа програма за цела 1991 година, а не ни преостануваат ни цели 5 месеци за нејзино реализирање. Буџетот пред некој ден го утврди овој дом, затоа што цели 7 месеци работиме современи одлуки за финансирање, а ние се најдовме во ситуација пред некој ден да го утврдиме буџетот и сеуште не е отпечатен и сеуште работиме современо финансирање. И оттука веројатно сум во состојба и да ги сфаќам нашите реагирања за карактерот на овој документ, но бидете спремни и вие да сфатите. Неколкупати беше нагласено. Не е програма на мерки, туку е програма на идеи, на концепт врз база на кој ќе се заснива документот за наредната 1992 година за мерките за економската политика што треба до крајот на оваа година овој Парламент да го утврди, а оваа Влада треба да излезе пред оваа куќа. Исто така во тој интензитет треба да прави напори оваа Влада да го спреми Среднорочниот план Програма, како сакате да го наречете до 1995 година до крајот на оваа

година. Тогаш ќе имате шанси да видите и биланси и операционализации. Овде немате ви биланси и никој од вас не сретнал ниеден податок, ниту се манипулира со податоци ниту се сака, затоа што карактерот ва овој документ ве е од таа природа тој да ги билансира состојбите и поаѓа од одредени состојби за да прогнозира развој и утврдува политика за да го обезбеди тој развој. Такви документи ќе имате прилика да сретнете и да расправате. Но ова е најава, независно до се што рече министерот Миљовски во својот збор, за определени идеи, за определени насоки врз база на коа целокупната активност Владата смета да ја заснова прв утврдување на тие документи кои ќе дојдат пред ова Собрание. Ако така го сфаќате мислам дека се друго што е друго во овој простор е ВОВ. А оваа платформа, затоа што нејзе а се замерува дали .е направена врз концептот на една целина ва Југославија или требаше да се направи од ова што од 15 до 12,00 часот синоќа овој Парламент со акламација се произнесе, но сеуште ве е дефинитивната одлука, се произнесе за еден дел од таа активност за Одлуката за референдум, а се уште не за самостојна. А оваа Програма е заснована на определбите на ова Собрание за суверена и самостојна држава, но во рамките во Сојузот со суверените други држави, а ва Владата ништо не и смета утре,

а дотогаш ќе се потврдат сите тие состојби сето тоа да го преради во рамките што значи самостојна, суверена држава и документите за развој во наредната година како таква до 1995 година, како таков буџетот. Таквите пресметки и вие га правиме, а и тие ве се уште за да ги расправаме. Но без да доаѓаме со таква пресмети и со такви биланса овде сигурно не можеме да ги донесеме овие документи ков ва претстојат за донесување. Вадете што се случува. Овој документ е почнат по барање на ова Собрание, а вие знаете какво беше тоа барање

Од причини што не беше адекватно експозето по изборот на Владата се чувствуваше потреба дека треба да се изнесе програма за работа во мандатниот период. Таа Програма имаше две варијанти да се поднесе овде. Или во вид ва експозе, и вие да го имате експозето, а ве овој текст, а експозето е резултат ва овој текст и вие оценивме дека е добро да го имате и овој документ затоа што цениме од вашите дискусии доаѓаат и други идеи кои можат да ја збогатат оваа Програма.

БЕЌИР**Р ЖУТА:** (продолжение)

Тој се биде основ за изработување ва документите за 1992 и овој до 1995 година. Во таа смисла ценевме дека треба да биде таков, во ве операционализирав и ве со документација, како идеи, како правци за развој.

Во фаза кога се отпочна овој документ вам ви беше познато дека СИС манипулираше со неговата програма во овој преодев период со 13-те фамозни точки за да пред некој да манипулира со мини -програмата која се сведува во три дела: замрзнување на девизниот пазар, проблемите со девизното штедење ва граѓаните и сведуван»е ва буџетот со милијарди односно бришење на секоја интервенција во стопанството. Таа е нова квалитативна состојба, тоа ќе зависи од тоа дали ќе биде усвоена и како ќе биде усвоена, но во тие рамки и доколку биде усвоена, Владата задолжително ќе излезе со своја програма во една дадена ситуација кога се бришат сите извори за интервенција од Сојузниот буџет во смисла ва стимулации и интервенции од стопанството што може да направи, а колку ќе допуштат билансите можности ќе видиме заедно. Проблемите би требало да се лоцираат на право место. Овде ве се регистрирани проблемите од тековната. Тие се предмет и на таа мини програма, тие се предмет и ва други активности со банките за се она што е во доменот на монетарно- кредитната политика вклучувајќи ја и Народната банка ва Републиката заедно со деловните банки кои делуваат на подрачјето имајќи ги предвид затворањето на девизниот пазар а сите проблеми за стопанството во Републиката кое произлегува од тој домен, во сето тоа се проблеми кои се родија затоа што кога се пишуваше оваа програма функционирање девизниот пазар во Југославија, да ве; го заборавиме тоа, па девизното штедење кој го гарантира?

Прво, според Законот знаете оти ја гарантира сојузната држава, во динарското штедење Народната бан а на Југославија. Ние не сме дојдени во ситуација сеуште тие функции да ги преземеме на ниво на Републиката и Републиката да ги решава тие проблеми така што не само Владата го чувствува проблемот на девизното штедење и нефункционирањето ва девизниот пазар, туку за нефункционирањето на девизниот пазар и последиците во сферата на стопанството се одвиваат одредени активности за да се амортизираат негативните последици во тој домен од една страна и од друга страна во доменот на девизното штедење се предлага и оној кој е надлежен, а тоа е СИС и Сојузното собрание во тој домен, но во која мерка се прифаќа тоа е друго прашање за себе, а не дека некој не мисли за тоа прашање. Мислам дека и те како се мисли, но сеуште проблемите и надлежностите се вакви какви се. Утре можеби ќе зборуваме со друг јазик, но какви ќе ни бидат билансните можности отом потом и ќе се сликаме, а ќе се сликаме во таа смисла не мислам вулгарно ќе се сликаме затоа што без да се имаат биланси пред себе мислам дека не може да се говори за ни една политика, дали во еден, друг или во трет правец си одат. Во таа смисла ќе се договориме и ќе ви предложиме одредени сугестии а сигурно во рамките на она што ќе допуштат тие билансни можности.

Во меѓувреме, за да нема недоразбирање во тек се и подготовките за документот за 1992 година, кој, како што се сеќавате и оној за 1991 година ако уште во јуни го разгледавте имаше и биланси кои го следеа, Ісе биде со сите биланси кои го следат за да можат сите да видат зошто така се предлага и што се сака со тоа. Во исто време се вршат подготовки и се работи на подготовките на документот до 1995 година. Во исто време се работи и на подготовки за буџетот за 1992 година но и негови ребаланси иако тој уште не е излезен во "Службен весник" поради состојбите кои се менуваат преку ноќ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Јас го молам господинот Беќирр Жута, потпретседател ва Владата и другите министри што се присутни овде нека не ги сфаќаат нашите дискусии како да сме настроени да критикуваме. Не може од таа точка ве молам. Сфатете ги нашите дискусии и укажувања како добронамерен момент за да при конципирањето на идниот развој на нашето живеење да ги имате предвид овие моменти и сигурно ништо нема да биде лошо Ќе знаеме и вие во каква ситуација се наоѓате. Апсолутно сме свесни за лошата ситуација, свесни сме за политичкиот момент, таму се гине , а овде правиме незнам што меѓутоа, што се мора не е тешко. Мораме да направиме. Јас со својата дискусија ако случајно навредив некого јас сум подготвен еве да полемизирам, меѓутоа, сфатете ги дискусии како добронамерни за да имаме појасна претстава и слика за нашето идно живеење кога Ќе дојдат нашите среднорочни планови за 1992 година да знаеме како ќе живееме, каква е таа општествена репродукција дали ќе обезбедиме проста репродукција или ќе обезбедиме нешто плус од тоа. Што е во овој момент што можеме во овој момент да го свариме дали ќе го прими Србија, дали Ќе го прими Хрватска, дали внатре Ќе го пласираме не 7о туку 77% е зависно внатре во државата што сега не го прима производството, каде Ќе одиме, ете тоа е тоа.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (реплика)

По овие објаснувања што ги даде потпретседателот на Владата господин Беќир Жута јас губам секаква волја да разговарам за Програмата. Ако Владата, ова е последно станување во врска со Програмата, реплицирав и кажав ова е последно и немам намера да ...некоја симултанка

со Владата , меѓутоа, ако Владата имала намера на Парламентот да му понуди идеи, би било добро да напише на корицата од документот дека се тоа владини идеи, а не владина програма. Ако Владата нуди програма, а претходно нема елементарни биланси пак не знам колку е тоа прифатливо. Ако Владата допрва размислува за солуцијата во која што можеме да останеме самостојна држава и да се преземат функциите ва системот и од девот ва донесувањето ва одлуката за самостојност да стартуваме со понудени решенија во врска со тоа и економскиот систем на нашата Република ќе може да профункционирање и од него да имаме полза, тоа нека биде гледиште ва Владата, во ќе видиме што ќе се случи тогаш. Ако се тоа идеи на Владата да ги наречеме идеи на Владата и дека Владата ва Парламентот сеуште ве му нуди програма дека допрва ќе добиеме програма, да го сочекаме тој дев кога ќе добиеме програма па тогаш да расправаме за програмата ва Владата.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ**: (реплика)

Господа пратеници изгледа ве го сфативме д-р Беќир Жута. Многу скромен во изнесувањето беше. Вие добро се сеќавате кога стариот Извршен совет даваше отчет какво пеење, какво веселење како насмеани лица, господинот Жута беше многу скромен, оваа е реплика за господинот Фаик Абди кој вели репродукција. Треба да бидеме јасни оваа е јадено за 5 години однапред, скромен беше господинот Беќир Жута ве може за оваа година да дава мислење дали е ова Нацрт програма, програма или вешто трето. Ние треба некого да го донесеме овде каде што дискутираме да каже зошто ја донесе оваа ситуација каде што с€ е изедено за 5 години однапред.

Господинот Жута баеше многу скромен кога рече, што најдовме затоа што оваа нова Влада е многу скромна како домаќини и не сакаат многу да дискутираат. Ако дискутираат како старата Влада, односно Извршниот совет ситуацијата многу порано ќе ја разберевме. Само тие се многу скромни. Затоа сакам да дадам едно свое мислен>е дека репродукција ни проширена, ни проста не е може да се изведе оти ве знаат луѓето од каде да почнат, не знаат од каде да почнат господата министри оти ситуацијата е многу тешка. Н£ за годинава, треба да правиме буџет за 1992 година, веќе сега го носиме за 1991 година, Но, како пратеници треба да сфатиме и да ги сфатиме маките на Владата што и оставија во наследство, костур му оставија. Тие сега треба да го направат, да го зајакнат да може да направи еден чекор, прво треба да го кренат тој костур, да бидеме начисто тоа е таа ситуација и правата вистина.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ:**

Во своето излагање по програмата на Владата во делот на земјоделието ва почетокот би сакал да изнесам накратко дел од проблемите со кои се судрува земјоделието а секако да наметнам свој размислува!а за одредени мерки во развојот на земјоделството.

Состојбите во земјоделството се крајно неповолни во однос на вкупното стопанство,предизвикани од повеќе причини а пред се од општата финансиска исцрпеност, ниската акумулативна и репродуктивна способност, исклучително нискиот степен на самофинансирање,високата зависност од туги извори на обратни средства, и по тој"основ, многу висока оптовареност со камати а во последно ;време и нелојалната конкуренција по|Иди либерализираниот увоз, на одвелени земјоделски производи, и последиците од повеќегодишната суша.

Како излезни решенија кои ги гледаме а за кои Владата треба да се заложи е конверзија на краткорочните во долгорочни кредити. Доспеаните краткорочни кредити и камати да се претворат во долгорочен кредит. Односно краткорочните кредити користени од примарната емисија на Народна Банка на Југославија и на Република Македонија што се за есена сеидба а кои доспеват на 31.8.1991 год. како и кредитите за пролетната сеидба би имале долгорочни отплати а не веднаш да се наплатуваат од страна на Банките. Со тоа ќе се овозможи Аграрот

да ја подобри ликвидноста а со тоа и стартот во есената сеидба во 1991/92 год. со што донекаде ќе се продолжи процесот на репродукцијата кој сега се најдува во тотална неизвесност поради немање на средства.

Според тоа цениме дека предлогот за конвертира*е на долговите има извонредно значење, како и едно од можните решенија во овој момент за санира»е на бројните проблеми во Аграрот.

На крајот се поставува прашање што би добила Република Македонија ако не се изврши конверзија и ако не се залага Владата ва Македонија за истото.

Према мое длабоко убедува»е тоа би било само зголемување на долговите на земјоделските организации према Банките и доверителите, а сите заедно да допринесеме за побрзо пропаѓање на Аграрот, кој според сите нави определби очекуваме да биде еден од генераторите за елиминирање на кризата преку позголемено производство, користење на природните ресурси со што би се добиле и девизни ефекти.

Поради неповолните состојби во земјоделството, сегашните законски прописи во претпријатијата од Аграрот,даваt можности за сосема бавна трансформација на општествениот капитал. Со што и понатаму останува општествениот капитал со повеќе од 502 да учествува во вкупниот капитал,заземајќи доминантно место, додека акционерскиот капитал е со учество испод 503».

Оваквата состојба произлегува пред се од исплатените ниски лични доходи на работниците кои се испод просекот на стопанството во Републиката особено уназад неколку години, а лимитирачки фактор за издавање на интерни акции како база се исплатените лични доходи.

Од друга страна општествениот капитал е значително поголем и сосема нормално е,при едни сегашни законски услови можноста за трансформација да е забавена.

Сето ова ги ограничува можностите ва работиците за откупување на интерни акции, што пак од своја страна е предуслов за обезбедување додатен капитал за идниот развој на претпријатија.

Сметам дека Владата на Република Македонија постудиозно ќе го разработи ова праша»е и ќе понуди адекватни решенија сигурно во склад со Сојузниот извршен совет имајќи во предвид дека состојбите во другите Републики во оваа грана се слични.

Имајќи го во предвид фактот дека 71% од обработливата површина во Република Македонија е во индивидуалниот сектор а со тоа и примарното земјоделско производство, објективно се наметнува потреба од коректно менување на долгогодишното однесување према овие значајни производствени потенцијали за нивно потикнување за позголемено и квалитетно производство прилагодено према потребите на пазарот, односно рамноправен третман со другите субјекти во оваа значајна гранка.

При што Владата мора да превземе одредени мерки во правец на окрупнување и групирање на земјоделските површини,крајно расцепкани при што знатно се поскапува производството а во такви услови и примената на современите агротехнички мерки е ограничена и скапа.

Забелешката на Владата во смисла на недоволната употреба на вештачки ѓубрива и заштитни средства, мислам дека вниманието треба да биде свртено во друг правец во створањето на услови за развој на сточарството особено во индивидуалниот сектор преку дава»е на поволни кредити за изградба на мини фарми а со тоа и ствара»е на реални можности, за производство на здрава храна како од растително исто така и од животинско потекло со што ќе се створат можности за поголема финализација на примарното земјоделско производство и поголемо искористување на природните ресурси.

Развојот на сточарството ќе овозможи нарушува»е на неповолната структура на земјоделските култури во корист на фуражните култури намалувале на необработените ораници кој учествуваат со -28,5%, а од друга страна ќе се наруши монокултурното производство на одделни култури.

При што многу важен фактор е елиминирање на зависноста од климатските фактори особено сушата преку изградба на мали акумулации и особено други инфраструктурни објекти за правилно и економично наводнување на земјоделските култури.

Имајќи ги во предвид компаративните предности на Републиката за раноградинарско производство,во програмата на Владата се спомнати оранжериите како капитални објекти, но не се дадени решенија, при што

сметам дека за нивно ставање во функција потребни се дополнителни вложувања во постојните објекти за нивна реконструкција и модернизација со воведување на современа технологија за позголемено производство, со што и овие капитални објекти би биле рентабилни, особено оние со евтина енергија за затоплување.

Особено акцент треба да се даде на поттикнување на пластеничкото производство во подигањето на современи пластеници во индивидуалниот сектор, што треба да биде шанса на Републиката.

Со целосната либерализација на цените во 1969 год. влеваше надех дека ќе се овозможи одкдонување на постојните диспаритети, меѓутоа диспаритетите меѓу цените на земјоделските производи уште повеќе се продлабочени.

Последните 10 години цените на земјоделските производи остваруваат побавен пораст од порастот на цените на индустриските производи или цените на репроматеријалите само во 90/91 год. За земјоделството бележат поголем пораст за 2-3 пати од цените на земјоделските производи, при што е доведено во прашање рентабилноста на скоро сите култури.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ** (продолжение)

Оттаму сметам дека Владата ва Република Македонија во овој преоден период мора да создаде соодветни инструменти за контрола на овие диспаритети и нивно отстранување. Досегашните премии и регреси во земјоделството не ги дадоа очекуваните резултати, а сега во Програмата на Владата се исто така понудени како решенија. Само да споменам дека во високо развиените земји заштитата на земјоделското производство изгледа вака: Јапонија 59,4%, Северна Европа 56,1%, Економската заедница 42,8%, а Југославија 8,6%, ова е податок за 1989-90 година. Сето ова наведува на заклучокот дека домашното производство на земјоделско прехранбени производи не е доволно заштитено заради што е потребно да се изработи и заокружи целосен систем на заштита и со истиот да бидат опфатени сите земјоделско прехранбени производи при што увозот во основа треба да е либерален, но со сезонски и количински ограничувања како и во другите земји. Уплатата на превелманите да се врши по индикативни цени, а средствата остварени по основа на превелманите да се насочат првенствено за поттикнување на примарното производство и извозот. Заради ваквиот однос кон земјоделството Македонија се повеќе станува увозник на храна, наместо извозник имајќи ги во предвид потенцијалните можности за поголемо производство на храна и извоз. Секако најважно е како оваа Програма на Владата ќе се преточи во практичниот живот.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас мислам дека навистина стопанството на Република Македонија не заслужува такво понижување да се води расправа пред двајца, тројца членови на Владата и пред педесетина пратеници на овој Парламент. Предлагам да ја одложиме расправата, кога ќе бидеме спремни да ја дадеме потребната почит на оваа дејност од нашата област на нашата Република.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се плашам дека донекаде не сме и дораснати да дискутираме за ова прашање што е сега на дневен ред. Мене ме загрижува гледиште кога пратеник ќе се определи за тоа дека тој не е пратеник, а тука седи/ вели, тој е стопанственик. Сега стопанството мислам дека не го разгледуваме. Точно е дека тоа е во еден длабок колапс, но со расветлување на владината програма, мислам дека не можеме во многу што да му помогнеме во моментов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Господа пратеници, дали ги потрошивме акумулаторите од синоќа, или е посреди нешто друго? Во секој случај работиме на границата на кворумот. Да се договориме како ќе работиме.

Ако се согласите, јас предлагам да направиме реевиденција на присутните, па да видиме потоа кој оправдано е отсутен,а кој е неоправдано отсутен.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека треба да се свртиме на тоа да анализираме зошто оваа сала е празна, мислам на причината за тоа. Јас мислам дека нешто од почетокот ние разгледувајќи ја програмата на Владата тргнавме на погрешен колосек и затоа јас не ги кривам пратениците, нашите колеги што се надвор, туку ние што сме овде на одреден начин сме ја довеле состојбата да тука толку имаме еве заради што.

Прво, затоа што оваа програма беше разгледана на сите комисии и таму сите имаа можност да се доискажат, а тука пред присуство и на претставник на Влада итн. Вака како што сме тргнале ќе изгубат важност и комисиите кои се помошни тела на ова Собрание. Затоа јас навистина од почеток гледам дека нешто не е  во ред со нас, ние што сме на овој список

тука, нормално е дека мора да дискутираме, но ќе дискутираме во рамките на нешто што од денот ва одржувањето на седницата на Собранието до денеска ако има некоја новина и тоа кратко, пет минути до десет. Меѓутоа денеска овде од почеток почнавме со многу долги дискусии и експозеа и затоа е оваа состојба.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Јас немав намера да дискутирам . Очигледно вчера ја сфатиме работата дека со поимот сувереност и самостојност се се решава и се се обезбедува. Очигледно јас не сакам да се впуштам и да давам коментар на Програмата затоа што сум имал прилика да кажам свое мислење и во Комората и на Комисијата. Само да го потсетам колегата пред малку што рече, да не сфати дека реплицирам, но го користам правото на говорницата. При донесувањето на Програмата, а тоа се однесува конкретно што Ванчо рече стопанственик. За стопанството во Македонија е многу битно со Програмата да се видат контурите кои ќе бидат условите за стопанисување. Тоа е основната суштински, така да кажам определена концепција на Владата со програмата. Јас не се впуштам во тоа дали Програмата тоа го обезбедува, или не,во интерес на времето.

Второто прашање за кое станав сега наводно да е реплика дека овие присутните сме ги отерале луѓето од сала и дека Комисиите ја изгубиле својата смисла. Зошто тоа вчера кога анблок се водеа расправите не ги респектиравме мислењата на Комисиите при расправата по тоа прашање. Мислам кога настапувам овде треба да се обидеме да разговараме навистина достоинствено. Беспредметно е да се упатуваат од овде апели . Мислам дека пред малку реков и на колегата, а јас не упатувам апел а сум спремен секого стрпливо да слушам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза од 30 минути.

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА:**

Во врска со овој предлог на претседавачот мислам дека треба да се договориме сега да не губиме време половина час, еден час, или повеќе часови, дали ќе работиме, или нема да работиме? Јас мислам дека немаме кворум да продолжиме. Инаку вака не оди работата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека ние треба да можеби да дадеме само 20 минути пауза, т.е. до 17 часот, со тоа да се организираме да ги обезбедиме сите пратеници кои што се надвор во салата, или пак некаде во околината. Мислам дека ако ве ја завршиме оваа точка околу Програмата вечерва ќе ја изгуби смислата оваа точка бидејќи веќе се одлага месец дена. Мислам дека со оваа точка треба да завршиме вечерва, а да решиме дали останатите 30 точки од дневниот ред да ги одложиме дури после 22-ри , или на некоја друга седница. Тоа е мојот предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Дали има некој друг предлог .(нема)

Предлагам пауза до 17 часот.

(по паузата)

Од стручната служба добивме информација колку пратеници се присутни. Според тоа имаме кворум за работа. Во салата се присутни 67 пратеници.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, почитувани гости. Јас морам да кажам уште на почетокот дека немам намера да водам некоја

материјална расправа по Програмата на Владата за нејзината работа во мандатниот период ни беше доставена и долго време расправавме се произнесоа телата на Собранието, Комората. Од прилика се знае ставот на сите нас за тој документ за кој со право беше речено дека претставува повеќе збир на идеи , насоки кон што треба да се движи активноста на Владата до крајот на нејзиниот мандатен период. Сакав да речам дека навистина треба да ја рационализираме расправата иако се работи за така важен документ Програма, поготово важен што тој треба да ни обезбеди во втората фаза да кажеме конкретизација на она што значи обезбедуваа>е и на економска сувереност и самостојност што е важен дел на она што сношти се произнесовме, бидејќи без економска сувереност и самостојност, мислам во право беше колегата Фаик кога потсети на свој начин , не може да се замисли политичката сувереност и самостојност. А ние заправо расправајќи по Програмата на Владата и по се друго што ќе уследи после програмата на Владата всушност ние ќе ја доградиме како што се рече со право вчера, ќе ја доградиме куќата што е започната од нашите претци, а ние како современи ќе ја доградиме на начин како што знаеме и умееме. Меѓутоа морам да кажам дека мораме малку да бидеме самокритични. Имам впечаток дека ние овој Дом како да го претворивме во дебатен клуб, да неречам така, пленум на бивши социјалистички сојуз итн. Да бидеме малку и порационални и покомпетентни и по стручни. Впрочем избрани сме тука и навистина да бидеме и рационални и продуктивни во работата и ефикасни. Документот е конкретен и мислам дека тој одговара на прашањето што? И така треба да го гледаме. Со тој документ ние се определуваме за одредена политика, а на прашањето како? тоа е веќе втората фаза, остварувањето на тој документ во наредниот период. На тоа сакав да..укажам и на некои прашања кои  на некој начин беа спомнати тука

бегло, сепак да не се разделиме со нецелосна претстава, или пак неразјаснети поими, бидејќи сепак се определуваме за одредена политика што ќе најде адекватно место и во среднорочниот план за развој на нашава Република до 1995 година, каде што сигурно со конкретни цифри со конкретни аргументи ісе бидат обработени проблемите за кои што ние сме животно заинтересирани сигурно за што ќе водиме уште посериозна дебата од оваа. Мислам дека треба да се рече дека по однос ка прашањето за факторите на трудот нивното усогласување , меѓу кои како што знаеме на производството може да се каже трудот, орудијата за производство и предметот на трудот. За првиот фактор, факторот труд што го обезбедува населението, а за што е врзан проблемот на прирастот на наталитетот, тој фамозен наталитет. Мислам дека еднаш засекогаш треба да ни биде јасно дека тој е комплексен проблем, тој е таков во одредени подрачја и кај одредено население, затоа што влијаат многу фактори. А причините бидејќи ги знаеме, јас мислам дека со среднорочната програма ние треба адекватно да се поставиме за надминување на причините што таа појава се манифестира во одредени подрачја така како што се манифестира. Основно е мислам за да се делува успешно во урамнотежување на стапката на прирастот на населението освен мерките во поглед на намалување на стапката на морталитетот што досега беше успешна да кажеме, треба да се влијае и по пат на вработување на луѓето, особено на жената албанка и со мерки со образование.

Уште едно прашање што претседателот на Владата го посочи тука во врска со правата на македонците во Албанија и на некој начин како да се наметна проблемот на реципроцитетот. Јас мислам дека ние не можеме да разговараме за реципроцитет во односите. Јас реков во една прилика но пак ќе кажам. Положбата, статусот на  одредените делови на наши народи,

на Југословенски народи во други држави на Балканот, за нивната положба, за нивниот статус добар , или лош, по мое мислење на биде гордост, односно срам на таквите држави. Ние како Југославија и како Македонија мислам дека досега бевме пример во светот како убаво се однесуваме кон проблемот на деловите на народите во Југославија. Според тоа, јас мислам дека нема причина ние да отстапуваме од таквата политика, зашто само тоа нас хе не води кон материјализирање на заедништвото на кое што често се повикуваме и со право. И би додал дека тоа заедништво треба и тука да дојде до израз, меѓу нас како пратеници. И ние дури со одредени односи, однесувања да кажам меѓу нас, па и меѓу размислувањата наши, меѓусебни треба да делува кон јакнење на заедништвото меѓу народот ва Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво, сакав да укажам на почетокот од моето излагаа»е дека не е точно и дека не треба да создаваме такво размислување кај јавноста доколку директно ја прати оваа седница, дека пратениците не се заинтересирани да расправаат за стопанството, а многу повеќе време губат кога се расправа за самостојноста, заради тоа што допрво ќе ни претстои расправа за материјализирање на таа самостојност која би требало допрва да ја оствариме. И затоа верувам дека погрешно се извлекуваат заклучоци дека овој Парламент не води сметка, или несериозно се однесува према расправата проблемите во стопанството. Точно е дека Владата е хендикепирана што е и нормално бидејќи е непартиска па не постои партија во Парламентот која генерално ќе ја брани политиката на својата, Влада кода таа ќе ја застапува во овој Парламент. Меѓутоа, во случајот како што меѓусебно се напаѓаме и обвинуваме според партиската припадност и политичката определба, така сите заедно имаме можност заради ваквата

состојба на непартиската припадност на Владата заеднички и со здружени сили да ја напаѓаме и Владата. Иако верувам дека програмата за работа на Владата на Република Македонија треба да го прифатиме како акт на добра волја со што Владата го прикажува пред Парламентот и јавноста своето идејно и почетно репрезентативно видување за разрешување на проблемите во државата. И затоа лично укажувам дека нема основа за нејзино обвинување и сосема се оправдани укажувањата н на министерот Миљовски и па,. потпретседателот Жута. Затоа што знаеме катов ни е и Парламентот и како дојдовме до Влада, освен ако во расправата за програмата што ни е понудена не сакаме да извлечеме генерален заклучок за изгласување нејзина доверба. Бидејќи со амандман 63 точка 1 став 3 Социјалистичка Република Македонија ја утврдува развојната и економската политика и со ова го насочува стопанскиот и општествениот развој ва републиката. А во амандман 76 точка 2 "Владата ва Република Македонија донесува мерки за остварување на утврдената развојна и економска политика" . Предлагам да го прифатиме предложениот заклучок кој што ви е понуден, а правото за изјаснување со конкретни предлози, а ве симпозиумско образложување на вашите видувања, да го задржиме кога ќе го добиеме документот за развојната и економската политика ва Републиката, бидејќи и тогаш повторно ќе се повторуваме со дискусиите кои што сега ги укажуваме. Расправата по програмата ја водевме во работните тела и затоа сметав дека денес воопшто нема да отвораме расправа, туку само ќе го ислушаме експозето и прифативме заклучокот.

За вчерашната расправа прашањето што беше поставено ва гласање беше ва расправа само ва едно работно тело и затоа беше нормално и логично овие пратеници кои не учествуваа во расправата на тоа работно

тело, или имаа различни видувања, тоа да го искажат на седница на Парламентот. Меѓутоа, бидејќи програмата беше на дневен ред на расправа во сите работни тела во кои што сите од нас влегуваме, сметам дека расправата не ни беше потребна да ја отвораме. Затоа предлагам на крајот ве заради тоа што Парламентот недостојно се однесува спрема проблемите од стопанството, туку токму заради тоа што допрва ќе ни претстои еден таков развоен документ да ја прекинавме расправата и да го усвоиме предложениот заклучок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Право е на пратениците дали ќе го прифатат овој предлог. и сугестија на господинот Петров, бидејќи имаме пријавено 20 дискутанти.

Има збор господинот Исмет Рамадани,

Господинот Исмет Рамадани ја приложува својата дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во интерес на времето јас ја приложувам мојата дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, господинот Рамадани ја приложува својата дискусија.

Дали е тука господинот Трајан Мицевски.

(Не е тука).

Има збор Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам да кажам нешто што досега никој не го кажа и би дал сугестија, доколку одиме во дискусија да се кажуваат работи кои не биле кажани.

Веднаш на почетокот да кажам дека е излишно после една ваква исцрпна и добра дискусија на господинот Петар Гошев ние сега понатаму да ги разглабаме овие работи.

Јас ќе се осврнам на областа на енергетиката, ова што е дадено во програмата на Владата каде што е изнесен еден апсолутно неточен податок. Вели "во задоволувањето на вкупните потреби од енергија на Републиката, сопствените извори учествуваат сеуште со околу 50%, додека останатиот дел на потребите се подмируваат со набавка од други подрачја на земјата и увоз". Ова е ноторна невистина.

Во 1990 година нашата Република своите потреби ги има 90% од сопствено производство додека само 0% со увоз на енергија.

Ешреф Алиу:
ЗА ПОКРАТКА И ПОСОДРЖАЈНА ПРОГРАМА

Доволни биле само основни тези на севкупниот развој на Република Македонија. Ваква каква е програмата е оптоварена со многу описи на сегашни состојби. Затоа Програмата треба да претрпи измени. Впрочем тоа го подвлече и претседателот на Владата госп. Кљусев во своето експозе. Имам впечаток дека концепцијата на економскиот развој на Републиката на годп. Кљусев нуди реален ОПТИМИЗАМ.

Определбата на Македонија да биде модерна, демократска и отворена земја на слободни и рамноправни граѓани е една од функционалните фактори што обезбедува реална претпоставка за сигурен прогрес.

Од голема важност е определбата за парламентарна демократија каде Владата му дава предност на човекот креативец, професионалец, творец.

- Отворањето кон соседите е полн погодок, што Република Македонија ја става во поповолна положба.
- нема да зборувам за поглавјата II, III, IV, V и VI. Би напоменал дека не можам да се сложам со констатацијата дадена на стр.9 пасус втори, дека "Извршен напредок во воведувањето плуралистичка демократија во Македонија веќе е направен со усвојувањето на уставните амандмани...". напротив, според моите сознанија и настаните што се пројавија потоа слободно може да се заклучи дека сите тие измени се покажаа како штетни за рамноправноста на сите граѓани во Републиката. На удар на силата на тие деструктивни промени и тежненија се најдоа посебно албанците. Почна на сите ѕвона да се алармира за некоја измислена опасност од албанците, за да се тврди дека божем им се дадени преголеми права т.е. повеќе од што требало. Врз база на такви гласини почна да се формира едно јавно мнение дека "господарот направил грешка, и таа треба да ја исправи". Албанците останаа вчудовидени! Ошематени се прашаа: Што станува со нас, вака? Зарем и во Македонија ќе навлезе ѓаволот толку длабоко? И марифетлуците на познатата белградска шовинистичка кујна почнаа да дејствуваат и во Македонија. Се тргна во офанзива со написите, топонимите, мешаните паралелки, божем бојкотирањето и неучењето на македонскиот јазик, затворање на средни училишта и паралелки, истерување од работа на наставници и професори, забрана на пишување на мајчиниот јазик (и тоа преку сила на законот), згаснување на културните активности итн. и денес, и во овој Парламент некој се огласува тврдејќи дека ние албанците не можеме да бидеме рамноправни, така е со Устав и закон. Тој не оди подалеку за да се ..... И да не должам повеќе предлагам овој текст да се избрише од Програмата.

2.

1. НАУКА.- Ориентацијата е добра, нема потреба од политичка обоеност на науката. Треба да се залагаме за наука на Република Македонија, без национална обоеност/ пример формулацијата на стр.74-75

2. ОБРАЗОВАНИЕ.- се сложувам и ги уважувам моментите подвлечени од господинот Џеладин Мурати. Би додал дека е добро што Владата подвлекува дека е потребно да се стимулираат децата/ ученици/ интелектуални и перспективни како и студенти со одличен успех и слаба материјална потпора.

Ја подржувам Програмата за направените примедби и сакам да верувам дека таа ги остава ширум отворени вратите за воспитание и образование за секого на свој мајчин јазик, се разбира и на албански јазик, во сообразност со реалните потреби на Републиката и на граѓаните.

Не би се сложил дека имаме оптоварена мрежа на средно образование. Друго е прашањето на нејзина дисперзија, на пример колку е таа координирана, колку е ставена во вистинска функција на реалните потреби на граѓаните и на Републиката. Јас сум за потполна трансформација на системот на образование т.е. е за систем компатибилен на светските образовни системи. Но на дело, не декларативно...

3. КУЛТУРА.- Во глобала е даден детален реален опис на можностите и состојбите, како и на визијата на идниот развој.

Влада предвидува стимулирање на издавачката дејност и на албански, и турски јазик, предвидува исто така и заложба за развој и негување на литературниот јазик. И тоа е добро. Но како и каде?

Трите последни реда на петиот пасус на стр.81 треба да се стават на второстепена функција. Прво тие јазици, албанскиот и турскиот треба тука да комуницираат слободно и рамноправно/без политика на дискриминација на јазиците/ а потоа надвор од државата Македонија. Ние во Македонија од позиција на рамноправните, и единствено од таа позиција ќе бидеме во можност да делуваме надвор од Македонија за позитивна измена на положбата а македонците во Бугарија, Грција и во Албанија.

Во точката 6 стр.81 добро што се зборува за потребата од комуницирање на културите на народите на Југославија. Но тоа е потребно да се предвиди пред се внатре во Македонија. Можностите се извонредни, само треба да се сака и да се умее. На пример ред е еднаш во едниот од 8те професионални театарски куќи во Република Македонија да се постави текст од албански автор од Македонија, на телевизија да е зборува за едно дело од албанец, за една личност од културата, во институциите за ...за историја, за... да се приклучат по двајца, тројца албанци како .... соработници во разните институции да има и други ... македонци

3.

исто така во МАНУ, зошто да не, ако има такви што тоа го заслужуваат. Во Програмата на Влада треба да се превиди дневен весник на албански. Проширување на ТВ емисии на ниво на Програма/посебна/ на албански јазик. Во наредниот се очекува со право да се развива побогат и пообмислен културен живот во јазиците на сите национални колективитети, а не сам о на македонски јазик.

Оваа година во првото шестомесечие ние не само што не си. ги поднириле своите потрошувачки од сопствени извори, туку 3-4% сме извезле и во моментот имаме ситуација да имаме една цела ТЕ "Битола" која нема каде да се пласира таа енергија и таа е во застој. Еве тоа сакав да го кажам, а би сакал да дадам поддршка во таа област бидејќи вашиот хидропотенцијал е искористев само 20 до 25%, па во тој правец да се оди ков изградба и искористување на целиот наш хидропотенцијал, како сега со овие проекти за вардарската долива, така и со изградба на овие хидро ХЦ што беа предвидени "Козјак", "Чебрен","Бошков мост" итн. Тука Македонија треба да ја гледа својата перспектива.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ќе се обидам да бидам краток во дискусијата, бидејќи многу дискутанти по програмата кажаа доста.

Во програмата се дадени високи врз кои Владата и сите одговорни субјекти треба да ги реализираат овие активности како што ги имаат планирано. Јас ќе се задржам малку околу мрежата на образовно-воспитниот систем.

Денешниот воспитно- образовен систем се карактеризира со недоволна ефикасност и материјална основа, со одвоеност од стопанскиот и технолошкиот развој и има белег на традиционално недоволно отворање за сопствено иновирање, нефлексибилен за брзи и ефикасни промени и ја сузбива мотивираноста и креативноста кај самите ученици.

Основна ориентација на идната стратегија ва развојот ва образованието во Републикава треба да биде преминот од екстензивен во интензивен развој, што би било императив на современото квалитетното живеење.

Во п^грамава се потцртуваше дека мрежата е преобемна во нашава Република, што е сосема точно дека во споредба со економската моќ таа е далеку од таа можност таа мрежа и тој број на вработени да може да ги издржува. Меѓутоа, тоа е точно но сепак во отсуство на наставно-воспитниот процес на македонскиот елемент. Еве, ќе земам само еден пример. Само во Скопје имаме 7 иљјади ученици кои го завршиле осмо одделение. Од тие 35 до 40% се ученици од албанска народност. Во Скопје има над 25 средни училишта со настава на македонски наставен јазик, а за албанциве во Скопје кои завршуваат 2.700 ученици годишно осмо одделение има само 4 паралелки во "Зефљуш Марку". Порано околу осум средни училишта прифаќаа ученици од албанската народност кои денес се прекинати. Такви прекинати училишта на албански јазик имаме и во Куманово, Струга, Кичево, во Гостивар економското и техничкото училиште, исто така и во Тетово и тој број на тие паралелки е знатно намален.

Да се зборува за виши и високи степени на образование на националните колективитети во Македонија нема. Што всушност со тоа сакам да кажам. При евентуалното смалување на тој број на тие паралелки и на таа мрежа што и самата Македонија има два универзитета и Скопскиот и Битолскиот, јас сум сигурен дека таа не ќе може да биде во состојба да ги издржува. Но, сепак таа рестрикција да не биде на штета на другите национални колективитети. И покрај тоа што во основните училишта имаме места каде што е случајот во Горно Врановце Титоввелешко, настава на албански јазик, како што е случајот со Центар Жупа во Жировница Гостиварско и Баланце и Центар Жупа Дебарско. Воедно имаме и такви паралелки каде има мал број на ученици каде што може и те како да се обезбеди транспорт на основни училишта.

На крајот, не може да се оправдува 3% опфатеност на училишта, настава на албански јазик, а за високи и виши училишта во тие мрежи, не станува збор за настава на албански јазик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Ештреф Алиу бара реплика.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Ценам дека паушална е оценката на претходниот дискутант и на Владата дека имаме преоптоварена мрежа на образованието. Прашање е за себе и во себе како е вршена таа дисперзија и колку е таа во вистинска функција на постоењето. Гледано и од економски аспект и од вистинските прилики ние имаме толку училишта колку приближно да ја опфатиме цела генерација која завршува основно образование.

Првостепената намера била сосема оправдана од било кој аспект. Како Република најзаостаната и сиромашна по економска цена потоа училиштето да ти е до куќата, мислам дека не постои и затоа не треба толку да се брза само во изјави. Тоа веројатно претходниот дискутант има искуства но се занесе од големата доверба што се пишува во тој дел од извештајот на Владата.

Сега да ја искористам оваа прилика и мојата дискусија да ја приложам.

(Прилог).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Душан Николовски бара реплика.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Мене ми смета кога се говорат некои невистини. Јас се јавив за збор

пред претходниот дискутант, но "претседателот не ме виде.

Сега пак ќе се изненади колегата Пановски од тоа што ќе го кажам. Имено, тој или лошо прочитал или лошо ги споил работите Ние што работиме на тоа знаеме што е енергетски биланс за потреби те на Македонија.

По вкупните потреби Македонија е 50% зависна република а под анергија не се мисли само електрична струја туку тука е и нафтата, мазутот и т.н. Според тоа, ако Пановски мисли само на електрична енергија и тој податок од 90%, и тој не е точен. Затоа се јавив за збор, кога кажуваме некоја работа треба да водиме сметка дека некој има проблеми во стопанството н ја следи состојбата. Ако Македонија енергетски е навистина во таа ситуација, немам коментар понатаму да се залагаме во развојните програми таа гранка да ја стимулираме. Подобро би било место таа гранка да ја стимулираме да вршиме промена на структурата на стопанството во друга област.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

За енергетската гранка со господинот што ми реплицираше и не само со него, туку со целиот Парламент овде, собрани заедно, спремен сум да дискутирам и реплицирам и на симпозиуми да одам и се.

Господине Николовски јас најодговорно ви тврдам, а ако сакате под рака сега можеме да одиме заедно и да ги провериме тие аргументи. Јас уште еднаш ќе ви повторам дека со електрична енергија ние во" моментот немаме што да правиме, нема каде да ја извеземе и многу ме боли кога ќе" видам дека Македонија сакаат да ја набават како зависна од електраните на Косово. Ние со енергија сме независни. Таму пишува дела ние од

другите републики увезуваме. Кажете ми што увезуваме, нафта увезуваме од другите републики? кои се тие републики во Југославија што произведуваат нафта. Сите заеднички таа нафта ние ја увезуваме од страна. Кој вид на енергија ние од другите републики увезуваме, а тоа го пишува таму во извештајот.

Уште еднаш ќе повторам, ние иднината на Македонија треба да ја гледаме во искористеноста, па на нас цела река Вардар ни тече, не сме ја чепнале за овие 45 години да ја прегради іе и да ја искористиме како за земјоделски, така и за енергетски цели, а ако ја имаме преградено се менува и атмосферата и климата. Заради тоа што ни се полни сега езерата, гледаме дека климата е променета. Секој втор или трет ден врне, а минатата година ни беа празни и нон- стоп беше суша. Спремен сум во секое време со вас да отидеме и да ги разгледаме документите.

**ПЕТАР ЃЕОРЃИЕВ:**

Загрижен сум од ефикасноста на работата на нашиот Парламент и морам да реплицирам, кога сега веќе повторно влеговме во една расправа која што сметам дека е надвор од точката на дневен ред. Затоа сметам дека треба да пристапиме кон усвојување на заклучоците што ги предложи и пратеникот Петров затоа што имаме уште 30 точки, а од тие, колку што јас видов 15 или 16 се од итен и неодложен карактер. Оттука сметам дека ефикасноста на работењето на Парламентот треба да ја подобриме, односно на некој начин веќе да ја елиминираме нашата практика за непродуктивна расправа од причини што јавноста веќе сериозно ни замера за нашата ефикасност во работењето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас имам обврска да ги прашам сите пријавени пратеници за дискусија дали остануваат на тоа да одиме по редоследот, или има некои кои ісе приложат дискусија или кои се откажуваат од дискусија да се јават. Не би било добро да се надгласуваме овде ако некој инсистира да говори за проблемот што е на дневен ред.

Господинот Фаик Абди бара реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Се јавувам за реплика по едно прашање. Имено од оваа говорница се тврди дека нашата Република е во многу добра ситуација со електрична енергија. Колку јас знам со електрична енергија ќе сме баш во најдобра ситуација. Дали може некој Владата од да ни каже какви се билансите. Кажете ни ако е така да се радуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Исмет Рамадани бара реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Рамадани.

**РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, господине пратеници, кога ми беше редот за дискусија мислам дека ме праша потпретседателот дали сте за предлогот на господин Петров и јас се согласив со тоа. Нема смисла сега, пет- шест- седум реплики имаше тука и дискусии јас сум онеправдан. Затоа, мислам дека треба да се почитува тоа, Не предлагам да се гласа, меѓутоа....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Рамадани, вие од место рековте дека ја приложувате дискусијата.

**РАМАДАНИ:**

Вие рековте дали го прифаќате предлогот на господин Петров, да не се дискутира понатаму туку да се приложат дискусиите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас имам обврска според Деловникот да ги прашам сите пријавени.

На ред е господинот Душан Трпчевски:

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, како известител на Комисијата за здравство која одржа седница на 17 јули, разгледувајќи ја Програмата на Владата дојде до следното сознание:

Проблемите што произлегуваат од досегашното работење во здравството познато ни е од нејзината поставеност, организација и финансираа>е. За овие неколку работи до сега три пати дискутиравме. Во февруари, во април и првите осум дена кога го донесовме Законот за здравствена заштита.

Меѓутоа, имајќи го предвид делот VII што се однесува на општествените дејности а во тие рамки е сместен делот од Програмата за здравствена заштита ќе кажам дека Програмата на Владата а особено за овој дел на здравството, можеме да ја земеме само како појдовна основа за изработување на среднорочната програма, а посебно за изработување на годишните програми што ќе бидат

донесени односно предложени на ова Собрание за разгледување, одобрување и усвојување. Во тесна врска со тоа се предвидуваат некои радикални промени во организацијата и функционирањето на здравството. Во една врска со тоа и неодамна усвоениот закон за здравствена заштита. Потребно е да постои поврзаност на здравствената служба што произлегува од следниве поставки:

Прекратување на изградба на здравствени установи во Републикава бидејќи истите во досегашниот период на поедини места се толку изградени што претставуваат дуплирање на капацитетите на растојание од 10, 20 па и до 40 километри. Искористеноста на одделенијата на болничките служби е некаде под 50 односно под 30% со еден удел во одржување на високиот тренд на скапа здравствена заштита во Републиката односно на едно, од ден на ден се посиромашно стопанство.

Се дојде до сознание што поскоро да се опремат, доизградат и стандардизираат хируршките клиники, Клиниката за ортопедија кои понатаму бидат во состав на Медицинскиот факултет и ќе се пружа секу........здравствена заштита, каде ќе се обавува и научно- истражувачка

дејност. На Републиката іce и овозможи дел од досегашните упатува&а на лекување надвор од Републикава или надвор од државата да останат тука, а со тоа и средствата да се задржат.

Развивање на превентивна и примарна здравствена заштита во тесна врска со санитарно- хигиенската, епидемиолошката состојба во Републиката да се подобри. Познато е од досегашното работење пека околу 40% од средствата што беа собирани во здравствените организации отпаѓаат ва трошоци за болничка клиничка здравствена заштит Цениме поентата да се стави на амбулантско- поликлиничката служба, превентивната здравствена заштита со тоа што ќе биде многу поефтина. Болните нема да ги држиме во здравствените установи каде мора да се обезбедува исхрана, затоплување, облека, услужување итн.

Се дава голем акцент на домашното лекување. Во досегашните здравствени установи за тоа има услови. Прв услов е патната мрежа во градовите и до најодалечените места во Републикава е во многу добра состојба, односно обезбедување на санитетски возила што ќе бидат опремени со минимум средства. Кадар за тоа, сестри, лекари постојат и во таа смисла домашното лекување на дојде на преден план со што ќе се поевтини здравствената заштита.

Во врска со тоа е слободниот избор на лекар и здравствена установа. Досегашното работење покажа дека тоа не можеше да се оствари особено од начинот на ненаградување на овие луѓе.

Развивањето на приватното здравство ќе овозможи подигањето на ЈШВОТО на .здравствената заштита. Ќе се овозможи конкуренција подобра или поголема стручност, покултурен однос кон пациентите, помалку чекање во здравствените установи, закажување по телефон итн.

Приватното здравство ќе овозможи вработување на одреден број лекари, фармацеути, стоматолози и на среден кадар во приватните ординации. Сметаме дека невработените кадри ќе дојдат до сопствено вработување.

Пазарното договарање помеѓу здравствените организации и приватното здравство од една страна и Фондот за здравствено осигурување од друга страна ќе овозможи рационализација и квалитет во пружањето на здравствената заштита. Во тесна врска со тоа е слободниот избор на лекар и здравствена организација.

Во последно време многу малку се водеше сметка за опремата. Опремата во општественото или од сега или утре во државното здравство до 70% е амортизирана. Без надополнување на опремата,осовременував>е со нова опрема нема можност за ефикасно дијагностицирање, не ефикасно само во однос на квалитетот туку и брзо дијагностицирање, а со тоа и здравствената заштита ја правиме нецелисходна, поскапа итн.

Се овозможува или ќе се овозможи најмалку еднаш годишно да се упатуваат комисии формирани од Министерството за здравство или институциите на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет што не само што ќе вршат стручна контрола туку ќе даваат и стручна помош на здравствените институции. Тоа веројатно ќе се прави и во приватните ординации што досегашното работење не го овозможуваше.

Се предвидува доктринарен пристап во лекувањето на болните. тоа Q една од поентите на поквалитетно, поевтино лекување од досегашното.

Понатаму, исто така во однос на една правилна популациона политика. Претходните дискутанти и претседателот на Владата изнесоа

нешто во врска со ова. Зголемениот наталитет на поедини подрачја во Републикава или внатре во поедини градови или села ја оптоварува здравствената заштита бидејќи зголемениот наталитет предизвикува зголемен морбидитет а зголемениот морбидитет се разбира зголемен морталитет особено кај доенчињата и на тој начин нашата република не велам јас во однос на морталитетот е на прво место, меѓутоа процентот не прави на пониската скала во однос на европските земји.

Мислам. дека овие десет минути дискусиите нешто напреднаа. Имам еден предлог сите дискусии да бидат до пет минути. Репликите максимум една до две минути. Доколку ова не се повтори во тој случај јас протестирам, а протестирам и од друга страна што на вакви седници не се закажуваат по 60 точки. За десетина точки изгубивме осум дена. Ве молам Претседателството на Собранието да го има предвид. Од 8-10 точки за една седница да се предлагаат а би предложил дури и еднаш неделно ако треба и двапати неделно да се состануваме, но седниците да бидат ефикасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се пријави господин Зимбаков.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во интерес на времето мојата дискусија ќе ја приложам во писмена форма.

(Пратеникот Васил Зимбаков ја приложува дискусијата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На ред за дискусија е Панче Минов.

(Не е тука)

Соопштен [illegible] на [illegible] кратенки  165

– Разгледувајќи ја програмата за работа на Владата на Република Македонија за идниот период и излагањето на претседателот на Владата – мое мислење е дека програм[ата] е многу општа, општа неконкретна и претставува збир на желби а не на [ре]алните можности. Во програмата нема рангирање на работите по [п]риоритет, се е ставено на едно место. Програмата е направена за едно идеално [в]реме, а не за време во кое живееме денес, со сите проблеми [illegible] [т]ешкотии со кои се среќаваме: како што се Обезбедување политичката состојба [в]о земјата и Републиката, Економската состојба [illegible] во Републиката, Стечајните [п]остапки, отпуштањето од работа, невработеноста, не навремено исплаќање на [п]лат[ите], личните доходи во стопанството, во нестопанството и [illegible] [з]емјоделството, и.сл.и.сл.

Програмата мора да дава решенија на сите овие проблеми како приоритет [б]о овде нема решение нема излез од кризата, [illegible] а вака програма да [о]стане само збир на желби напишани на хартија.

– Конкретна потврда дека Програмата е општа кажува на стр. 58 и 59 каде што се зборува за Сообраќај и врски –: цитирам:

: Развојот на патната мрежа во Републиката ќе се остварува со подобро и поефикасно [од]ржување на постојните патишта, со реконструкција, модернизација и изградба на одделни правци од магистралната и регионалната патна мрежа, во рамките на Среднорочната програма и годишните програми за изградба, реконструкција и одржување на [па]тната мрежа во Републиката? – Но општо од оваа не може да биде кажено што е тоа ново и која е таа нова филозофија – ништо конкретно, (кој пат што ќе ... [с]е гради и која година)

– На истата страна за набавка на возила за јавниот превоз, ќе се бара дозвола [од] Сојузните органи за набавка на возила преку намалување на царинските давачки и с[е]. Јас се прашувам што ако Сојузните органи кажат – не, значи ли тоа дека ќе нема [н]е увоз на нови возила за јавен превоз – нема алтернативно решение.

На страна 77 – Образование: – Каде што се вели „Мрежата на воспитно-обра[зо]вните организации на сите степени на образование е предимензионирана ги надминува потребите на Републиката и.т.н. – Јас мислам дека треба да има некоја трансфор[м]ација во образованието но не и укинување – бидејќи бројот на неписмените [з]ап[о]чна да расте [illegible] а тоа е враќање назад. Образованието да биде без идеологизација [к]ако што е тоа во современиот свет.

Пензиско и инвалидското осигурување – воглавно го поддржувам текстот со белешките кои беа искажани од претходните дискутанти – и сметам дека [е] нужна при донесувањето на Уставот и Новиот [Ре]публички закон за пензиско и инвалидско осигурување – пензиското и инвали[д]ското осигурување на земјоделците да реши на доброволна основа, бидејќи [п]ауш[ал]ниот начин и стажи [illegible] [з]емјоделците им не можат [illegible] в живот [ж]елба. –

На ред е господин Темелковски.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи поретко се јавуваме да говориме за економската тематика, јас во кратки црти ќе ја прочитам мојата дискусија.

(Прилог)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, јас нема да ја приложам дискусијата но во своето излагање Ісе бидам сосема кратка бидејќи не би сакала а повторувам полно работи што беа кажани.

Бидејќи Програмата за работа на Владата ја донесува самата Влада, а Собранието на Републиката само се информира, мислам дека колку и да се добри забелешките и сугестиите што ќе произлезат од дискусиите не можат да влезат во Програмата за работа на Владата. Поради тоа целосно го прифаќам Предлог- заклучокот во кој стои дека сите предлози и мислења од денешната расправа се вградат во документот за развојна и економска политика на Републиката.

Мислам дека сите би биле задоволни кога Програмата, ваква како што е усвоена од Владата се оствари во целост. Но, бидејќи условите за живот и работа се доста специфични,сигурно ќе биде тешко остварувањето на Програмата во целост.

Во Програмата, според мене, треба а не е доволно посветен внимание на даночната политика. Мора јасно да се дефинираат целосните остварувања на стопанските субјекти и тоа оптоварување да биде на таква висина и еднакви оснсвици што ќе значат стимулирање на вложувањата како на домашниот така и на странскиот капитал.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Наследени состојби

Во својата профама Владата на Македонија, прави напор да ги утврди сите состојби што ги наследува во политичкиот, економскиот, социјалниот и лруг живот во Македонија.

Тоа Владата го прави со цел да изгради сопствена програма за идното свое работење.

Меѓутоа, мора да констатираме дека Владата ги нема реално утврдено полничката, економската, социјалната и другите состојби во републиката н врз основа на таквата состојба да изгради и своја програма за делување. Со други зборови темелот на кој ја гради својата програма е нереален н неточен. па од тука и програмата изградена врз овој основ нема реална основа.

Пример, Владата нема точна состојба на капиталот со кој располага нашата република, ја нема структурата на сопственоста на тој капитал, нема точна состојба на имотната состојба на граѓаните, социјалните проблеми. економските односи и штетите на републиката и од последните настани во Југославија. Економската состојба на републиката во услови на суверена држава и сл.

### 2. Промени во политичкиот и стопанскиот систем

Постечениот политички и економски систем се заснова на монополот на општествената сопственост, произволен однос врз основа на кој е изградена целокупната надградба и општествена свест.

Досегашните наши искуства како и политичката и економската состојба, односно криза, во ісоја се наоѓаме е производ токму на таа сопственост и свест.

Менувањето на економскиот и политички систем. и воведувањето на парламентарната демократија мора да се заснова на промена на монополот на општествената сопственост, односно создавање на сите политички и економски услови за воведување ма приватната и друга сопственост како рамноправни партнери на општествената сопственост.

Овие постулати треба да бидат постулати за програмата на Владата.

Владата во својата програма нив ги насочува по поаѓа од заштита на општествената сопственост, а не обратно, од заштита и форсирање на приватната и друга сопственост кои се во зародиш.

Таквото гледање на владата за структурата на сопственоста, односно за трансформација на општествената сопственост се причина за прифаќање на старите даночни системи и несигурност и колебливост во конкретните мерки (закони) за менување на структурата на сопственост.

Од тука без јасно дефинирање на структурата на сопственоста без јасно дефинирање на политичкиот систем што треба да се создаде врз таквата структура на сопственоста, програмата на владата е без цврсти темели и таа е тешко остварлива.

Пример, најконтраверзна е Владата во својата програма по прашањето на трансформацијата Таа трансформација не ја третира пред се како економска нужност и категорија туку како социјална, хумана, праведна н друга категорија. при што самата трансформација во одредени случаи ја

**СПАВЈАНКА СТОЈАНОВА** (продолжение)

Развојот и стимулирањето на земјоделството и селото кое во голем дел е носечка стопанска гранка во Републиката исто така треба посебно да се разработи во програмата на Владата, а пред се со користењето на компаративните предности, а исто така и со одредени стимулации, регреси, премии, поволни селективни кредити за да може земјоделството да застане на свои здрави нозе.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Во програмата на Владата трансформацијата на општествениот капитал зазема посебно место. Она што јас сакам да истакнам е тоа што преминувањето од договорната во пазарна економија претставува коренита промена на севкупните ОД/ЈОСИ во Македонија,  која далеку ги надминува рамките на реформата. Трансформацијата на капиталот претставува економска револуција која треба да се утемели и да се осигура во демократски поредок.

Политичката демократија е неделива компонента од пазарното стопанство кое освен пазар на стока и услуги вклучува и пазар на капитал. Трансформацијата на претпријатијата е прв драматичен чекор на новите стопански односи кои ги отргна Македонија од стопанското гето на социјализмот и ќе го воведе во здружување со светот на модерната технологија.

Сопственичкото преструктуира&е на стопанството и процесот на приватизација може да стане голем организационен стрес. Се поставува прашањето како да се дефинира правото на располагање со претпријатијата. Сметам дека влегуваме недоволно спремни во тоа. Не може да се верува де}са овој проблем безболно ќе се реши. Владата преку надлежните министерства на овој проблем треба да му посвети посебно внимание пред се кога се има предвид дека во одредени стопански области

веќе овој процес е започнат. Не треба да дозволиме овој процес стихијно да се одвива и да поприма карактер на трансформација и развој сличен на моделот на Латинско Американските земји, за да на крајот донесеме закон за национализација.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе во улога на претседател, почитувани пратеници, без претензии да дадам некој завршен збор или резиме на досегашната расправа, бидејќи тоа е фактични невозможно да се резимира сиот овој симпозиум што денес го слушавме овде или да одговорам на сите прашања кои беа поставени со кафена лажичка, ќе се осврнам само на некои аспекти, едноставно само заради појаснување на некои прашања кои беа разгледувани, да не останат некои дилеми, доколку успеам во*тоа, бидејќи е многу тешко да се резимира целокупната дискусија.

Меѓутоа, наметната е една заблуда дека ако сите овие забелешки и сугестии кои беа слушнати денес и во расправата на Собранието и во работните тела во изминатиот месец дека постои можност сите тие да бидат вградени. Голем дел од нив се контрадикторни, голем дел се противречни, голем дел се произволни, тешко може да се постигне конзистентен документ со целиот тој збир на мислења и различен спектар на гледање, така што треба да избегнеме од таа реалсоцијалистичка заблуда дека ако слушнеме многу сугестии, со тоа ќе постигнеме некои многу квалитетен документ. Сакам да кажам дека во овој момент проблемите се надвор од реторитата, веќе не е реален проблем како јас ќе го напишам, како ќе го формулирам и како ќе го кажам и на како убав јазик ќе го кажам тоа. Проблемите се во реалниот свет** и тие тежат.^Ние живееме на затемната жица на социјални тензии и оваа програма е еден обид да се дефинира конзистентен збир на идеи, на правци на гледање кои

Владата кс. ги остварува во претпоставениот мандатен период. Јас присуствував на низа расправи во работните тела ва Собранието е морам во оваа прилика да го изразам своето задоволство од чувството на поделена одговорност, на сериозност на пристапот, на многу висока компетентност и на висока зрелост во познавањето на економските проблеми и висока политичка зрелост и свест за ситуацијата во која живееме.

Кога станува збор за програмата, факт е дека секој програмски документ е производ на определени координати во времето и во просторот. Оваа Програма беше производ на тие координати во тој момент кога се работеше. Очигледно, настаните кои после тоа се случуваа ги изместија тие временски координати. Не постои универзална програма која одговара на сите координати. Тежиштето се намести, ние мора да реагираме со флексибилни промени и на ова што е зацртано внатре.

Оттука, постои реална опасност исто така да се глорифицира улогата на еден програмски документ, да се идеализира. Тоа е наша заблуда од минатото и ние во себе ја носиме. Ние бараме бројки, бараме проекции, бараме стапки. Тешко е да се дефинира било каква проекција, особено материјална проекција во овие услови кои не може да проецираме за наредните три недели, а камо ли за наредните четири години. Ниту монетарна проекција, ниту материјална проекција. Живееме во едно нестабилно окружување кое дневно се менува. Тешко може да се утврди програма која ќе ја врзува Владата за фиксни цели. Тоа може да се постигне во стабилни економски и политички услови, децениски стабилни, а не дневно стабилни економски услови.

Од тука, сакам да го свртам вашето внимание на основните црти кои ги содржи оваа Програма. Кои беа основните рамки од кои се тргна во.... на Програмата. Прв факт беше дека живееме во една сериозна. ерозија на

сите институции на политичкиот систем, дека мора да градиме нови институции на политичкиот систем и на економскиот систем.

Втора работа е: наследено е големо наследство, голем товар на обврски кон минатото, потрошена иднина односно купено време, односно продадено време. Сите тие наследени обврски треба да паднат на товар на идниот развој. Ресурсите на идниот развој се многу ограничени.

Трета работа живееме во економски колапс. Најмалку можеме да се обвинуваме ние сега дека доведовме до овој економски колапс. Некои го нарекоа тоа катастрофална ситуација и е катастрофална ситуација. Потрошени се банкарските фондови, потрошени се девизните заштеди, потрошени се девизните резерви, потрошени се пензиските фондови. Кој може да понуди решение во овој момент? Конкретно решени и кои механизми ќе се понудат.

Од тука, одевме да формулираме глобални црти на една стратегија, зборувам повеќе за економскиот дел бидејќи ни е најблизок, на градење на пазарна отворена економија, она што одговара од прилика на конфедерацијата на ресурските и на потенцијалот на македонското стопанство. Тој пат е долг, тој пат генетски треба да промени многу карактеристики на внатрешната структура. Мене ми се познати искуствата на многу земји, и на Кореја, Бразил, Мексико и многу земји кои се на ниво на развојот на Македонија, а сега се веќе далеку и на земји кои се поназад. Меѓутоа, проблемот е со трансферабилиоста на искуството. Искуство стекнато во едно време е неприменливо во ова време, искуство стекнато во едни општествено економски услови или во еден контекст на култура неприменливо е во оваа култура. Има една стара горејска поговорка која вели дека за 10 години и планините се менуваат. Искуството на Кореја од 60-тите, 70-тите години не е веќе применливо искуство за денес. Од тука,

сите тие барања за приоритет, за гранки, ако јас би знаел или ако би имало такво тело на мозоци кое би знаело кои гранки ќе имаат приоритет во светската поделба на трудот/ ние би го валоризирале тоа, не би седеле овде со 12-13 иљјади динари плата под рефлекторите. Значи, едноставно не постои можност за барања на компаративни предности. Во светот денес се зборува за конкурентност. Факторите на конферентност се 60. Еден од тие приоритетни фактори е природните ресурси, поднебјето и други работи. Другите доаѓаат до израз подоцна, технологијата, работни навики, култура итн. Од каде сега да изведеме ние приоритети? Од која концентрација на информации?

Втора карактеристика е дека мора да се оди на процес на сопственичко преструктуирање односно препознавање на сопственичките права. Тоа е основен услов ако сакаме да ја вклучиме економијата во светските текови. Секој надворешен партнер бара да биде препознаен и носителот на сопственичките права, неговите компетенции и неговите можности да влезе во доходовни обврски. Ние тоа не можеме да го постигнеме во вакви услови. Оттука се оди на сопственичко преструктуирање односно главно приватизација на сопственоста која е модел кој што доминира во осумдесеттите години. Дали ќе доминира и понатаму тоа е исто прашање на историски текови.

Понатаму, процес на дерегулирање и либерализирање на економските текови. Тоа е процес болен, тој го погодува секој субјект, тој генетски ги напаѓа сите ќелии на економијата на општеството, тој бара нови навики работни, нов начин на мислење. Ние сме заточеници на стариот начин на мислење и на стариот начин на работа, свесно или несвесно. Тоа бара време, бара процес на зреење и бара политички околности поволни за да се одвива тој процес.

Понатаму одиме за извозно промовиран економски растеж. Прашањето на извозни стимулации се банализира ако се сведе само на дозирање на некои средства на некои претпријатија. Тоа е Советскиот модел на стимулации. Тој создава паразитизам, создава бирократија, создава корупција и создава други проблеми. Тоа е комплексен проблем Јас не би имал време сега да дискутирам за тој проблем. Тежи фактот на промоцијата на извозот, меѓутоа, тој мора да се гледа во контекст на целокупниот економски систем.

Понатаму, ако веќе одиме во изградба на пазарна економија, ние мораме да градиме социјален систем на институции кои одговараат на пазарната економија, кои ја поддржуваат таа пазарна економија, кои нема да ја претворат во фраза таа фаза на економија. Голем хендикеп е на ова време што ние мора во исто време да создаваме институции на пазарната економија, да создаваме берза, да создаваме банки во вистинска смисла на зборот, да создаваме други институции кои ќе вршат поддршка на системот на преструктуирање, а во исто време да бидат ефикасни. Земји кои ги имаат тие институции имаат и традиција во нив, не можат да постигнат економска стабилност. Ирска, Аргентина и други не можат да постигнат економска ефикасност. Ние ги немаме н бараме веднаш да почнат да трчаат од јајце кога ќе излезат. Тоа се големи проблеми. Меѓутоа, во тежнението да создаваме систем кој е компатибилен, кој е близок до економските карактеристики на европските системи ние мораме да почнеме денес да ги градиме тие институции без оглед на цената која што треба да се плати.

Исто така имаше една дилема дали Програмата е преобемна, дали е збир на желби и разни синтагми, поетски/ метафорични итн., постои секогаш проблем при изработка на некој документ, особено ние кои се соочивме со една документација од 500-600 страници дали одиме прешироко и дали одиме претесно. Постои секогаш проблем да се фатат

сите проблеми од дождовите, како што вели еден филозоф, до политиката. Ние одевме на компримирање на тие работи, ги фативме сите работи, некаде успешно, некаде без успешно. И покрај ова, ние добивме виза критики дека низа работи не се зафатени, дека не се добро разработени, дека не се доволно вклучени, секој требаше да се препознае.

Од тука беа понудени и во оваа дискусија и во работните тела низа квази реформистички квази либерални, економски погледи завиткани во многу стари 'рѓосани конзерви. Барање патронат на државата, барање да се стави под чадор на државата. Тој чадор на државата е искинат, тој е многу мал да не собере сите и прокиснува. Мора да се бори секој за просторот под сонце во економијата. Нема чадори, Тие чадори создаваат негативни искуства секаде.

Беа поставени, јас не сакам да судам, не сакам да оценувам дискусии, дискусиите се вред, критиките се вред, тие се пожелни тие се потребни, тие создаваат импулс да се размислува, тие фрлаат нови аспекти на гледиштата независно дали се лаички или се строго стручни и тие се потребни. Тие се неопходни ако сакаме да побудиме различни реакции, различни гледања на проблемите. Меѓутоа, беа поставени низа реторски прашања и реторски одговори. Низа отворени врати беа чукани, низа квази констатации беа наметнати, низа метафизички мудрости кои се јасни, нема потреба да се држиме ние, работи кои се многу познати.

Постои еден принцип во економијата, тоа е принцип определени цели кои лесно може да се утврдат, кои се многу широки треба да се врзат со задачи. Задачите можат да се постават широко. Меѓутоа, зад нив стојат инструменти. Владата има многу ограничен збир на инструменти. А зад инструментите стојат ресурси, а ресурси нема. Сега во тој склоп на

ограничувања повелете градете економска политика која ќе го исфрли ова стопанство на развојна линија. За тоа, мислам дека оние реалистички погледи треба да се усовршуваат дека не може наеднаш да се извади економијата на развојна линија на поле дека треба да се лечи ова, треба да се стабилизира, да се создаде да се изменат многу работи во света, нашите проблеми се реалните страни на економијата, немонетарните. Ние можеме да добиеме милијарда долари. Како ќе ги употребиме, со која ефикасност» Ние сме имале досега монетарни инфузии, ние генетски сме ја граделе економијата на дополнителна акумулација,таа економија не е ефикасна денес.

Понатаму околу тие квантификации. Ние сме во нашето непосредно минато преплавени со квантификации, документи, планови толкави дебели со приоритет, со стапки, со проекции. Тие планови упорно бегаа од насоките кои ние ги влечевме, бегаа од приоритетите и не се остваруваа, и во време кога државата имаше многу посилни инструменти да влијае на неа, и политичка пресија, и политичка принуда, и сменување, и телефони и други работи. Ние не сакаме сега да влегуваме во донесување на квантифициран документ и да го оствaруваме со вон економски принудни методи. Ние мораме да бараме флексибилен економски механизам кој ќе работи сам од себе и кој ќе функционира и ќе ја поставиме улогата на државата како рамка која што ги надгледува тие процеси и интервенира таму каде што е потребно, за да не дојде до преголеми дисторзии на економијата. Меѓутоа, пак ќе кажам тоа е долг процес, мачен, социјално болен кој ќе бара време, кој ќе ја надживее и оваа Влада независно дали ќе остане можеби до крај или не, кој што ќе остане во наследство на другите генерации.

Ете, толку имав да кажам. Може да се зборува и со саати за многу проблеми, парцијални, меѓутоа, тоа се главните назнаки. Јас во основа пак го делам тоа задоволство дека беа сериозни расправите во овој месец и беа конструктивни и корисни. Што од сето тоа ќе се направи, останува пак за сите нас заеднички да се бориме, сите акти ќе поминат низ овој парламент, овој Парламент е филтер на тие работи ќе има прилика секој да стави и сугестија и забелешка, конструктивни, деструктивни, какви сака.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Не е реплика, туку сакам да го прашам министерот бидејќи рече дека се девизните средства на нашите штедачи потрошени. Кој можел да стави потпис на тие девизни средства за да се одлеат некаде или да се потрошат. Колкав е девизниот штеден влог на нашите штедачи и како може сега тие исти штедачи кои по дваесет или триесет години во странство работеле сега тие пари да не можат да ги подигнат. Ако можете да ми одговорите на кој начин и како можат да си ги повратат.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Фактот со девизните заштеди е жалосен. Вие го знаете механизмот на кој тие се прибираа и механизмот на кој се депонира. Девизните средства се депонираа во Народната банка по еден канал од други цели се вршеше трансфер во динарски средства, за девизните средства државата односно федерацијата. Тие девизи до скоро постоеја, постоеја барем билансно. Од ноември месец минатата година до сега се истопија, отидоа по разни канали, тоа е сложено прашање. Можам да дискутирам, меѓутоа не е прашање сега да го оптоваруваме целиот форум. Ние бараме начин да се разреши тоа прво на југословенско ниво, потоа хе се бараат внатрешни решенија.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Имам една сериозна забелешка на сите претставници на Владата кои денеска се дигнаа во одбрана на оваа Програма. Сите мислам еден заклучок имам непотпишан овде во кој вели Собранието на Република Македонија ја разгледа Програмата за работа на Владата на Република Македонија во мандатниот период во кој се содржани глобални насоки и активности за промена во политичкиот, правниот си стопанскиот систем на Републиката како и прашан>а во врска со развојната стратегија итн. при што оцени дека таа може да послужи при подготвува8>ето на документите за развој и економската политика на Републиката.

Јас мислам ако ние 5-6 дена дискутиравме за политичката сувереност на Македонија и еднаш синоќа во 12,00 часот се согласивме и тука аплаудиравме, а 4 дена дискутиравме дали да излеземе на референдум претходев,или после донесување на документи и сметам дека тоа е се во интерес да се заштити оваа идна македонска држава самостојна во светот призната, ние кога треба да дискутираме за онаа другата самостојност, сувереност економската, овде велиме да не дискутираме, сметаме дека никој не може да даде мислења, заклучоци, сите дискусии ги нарече претходниот дискутант дека тоа се реал социјалистички, а од оваа програма што ни ја понудија 45 години такви реал социјалистички програми нас ни нудеа и ако е нешто реал социјалистичко, ако во ништо не мислиме за економската сувереност на Македонија тоа е оваа програма и од тука се поставува прашање, ако тоа по оваа Програма не треба да се дискутира, зошто Претседателството, зошто Владата не натера по неа да дискутираме и ако е тоа точно дека на таа Програмата треба да се дадат забелешки, а тие забелешки факултативно некој рече дека се тоа симпозиуми, тогаш сметам дека беше доволно да се даде еден напис до тој Парламент и да се

каже секој кој ја има програмата да се прочита, да се прати по поштата до Владата, ние хе видиме ако ги прифатиме, ќе ги прифатиме. Меѓутоа, господо јас очекував некој од Владата да каже дека ние од утре како ќе обезбедиме до крајот на годината нафта и нафтени деривати, како ќе обезбедиме репроматеријали и како хе ги санираме банките Без овие три работи Македонија хе падне во таков колапс што мислам дека тешко ќе ја сочуваме и онаа другата сувереност и самостојност. За ова ќе треба и да се дискутира. Затоа предлагам да ја прекинеме целокупна дискусија, да донесеме заклучок на наредна седница Владата ни ја понуди онаа мини програма, да можеме понатаму да дискутираме во каква ситуација хе се наоѓаме. Инаку по сите тие економски проблеми, социјални дека хе се расправа сакале или не, ќе не натераат граѓаните и луѓето, бидејќи до есен нема што да јадат. Према тоа да не заклучуваме, бидејќи така барав,она што се издискутира, се издискутира, а за наредна седница да ни предложат нешто конкретно по кое ќе можеме да се искажеме, бидејќи е должност на сите нас и на граѓаните да мислат за својата економска сувереност, како хе живеат.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Мислам дека не е добро повеќепати да се јавувам, меѓутоа, овој пат не можев да се воздржам. Ми се чини дека овде систематски се работи да се дезавуира Владата и овој нејзин сериозен напад е направен врз оваа Програма. Работите ни од кој не можат вака да се прикажат како што ги чувме од последниот говорник. Ова не е слободна режија. Програмата е задолжителна за оваа Влада. Меѓутоа, Програмата хе биде многу важна и за вас. Господа пратеници, вие треба оваа Програма да ја усвоите, или да не ја усвоите. Во сите сериозни земји  Влада поднесува програма и буџет.

Тоа се двете најголеми работи кои штос е случуваат во историјата ва еден мандат. На Програмата или буџетот Владата или паѓа, или останува. Овде не е слободна дискусија кои што треба да ни приготви со Програмата. Ако имаме случајни пропусти, тогаш да. Меѓутоа, со голем дел од дискусиите ние апсолутно не се согласуваме, имаме тотално различни погледи на развојот на Македонија. Нафта ќе обезбедиме. Меѓутоа, ние прво сакаме да обезбедиме инструменти со кои што владата ќе може да управува во Македонија. А јас ви тврдам во сегашниот правен и политички систем ние немаме соодветни инструменти за управувањето со економијата. Она што го добивате со оваа програма, тоа е изградување на инструменти да управување со економијата. Кој тоа не може да го разбере, трагично е. Меѓутоа*. ако не се договориме дека ќе ја усвоиме оваа Програма, дека ќе го поддржиме овој напор на оваа Влада, јас не би сакал да работам повеќе на некоја друга програма. Јас не би сакал да работам на програма во која само ќе лечиме штрајкови, во која само ќе смируваме проблеми на вода од едно село во друго село Овдека е стратегијата на Македонија. Кој беше доволно слеп да не ја види, тоа е негов проблем.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Вие дискутиравте по Програмата затоа што и Кљусев и Жута дискутираа, а Гошев имаше елаборат по оваа Програма и не сакам да го повторувам и она што другите дискутанти го дадоа. За нив кажавте дека прават симпозиум дека не треба овде да се дискутира. Кљусев јасно и гласно кажа дека тоа ќе се дискутира кога ќе се донесе тој и тој закон. Ако така го сфатив, јас го разбрав. Ако не сум го разбрав, се извинувам. Меѓутоа, ако е така тогаш што сега да правиме. Да дискутираме по

Програмата или да чекаме да донесат конкретни закони, па да дискутираме. Ако дискутираме по проблеми, тога ќе отвориме проблеми и £е дискутираме. Ако не тогаш во тоа е проблемот. Не да не сме разбрале. Ако е тоа тогаш така, тогаш да дискутираме по неа. Ако Законот кога ќе се донесе тогаш да дискутираме по инструментите знаеме што е економска политика да чекаме економска политика па да разговараме, бидејќи така предлагате. Јас не се јавив за дискусија, бидејќи чекав економска политика, па да дискутираме по неа.

**ФАИК АБДИ:**

Јас многу жалам што членовите на Владата не можат да сфатат за работа која што овде беше наметната уште при почетокот. Кога почнаа расправиите. Јас поставив прашање до претседателот на Владата и до Вас драги министри дали оваа програма, односно дали образложението ва претседателот ва Владата треба да значи еден вовед во вид ва законска регулатива од аспект на нештата кои што кажуваат како да се дојде до одреден план на општествено економски развој во еден временски период. Одговори претседателот да. Ако е така тогаш имаше доста дискусии овде што навлегуваа во основите што понатаму, за да се помогне, и не може вие министри да правите никој овде слеп, нема смисла така да се однесувате, зашто никој не рекол Владата или некој од владата е слеп, пред се, бидете достоинствени на својот позив и на своите функции и не може да ги мешате системските прашања едно време што се правело, ние ниту сме се родиле вчера, не сме деца, ние знаме и досега како се планирало, што се предлагало не може да рипаме во нешто што не треба. Мислам дека нема смисла, народот не следи, а секоја чест и на докторите и на министрите по

не знам кои науки нека помагаат, нека си ја вршат должноста, ако не добиев одговор од претседателот на Владата дека оваа Програма може да се смета како елементи за основите на планот во општествено економскиот развој на оваа држава во периодот 1991 1995 година, јас лично немаше да дискутирам воопшто.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас реплика ќе дадам на повеќе дискутанти, посебно на претходниот дискутант, не на Фаик Абди. Во рамките на Собранието беше задолжена Владата да изготви сопствена програма. Таа програма да ја реализира, а односот е ние во наредниот период да дадеме доверба или да не дадеме доверба. Целта не е тука да даваме сопствени програми и сопствени разрешувања и лични проблеми да решаваме во рамките на таа програма. Таа е чисто сопствена програма. Таа мислам баеше доволно јасно дава одредени перспективи и да не се надмудруваме, бидејќи стручниот дел е во Владата, а ние сме само народни пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господа пратеници, јас еднаш ве потсетив на заклучокот на ЗПК тоа е за нас од формално правен аспект, она што треба да го прифатиме или да не го прифатиме за карактерот на Програмата.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Ова е реплика, но и мало укажување. Овде се манипулира со мислењето сопствена програма, програма за разгледување, програма за усвојување. Мислам дека треба да се договориме. Јас мислам дека е оваа програма предложена од Владата, меѓутоа не само на разгледување пред Парламентот, туку и на усвојување. Во право е колегата Миљовски кога

укажува на тој факт. Оваа програма претставува еден договор меѓу овој Парламент и Владата. И тој е во право кога вели дека Буџетот и Владата се основни акти што значат работа на Владата останување на Владата или паѓање на Владата. Затоа јас сум за тоа да не се надмудруваме повеќе, мислам дека никој жив од нас ве ја оствари Програмата како предлог и како содржина, ниту на ниво на комисиите, ниту овде. Имаше напори за разјаснува&е, за дополнување ита. сето тоа во конечната верзија или пак во актите што ќе произлегуваат од примената на програмата ќе се уважат, меѓутоа, јас мис,ам да се договориме да се согласиме овој заклучок што е предложен тука да се усвои, но во смисла ва тоа Собранието на Република Македонија ја разгледува и усвојува Програмата. Со тоа фактички да го склучиме договорот со Програмата.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Јас ја прифаќам сугестијата на г-динот Превала и можеби должам едно кратко објаснување на господинот Абди. Ова е програма за работа на Владата. Значи за принципите на работа на Владата, принципиелните гледања, а ние ќе донесеме среднорочен развоен документ во кој попрецизно ќе се определат мерките, инструментите, насоките итн. Значи до крајот на годината ќе доставиме на Собранието. Очигледно дека ова не е толку прецизен документ за да се врзи за определени конкретни цели. И друго за претходните дискутанти јас колку се сеќавам со голем аспект се однесов према дискусиите, она симпозиум го реков во смисла на тежината која се даде во дискусиите, ва едно високо стручно ниво. Јас благодарам за сите дискусии не само за денеска, туку:за цел месец што ги водевме во овие простории, така да не сакам такви видови на разбирање.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господо пратеници, моите забелешки ќе бидат во делот каде се работи за општествените дејности како што е културата и образованието. Најповеќе од сите и најмалку што може да биде во областа на културата се презентирани некои гледан>а на Министерството за култура околу развојот на албанската култура во Македонија. Со презентираните гледаа»а за развитокот на албанската култура потполно се согласувам, но со констатација дека на развитокот на културата во некои домени не им е дадено особено значајно. Пред се, тука мислам на развојот на мрежата на библиотетската дејност на албански јазик во разните градови на Македонија. Имено, скоро сите библиотеки патат од болест на недостаток на белетристика и стручна литература на тој јазик. Проблемот е уште посериозен што тие библиотеки доста се осиромашени во времето на едноумието кога илјадници книги се отстранети од нивните рафтови на библиотеките на Македонија, поради наводната идеолошка содржина. Така на пример во магацините на библиотеките на Македонија стотици тони книги чии автори се најпознати албански писатели.

Друг проблем во оваа сфера е недостигот на театарските куќи кој ќе подготвуваат разни претстави на албански јазик. Во целата Република постои една тапанарска кука на народностите во Скопје која како што дознавме и слабо се финансира од страна на државните институции. Тука ни достасуваат во голема мера детските ТВ емисии, како и емисијата за културата на Телевизијата.

Во Програмата за образовната дејност на ниедно место не се зацртани заложбите за потполно опфаќање на деца на основното образование. Имено, во с.Јаболчиште Титов Велес, Горно Врановце

Дебарска Жупа веќе повеќе од една година учениците од основното

образование ве им е овозможено школување  на албански јазик. Учениците во Јаболчиште кои ва број се 440 минатата школска година не биле прифатени воопшто во основното школување и како стојат работите досега и од информациите што ги имаме нема изгледи и оваа школска година тие да се школуваат. За албанските ученици ве е проблем рационализација на средното школство, бидејќи тие или воопшто не се опфатени во средното школување или се опфатени само околу 3%. Бидејќи Владата не покажува никаков интерес за овој проблем да го решиме на соодветни начин, особено негаторскиот став ва министерот на образование, треба да се разгледа можноста и околу отвораа>ето на средните приватни училишта како лабавиците би придонеле за развој на школскиот систем Во тој склоп треба да се актуализира повторно отворање на Педагошката академија на албанска наставна група, бидејќи се чувствува голем број на кадри во образованието во некои напуштени планински места.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, очигледно не сакаме да се разбереме. Зошто распливнуваме во други води. Зошто завртуваме водата да тече на сосема спротивна воденица. Јас мислам дека ако некој бара на овие гости кои што се дојдени тука, да им се даде поголемо право, јас мислам ниту е место од оваа говорница. Ниту има потреба да расправаме. Зошто ја тераме водата на сосема спротивна воденица, или треба да се злоупотребува оваа говорница. Јас мислам дека не е прв пат на овој господин или ва други господа да ја злоупотребуваат оваа говорница. Молам да не ја злоупотребуваме за вакви цели.

**ХАРУНИ,**

Претходниот дискутант го повикувам да се изјасни пред говорница, да се изјасни за какви гости се работи..

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Внимателно ја следен дискусијата на господинот Шаќири и тој бара паралелно образование во Горно Врановци, каде што е укинато. Јас колку што знам во Врановци сите се доселедници и немаат статус ка државјанство. Како сега можеме да им дадеме училиште.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сега не е тоа ва дневен ред.

Бара реплика Ајдерага.

**АЈДЕРАГА ГАЗМЕНД:**

Мислам дека правиме лоши работи. Не треба така работите да ги сфаќаме.

Тоа што овде се рече, гости, не знам јас како тоа може да се оправда. За какви гости станува збор. Не станува збор за гости. Сега го добивме прогласот и никаде не пишува дека станува збор за гости, дека гостите ќе гласаат. Кој ќе гласа? Ќе гласаат граѓаните на Македонија. Според тоа воздржете се од такви работи бидејќи тие не ве водат ва прав пат.

**ТИОТ ПЕТКОВСКИ:**

Пред да и дадам збор на следниот дискутант. сакам нешто да замолам.

Бидејќи прогласот што ви го поделивме на почетокот на седницата, на тој текст постојано пристигнуваат сугестии за дополнување, оплеменување итн. Затоа предлагам една група, додека ние расправаме, во состав Јордан

Бошков, Наќе Стојановски, Зоран Крстевски Насер Зибери да го усогласат тој текст. Ако е можно да се повлечат додека вие водиме расправа.

**ГОРГИ БОЈКОВ:**

Јас мојата дискусија ќе ја предадам, само сакам да се задржам на еден за мене нелогичен метод во работата на оваа програма.

Додека сите претставници на Владата истакнуваат дека програмата претставува глобална насока и ориентир како што се изјасни претседателот на Владата во делот на станбената изградба кој е сосема краток 70% од текстот децидно кажува каде ќе се трошат средствата што ќе се приберат од продавање на општествени или оние други станови што ќе бидат државни. Јас мислам дека тоа е текст на закон и тоа не треба да стои во ваква ориентациона програма.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Програмата за работа на Владата на Република Македонија во мандантниот период ќе го разгледувам од моментот на прогласувањето на составот на Владата на Република Македонија. Тоа беше време кога и последната алка од еднопратискиот систем си отиде од политичкиот систем и извршната власт на Република Македонија, но со тоа не се променија и стопанските услови кои ги наследи и новиот Парламент и новата Влада. Токму на таа наследена состојба започна градењето на новата демократија и работата на експертната Влада која произлезе како консензуса форма на почетокот на македонскиот повеќепартизам.

Кризната состојба на сите елементи на живеење беше основа за согледување на правата состојба во Републиката. За несреќа та преземена состојба во себе носеше и соодветна актива но и негаторската пасива и после толку време од започнувањето на работењето на Владата имаме

согледување за правата состојба во Републиката. Се уверувам да и самата Влада е во таква состојба затоа што таа затскриена пасива изгледа е доста подлабока отколку што во овој момент изгледа.

Превентивната програма ја согледувам токму од овој аспект. Пообопштувањето на целокупната програма е израз на добра волја за да се опфати секој сегмент од животот и како таков се иницира. Но, проблемот е во тоа оти каде точно да се започне со реализирањето.

На овој начин претставена програмата иницирана сознание дека ќе настане нејзино фронтално реализирање. Ваквата стопанско општествена проблематика со строго специфични одлики бара и соодветно стручно решавање и приоди. Се прашувам дали оваа Влада од експерти има можности и сили да ја реализира Програмата.

Во ваква непозната состојба користеше на странски и стручњаци и искуства не би дала резултати зошто теоретскиот дел сигурно е решлив, но самата реализација би било нешто сосема друго.

Експертите на Владата кои оспособувале стручни кадри за ова стопанство не се баш прославиле со своите кадри кои се наоѓаат во претпријатието. Воспитувањето, образованието како и прифаќањето на кадрите во досегашниот систем претставува по мое согледување и најголемиот проблем. Затоа прво е потребно една реконструкција со дополнување ва владата со оперативни стручњаци кои им се познати странските принципи и норми на работеше, но со еден автотон пристап кон стопанството, така да се овозможи една тика трансформација прво на стручниот кадар па на самите навики и сите останати субјекти кој го заокружување системот на работење и постоење на ова друштво.

Инаку, како би ја зголемиле сумата од 1.570 американски долари искажана во анализите ва Владата и би ја достигнале оваа квота од 2.300 до 2.500 мерички долари по жител која дозволува минимално постоење на парламентарна демократија и парламентарна државност со тенденција за слободна трансформација на општествениот капитал, приватна иницијатилнсот, реформа на целокупниот живот со која ќе ни обезбеди минимум стабилност на продор ва странски капитал Во овој момент гледано тоа е една мала илузија.

Со сите сили треба да се ангажираме оваа илузија да стане стварност, ако сакаме постоењето на оваа Влада и овој Парламент да добие поддршка од македонската интелигенција, работниците, стопанствениците, со еден збор целокупниот македонски народ.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Сакам да дадам една реплика на претходниот дискутант. Сите пратеници од Реформските сили, либерална партија некако се спротивставуваат и гледаат со неповерение на Владината програма. Ќе ги побараме стенографските белешки до сите пратеници на либералната партија и ќе видиме дека искажуваат трајно недоверба на владината програма. А дали тие во нивната програма во предизборната кампања на чело со господинот Марковиќ нудеа благостања на Македонија, дали пред да се донесе оваа владина програма не учествуваат во комисиите па да кажат некоја новина. И таму нешто можеше да се запише. Јас барем во 5-6 комисии одев лично, на 2 комиси сум член каде што ги слушав министрите по оваа проблематика каде што имаше многу амандмани на пратениците, тие ништо не покажаа никакво интересирање, а сега овде на говорницата слушам многу недоверба, затоа просто се чудам.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

во интерес на вашето чудење, да ви го ускратам, ќе кажам ако е слушавте добро оваа дискусија, таа беше токму во корист на оваа Влада, за нејзиното попродуктивно работење, бидејќи оваа Влада е составена од 24 министри, а целиот оперативен персонал кој работи позади таа Влада сме свесни од кои системи, како е поставена.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Морам да реплицирам на интонациите што ги изнесе пратеникот Ристо Иванов од причина што не се засноваат на факти. Од каде таков негов заклучок и од каде такво негово гледање кога јас во своето излагање имав јасно укажување и тоа во една функција на самата програма во делот ва нејзината содржина односно во делот на вашите гледања за проекцијата коа што треба да настане во делот на обработката, кванитификацијата во среднорочниот развоен план каде треба посебно да се вградат начелните и конкретните забелешки кои што се дадени во дамата Програма. Инаку, самата програма не видов кој досега не ја поддржа и од каде такви гледања дека пратениците од Реформските сили посебно искажале доверба во делот на прифаќањето на самата Програма. Такво гледање мислам дека е само изведено а во никој случај да е поткрепено со факти.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Јас пред се би го дополнил пратеникот Ристо Јованов во смисла да се придржувам и конкретно сметам дека дискусиите на пратениците од Реформските сили се мешање во извршната власт ва Република Македонија.

Како што знаете начелно ние имаме законодавна извршна и судска власт. Тие самостојно ја вршат работата, овој сака, оваа Програма ја условува со некој промена на одредени министри. Мислам дека тоа е пред се меша&е, друго не дал поквалитетен министер па ние да размислиме дали треба да искажеме доверба. Владата на Македонија самостојно ќе си ги врши работите, како што кажав нуди перспективна програма. Овде не видов ниедна подобра програма од нив и да ве се мешаме со кои раце, со која стручна екипа ќе ги извршува. Знаеме вие, истите сме, 2.000 милиони луѓе, дали бевме во партии или високо или ниско, таа работна сила самостојно ќе си распределува кадри а вие ве можеме да им укажуваме со кој кадровски потенцијал ќе ја извршуваат работата или да им позајмиме и од странство работна сила.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Наум Симјановски бара реплика.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Се извинувам на пратениците од ВМР кои станаа да говорат ва оваа говорница денес по оваа проблематика, но за жал мислам дека пратениците на ВМГО кога се работи за стопански проблеми конкретно за разгледувањето на Програмата беа доста по пасивни отколку се расправа за покички проблеми.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека не треба да генерализираме тука пратениците на ВМРО или на Реформските сили Либерална партија, јас потполно се согласувам со репликата на господинот Петар Горгиески и на Наум Симјановски иако не се од моја партија, иако се од Партијата на Реформските сили, и ве молам не може тука да генерализираме, секој си има право да си го искаже своето мислење, ќе ја напаѓа или брани Владата, тоа е чисто негово мислење.

**ЏАФЕРИ:**

После долги реплики и изјаснување еве јас да кажам во глобала неколку збора во врска со Програмата на Владата . За овие состојби навистина големи желби а премногу мали можности за реализација на една ваква преамбициозна програма, бидејќи програмата ние доставена пред месец ипол дена, а подготовката почнала многу порано. Од тогаш до сега на овие простори се одвиваат процеси и збиднувања со непредвидлива брзина, нарушувајќи ги сите досегашни основи врз кои е постигната оваа Програма и затоа сметам дека расправата по оваа Програма требаше да се одвива порационално, а за идната минипрограма на Владата која сигурно ќе биде пооперационализирана,по веродостојна за сегашните состојби, би требало да вложиме повеќе усилби, бидејќи во глобалната анализа на една ваква обемна програма за еден ваков начин на расправа мислам дека е скромна, но би навел некои мои видувања и забелешки, прашања кои се однесуваат на наследните состојби и проблеми. Недвојбено е дека тие беа драстични, дури полошо отколку што е потенцирано во ова начело, а се како причина на недоволниот однос на поранешниот Извршен совет кој во својата долга агонија одеше по слоганот, според мене "потоп". Затоа и денес имаме тотален колапс на многу системи во Републиката.

Што се однесува до прашањето за другото начело, мислам дека Владата во својата мини програма наведе и дополнителни чинители во односите со странство, бидејќи веќе од денес имаме и нови индикации во корист на ова.

Бидејќи многу работи се дискутирани/ па јас би навел уште неколку забелешки во областа на општествените дејности и тоа во културата, образованието и информативните јавни гласила.

Во иднина во РТ Скопје да се обезбеди еден канал кој ќе емитира програма само на јазиците на народностите или на другите народи. Тоа го материјализира со тоа дека со Македонија, сите други народи што живеат се и по култура и по јазик и по верски обичаи различни, кои слабо го познаваат Македонскиот јазик, па мислам дека со воведување на еден ваков канал ќе придонесеме за нивното навремено информирање, а и нивни вкупен развој, било културен, било образовен развој за подобро во иднива да се вклучат во овие модерни збиднување во вашата Република.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам на господинот Бранко Арсовски, бидејќи го прескокнав во редоследот на пријавените дискутанти.

Има збор Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Се извинувам, јас многу ретко се јавува за во раправите и мојата дискусија ќе биде во рамките на 6 минути. Така ја проверив и мислам дека ќе ми допуштите токму 6 минути, бидејќи репликите повеќе траат отколку оваа моја дискусија. Мислам дека Владата во својата програма на страна 85, 86 и страна 91 и 92 ја разработува социјалната политика и социјалната заштита, при што во самата концепција ги утврдува одредените облици, средства и инструменти за нејзино остварување. Во овој дел од Програмата се разработува, во прв ред, системот на социјалната заштита во кој систем се предвидува обезбедување на соодветна социјална заштита на сите граѓани, кои поради една или друга причина се нашле нли можат да се најдат по положба од социјална потреба.

Во овој систем се опфатени сите лица кои поради нарушени здравствена и материјална положба не се во можност со личен труд да обезбедат лична и семејна егзистенција. Потоа децата и младинците без родители и родителска грижа, стари лица, без семејна и материјална лида со оштетување во психичкиот и физичкиот развој, лица зафатени со некоја од општествено- негативните појави итн. На сите овие лица државата како основен субјект и носител ва социјална политика преку обезбедување на основни и други облици на социјална заштита обезбедува минимум социјална сигурност што може да се потврди од самата програма. Меѓутоа, бројот на корисниците на некои од облиците на социјалната заштита, заклучно со оваа година, па и во овој тек на ова време се движи од 10 до 15 илјади лица, која бројка од ден на ден се зголемува, заради поизострени, економски, социјални, па и политички услови. Имајќи ги предвид можностите за зголемување на бројот ва лицата од оваа категорија и

категорија на лица зафатени со други социјални проблеми, се наметнува потреба Владата во основа да размисли за дооформување на такви стручни организации, оспособени со соодветен стручен кадар, кои институции ќе можат да обезбедат пред се, квалитетна и интередисциплинарна услуга и стручна социјална работа. Мислам дека ваквата институција можеме да ја гледаме во лицето на Центар за социјална работа, како самостојна и стручна институција која во овој 20 годишен период покажа дека може да ги решава и разрешува проблемите сврзани за малолетничката деликвенција, бракоразводите, нарушените семејни и брачни односи, решавање ва материјалниот статус на лицата итн. Ние мораме да направиме се во рамките ва Центарот да ги обезбедиме сите услуги од социјален карактер без разлика во која сфера и во кој момент се присутни. Мораме на вашите граѓани да обезбедиме услуга од една единствена институција за да ве го доведуваме да не знае каде да оди и од каде треба да го оствари своето право што државата му го обезбедува преку одреден систем, односно преку одреден системски закон.

Така, предлагам и во Програмата тоа да се предвиди во овој дел социјално заштитните потреби треба да ги интегрираме во еден закон преку кој ќе се обезбеди рационалност и економичност во неговото остварување.

Во рамките на вториот дел што се однесува на социјалната политика, Владата се определува таквата социјална политика која ќе биде во функција на развојната политика што јас ја сметам сосема исправна определба. Посебно ја сметам за исправна што истата во себе ја има развојната, превентивната и заштитната функција.

Меѓутоа, вака предвидената функција на социјалната политика бара и одредени предуслови за нејзиното остварување, посебно кога се работи за нејзината развојна и превентивна функција. Најнормално е во ова време, во време ва нарушени, социјални, економски, политички односи заштитата функција на социјалната политика да доминира и истата да се однесува ве само ва граѓаните кои се опфатени на системот на социјалната заштита, туку и пошироко, а пред се, граѓаните кои поради општествените причини не се во можност да обезбедат средства преку личен труд за себе и за своето семејство. Потоа, лицата односно работниците кои поради промени во стопанисувањето и технологијата остануваат како вишок итн.

Очекувајќи го понатамошниот период да се зголемат социјалните тензии поради зголемување на невработеноста, зголемувањето ва бројот ва невработените кои примаат личев доход испод загарантираниот или ве примаат за неколку месеци,на поголемиот број пензионери со ниски пензии и друго императивно се наложува Владата да ја следи оваа состојба преку изготвување на краткорочна и среднорочна социјална програма што сметам дека е во тек изготвување на една таква програма.

Преку социјалната програма мора да се утврдат критериумите за користење ва одредено право, облиците и средствата, меѓутоа мора да се утврдат и минимум на социјално- заштитно ниво со кое ќе се обезбедува социјална и економска, но и политичка сигурност. Мораме да обезбедиме таков модел на социјална политика кој ќе биде во функција на економската политика, бидејќи социјалната политика и економската политика имаат извонредна меѓузависност.

Заради остварувањето на социјалната политика мора целосно да се преиспитаат и нејзините досега утврдени принципи на социјалната политика и субјектите како носители ва социјалната политика. Посебно треба да се прилагодат принципите према пазарното стопанисување кое ва некои од принципите се надмината и не одговараат ва новите општествени и економски промени. Се работи за принципот на наградувањето спрема резултатите од работа, а ве спрема можностите, кок ЕО пазарното стопанисување ја имаат својата економска цена н " тоа пресудно ќе влијае врз материјалната и социјалната положба ва производителот. Мислам дека принципот ва взаемност и солидарност исто така треба да се преиспита. Принципот на досегашниот хуманизам социјалистички хуманизам, овој принцип има за цел создавање на поповолни услови за живеење и работа за сите граѓани. И тоа може да се смета дека е во коалиција со принципот на пазарна економија во која се поспешува егоизам, индивидуалност, разни облици на експлоатација, отуѓување. Оваа спротивност мора да се решава преку конкретна социјална политика, политички мерки итн. Принципот на еднаквост во правата и обврските кои значат работните луѓе подеднакво и под еднакви услови да остваруваат своја економска и социјална сигурност. Дали сега овој принцип и понатаму ќе биде еден од основните принципи ва социјалната политика, останува како отворено прашање. Мислам дека останува прашањето дали истите ќе се предефинираат и на кој начин барем засега е доста непознато, а Владата мислам дека има потребна во развојниот документ да ги разработи принципите на социјалната политика.

За мене е многу важна и пресудна улога имаат субјектите на социјалната политика. Според новите економски промени, а пред се воведување на пазарната економија и стопанисување, ОЗТ како општествени претпријатија ја губат функцијата на основен субјект на

социјална политика. Тоа значи организациите се ослободуваат од улогата на социјална политика во делот на заштитната функција. Меѓутоа, кај мене останува дилемата дали организациите за стопанисување целосно се ослободуваат од социјалната функција кога оваа функција е во функција и составен дел ва економската, а тоа значи дека е предуслов за поголема продуктивност, мотивација за работа и друго.

Според сегашните определби државата останува како основен субјект на социјалната политика, што значи функцијата на државата се пренесува ва обезбедување на сите предуслови ва обезбедување за остварува&е на правата од областа на социјалната политика во сите нејзини сегменти.

Заради"сложеноста на преземената функција на државата во рамките ва социјалната политика, императивно се наметнува Владата во развојниот документ да ги обезбеди сите инструменти, средства, облици и институции преку кои ќе се остварува социјалната политика.

Во контекстот на субјектите на социјалната политика треба да ги разработиме и другите субјекти, а пред се улогата на хуманитарните организации и стручни организации, вклучување на верските заедници (црквата, џамиите). Потоа, добротворните друштва па и самите граѓани кои и те како претставуваат еден основен субјект ва социјална политика.

Во овој дел не би требало да изостане и улогата на Синдикатот, па и политичките партии и тоа во однос на нивното учество во вградување на социјалната политика во глобалната политика и учество во непосредно остварување на социјалната политика.

На крај ценејќи ги условите во кои е подготвувана програмата, посебно во делот на социјалната политика и социјалната заштита, а мерките што се нудат ценам дека ја обезбедува заштитната Функција и што е нормално за овој преоден период во кој крајно се нарушени економски, социјални и политички односи.

Во целива ја поддржувам Програмата и уводното искажување на д-р Никола Кљусев и другите дискусии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Прво една мала реплика на господинот Симјановски. На страна 23 Владата има напишано: "Значителна помош во конечното оформување ва Програмата за трансформација, како и ва водењето ва процесот на трансформација на сопственоста, очекуваме преку вклучување ва меѓународни консултански организации". Почитувано претседателство, почитувани пратеници, читајќи ја Програмата за работа на Владата на Република Македонија во мандатниот период имам согледување дека Владата вложила огромен труд на работа за разрешување за прашања и подрачја од тековен и развоен карактер, а исто така, за поздравување е и тоа што во Програмата се респектирани и се имаа предвид програмите на сите политички партии од Републиката промовирани во предизборните активности. За жал, само Владата што ве ни кажа колку милијарди потрошивме во таа во однос на пропагандниот дел за да дојдеме тука. Тоа е еден пропуст на Владата.

Многу ми е мило дека новата Влада во својата програма за прв пат после 45 години изврши драстични промени џ втемелување на политичкиот и на правниот систем на Парламентарната демократија.

Притоа, посебен акцент става на ефикасното консолидирање и контрола на работата на органите за внатрешни работи, кои треба да се трансформираат од органи ва репресија врз граѓаните во органи на општествена превентива, а воедно со елиминирање на секој вид идеолошка и политичка полиција. Се обезбедува мирен, граѓански живот и политичка слобода во Републиката.

Ние како граѓани ако имаме политичка слобода, нормално дека и на економски план ќе имаме поголеми резултати. Ова го надоврзувам дека имаме независна позиција на судовите и конзистентноста ва правосудниот систем. Законот за адвокатурата, Законот за јавното обвинителство, кои сметам дека на Владата се готови. Како на пример беше да постанеш судија досега. Во бившиот комунистички режим требаше да даде мислење општинскиот комитет на СК на дотичниот град со благослов ва Сојузот ва борците од дотичниот град. И ден денес имаме судии, за жал, во градовите каде што ги држат тие благородни функции, а не би требало да ги држат, затоа што некои фактори ги исфорсирале да бидат судии кои што навистина не им е таму местото. Комунистичкиот систем што направи, воведе маса судии за прекршоци со огромен број на судии. Господинот министер за правосудство и министерот за внатрешни работи зар не е можно ова да се елиминира. Вие тие судови за прекршоци, тие се режимски судови. Тие треба вие да ги земете кај вас, да не бидат посебни судови за прекршоци. Истиот случај ва измислени судови на здружен труд. Овде е министерството за правосудство и Министерството за внатрешни работи ова треба да го разработи на едена друг начин. Тоа се измислуваше на еден начин да се ставен односно како да се стане судија, а кој судија е таму нормално дека во праксата имавме, за жал, и политички пресуди. Многу

пати судијата носеше судија суд и пресуда мимо неговата желба. Затоа што беше принуден во реизборот, не знаеше дали Ісе биде повеќе судија или ќе биде адвокат, да се отвори адвокатска канцеларија. Во моменталниот случај во Битола, за жал, имавме ние маса судии избркани од судии, затоа што не беа членови на СК. Затоа што некој се венчал со свештеник, но за жал, многу добри судии домаќини, кои што навистина таа благородна функција си ја вршеа многу солидно, а беа исклучени токму од овие причини дека не беа организирани.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги и колешки како и претставници ва Владата.

Веднаш кога излегов ми приговараат да бидам краток, па ќе настојувам мерете го времето, мислам дека ќе го одржам зборот. Расправата по Програмата ја водевме по комисии и мислам дека овде повеќе расправавме отколку што требаше. Јас ќе кажам само неколку збора поврзано со ова што не беше речено на Комисијата, а истовремено и некои работи кои што беа изнесени тука.

Лично мислам дека Програмата заедно со експозето денес што го чувме, што го поднесе премиерот Кљусев, со мали исклучоци ги дава рамковните активности на Владата во мандатниот период. Морам да кажам дури денес излагањето на претседателот според својата амбициозност доколку се изнесуваше во времето на предизборната кампања, Партијата која се го промовираше, ќе добиеше многу пратенички места во Парламентот.

Второ, амбицијата за прогласување ва Македонија за бесцаринска зона ја поздравувам. Меѓутоа, лично мислам дека тешко е остварлива во моментов. Поаѓајќи од состојбите какви економски состојби, а уште

понатаму и војната што се води во Хрватска, мислам дека е тешко остварливо, но ја поздравувам.

Трето, беше речено дека земјоделството во оваа година  доби многу средствата. Прифаќам дека е за поздравува&е обезбедувањето на средствата за откуп на жито од полугодишната жетва. Но, не се сложувам со тоа дека ва земјоделството финансиски му е подобрена положбата.

На крајот, да дадам еден одговор на колегата кој го постави прашањето за трансформација на капиталот, фактички, зошто не функционираат големите системи во Македонија. Тоа не функционира ни во Југославија, но мислам дека е познато колегата од Гевгелија тоа го постави, тој обвинуваше други, меѓутоа јас мислам дека проблемот лежи во тоа што ние не извршивме трансформација на капиталот, ве го одредивме уште титуларот и тоа се причините што не функционира, иако има многу добри системи, но се знае одредени системи како се формираат. Додека не го чиниме тоа, нема да не функционира. Покрај титуларот, се разбира, има и други проблеми кои се напластени долго години.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Простете ми, јас бев малку неарен и стар човек сум, па малку се одморив. Сосема малку ќе се задржам, пошто ја слушав програмата ва Владата и да кажам по мене е доста смела при таква ситуација во која ние се наоѓаме денес во сите сфери ва животот. Кога велам во сите сфери на животот, знаете што сакам да кажам. Меѓутоа, јас не да ја ваѓам Владата од некоја кал каде што западна ла, не е крива за тоа, сакам да кажам неколку работи и да се запаметат, извинете што така настапувам, многу да ми простите, прво, какви решенија ќе земе Владата за политичките фабрики.

Ве молам, Владата тоа да го забележи и чекам одговор на идниот состанок.

Второ, барам од Владата најенергично по закон или по некој акт да преземе мерки за сите зелени, црвени кредити што се одземени од банките. Претходната влада тоа не можеше да го реши.

Што се однесува за средствата за оживуваа>е на стопанството во Македонија тука малку ќе ги боли глава на министрите во ресорите кои ги имаат во стопанството итн. Затоа што ние знаеме колку сме сиромаси не по ваша вина, а по вина на системот кој владееше. Сега слушнав дека ќе се бараат кредити и ќе се даваат кредити Еднаш јас од почетокот кога гледавме во овој парламент сите реков дека не можат да се даваат кредити на луѓе кои крадат.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Точно пак ќе потцртам дека Владата £е има поголеми тешкотии да побара кредити од некаде, дури ние не го стекнеме тој суверенитет за кој вчера гласавме.

Од трета страна ќе добиеме кредити можеби и од наши луѓе во дијаспората доколку нашата Влада правилно ја води политиката во нашата држава. Ќе добиеме кредити од странство и тоа од наши луѓе, кога викам ваши мислам од сите националности ако ние знаеме тие луѓе правилно да ги искористиме и во право место. Да не ги лажеме. Секој е согласен да ни даде, да ви помогне во кредитите да бидат наменети само за нас.

Како Владата сега ќе најде чаре да ги земе парите кои ни се украдени. Тука е многу тешко, Многу е тешко украдените пари да се земат. Како Владата ќе најде решение да ги исплати долговите кои ги имаат направено од таа Југославија која постоење до сега од тие државички, и тоа е многу тешко. Незнам ако има некој способен министер да може да навлезе во нивните каси, да украде, алал да му е. Значи, сакам да кажам, да не ја обвинуваме Владата за цела ситуација која е настаната до сега, но да гледа Владата, а и Парламентот да настапува така спрема можностите кои ги има, бидејќи грешките не се ни на овој Парламент ни на Владата. Од друга страна, Владата во поглед на реорганизацијата ва стопанствата, јас не гледам перспектива ако директорите, не сите, јас реков еднаш ве сите директори се виновни за настанатите ситуации, тука Владата треба да внимава, дотичните министри да не ги менуваат директорите на националното стопанство, големите објекти, базичната индустрија што ја водат, такви директори не треба да се менуваат, а треба да се менува директори кои покажаа неликвидност во..и го донесоа...до просјачки стап.

Владата греба повеќе да се ангажира за луѓето кои чекаат леб. Кога зборувам за Владата затоа што цел товар паѓа на Владата, да ми простат министрите, затоа што Владата ги има тие компетенции, при реорганизацијата да навлезе и во просветата и во сите општествени наши други организации, така да најспособните да си го најдат местото во тие канцеларии кои ќе и помагаат ва Владата, кои ќе му помагаат на нашиот народ. Гревота е при така убава држава, лично за вашата држава зборувам, луѓето да просат за леб. Малку и ќе треба да се опаметиме затоа што ние немаме два или три стомака. Да си ги скратиме малку и нашите примања а повеќе да дадеме на тој што е на улица.

Многу е тешко во една пазарна економија да ги вработиме сите луѓе, во барем социјално тие да бидат згрижени. Министерствата на социјална политика и Владата од каде ќе најде средства и како, малку повеќе да се заангажира, барем пензиите на тие луѓе да им се даваат ва време и социјалната помош да биде редовна. Греота.

Уште еден збор ќе кажам. При менувањето на директорите нема да тргнуваме од тоа што тој бил ВМРО-ец, комуниста или незнам што бил, тоа ќе го оставиме на страна затоа што сите ние од вчера сме, ми се чини, браќа и ако така настапуваме фактички ќе бидеме сите браќа. Ве поздравувам во слободна Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Со ова листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог-заклучокот го ставам на гласање.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Не се јавувам за дискусија, се јавувам со предлог за подобрување ва текстот.

Во седмата реченица одозгора надолу, предлагам после зборовите "при што" да се додаде "истата ја усвои у оцени дека таа може да послужи". Значи да се додадат зборовите "при што истата ја усвои". Од прилика тоа беше предлогот на колегата Превала, јас само го поддржувам него и мислам дека е битно ова да се додаде Ако не го додадеме овој збор при што истата ја усвои, ми се чини сите овие часови ва дискусија овде ќе стават бесплодни. Ако ги додадеме зборовите "ја усвои", тогаш сме завршиле една корисна работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имавте можност да го видите мислењето на Законодавно- правната комисија. Овде известителот на ЗПК уште еднаш потенцира пред вас каков е карактерот на овој документ што се нуди на Собранието. Имавме ние овде предлози од други двајца пратеници дека треба да се усвои, а и од двајца министри. Јас ве молам да го почитуваме тоа мислење што е најквалификувано, на ЗПК од следните причини. И во пропратното писмо од Владата што е содржано во документот стои "Врз основа на член 457 став 2 од Деловникот " кој говори дека Владата само го известува Собранието. Понатаму говори за програма на Владата, не за програма на Собранието. Такви се сегашните уставни определби и таква е деловничката определба. За нас тоа е рамка во која мораме да се движиме.

Во Експозето на претседателот на Владата беше речено дека таков карактер каков што впрочем денес се водеше во расправата, има програмата и дека ќе има можност овој Парламент преку инструментите за реализација на оваа програма да се определи како политика на Собранието, а Владата тогаш тоа да го спроведува. Тоа мислев>е е усогласено, колку што сум информиран и со претседателот и со потпретседателот ва Владата.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Програмата ва Владата е еден основен документ, стратегија, филозофија во правец на односите на развојот и фискалата. На тој документ се надоврзува Буџетот. Според тоа тие два основни документи се тесно поврзани. Филозофијата од една страна и апликативниот израз, средствата за покривање ва правците на таа филозофија. Според тоа, не може да стане збор од парцијални усвојувања на еден документ, а еве повелете имале го ова ва знаење, дискутирале цел ден и никому ништо. Тука влегуваме во зоната на одредени политички манипулации чии што сведоци сме долго време. Тоа е навистина, како што рече господин Превала еден договор меѓу една спона меѓу Парламентот и Владата. Тоа се два субјекти навистина со релативна своја автохтона независност, но интегрално поврзани, а тој интегритет се изразува преку овие два основни документи. Ве молам да помислите и секој еден акт на усвојување, било тоа на Комисија или ЗПК или незнам каква друга, се базира врз чистата логика, врз здравиот разум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине министре само ве молам да прецизирате кој врши политичка манипулација.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Ние сме долго време сведоци на разни политички анимации манипулации итн. Не е визави поедините партиски структури само туку и внатре, на жалост, во државната структура. Тоа дури и врапчињата кои што во паркот слетуваат овде зад овој Парламент, го знаат, а субјектите да ги јас посочувам, тоа не е мое ниту можам тоа да го сторам.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас во прилог го поддржувам предлогот да се дополни со предлогот на крајот што го даде членот на Владата Јане Миљовски, да се утврди програмата.

Во однос ва Деловниот, ние имаме уште неусогласеност на Деловникот со претходниот. Имавме порано три собори, сега имаме комисии. Секоја комисија се прогласува за матична. Во случајов јас директно учествував при формирање на сите комисии пред да се конституира Собранието. Не може да се користи членот од тој Деловни, треба во конкретен случај да се смета матична Комисијата за економски развој. Конкретно ЗПК е беспредметно да дава мислење, бидејќи не се работи за усвојување на правен акт кој би гледала Комисијата да го усогласи, не е тоа уставно прашање, не е закон, не е правна одредба, ова е директно развојно решение и сметам дека треба директно &атична комисија да важи Комисијата за економски развој, каде претседател е Шабан Превала, меѓутоа, да не се секој прогласува, бидејќи уште новиот Деловник односно во него не е усогласено соборското и комисиското работење. Немаме ние постапка за усогласување. Сметам најекономично е како развоен документ овој заклучок од Комисијата за економски развој да се усвои.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ:**

Јас сум изненаден од сегашниот приод во сегашната наша расправа во делот на подобрување на текстот на заклучокот во една суштинска работа.

Целата расправа што се одвиваше по програмата, се одвиваше во начело, во основа како е поставено, дека е тоа програма на Владата која се дава ва Собранието само на увид и сметам дека и во Стопанската комора ова прашање односно по него се отвори суштинска расправа и се омени дека нашите предлози може да бидат само во функција за подобрување на програмата со тоа што истата или истите предлози да бидат после вградени при изготвувањето на среднорочниот план кој ќе биде со конкретни квантификации и истиот ќе биде усвоен овде. Сметам дека програмата не е целосна. Укажавме дека отсуствуваат квантификации, многу сериозни, многу отворени прашања и сигурно тие квантификации ќе бидат основа за усвојување. Не знам колку ќе можам да придонесам, но во секој случај не би се согласил со тоа ние денес да ја усвојуваме програмата бидејќи таа е програма на Владата и насловот не коинцидира со нашата расправа. Ние во Комисијата за стопанство рековме дали се тоа мерки и активности на Владата. Не се мерки и активности, што значи дека, дали се тоа некои сега конкретни предлози, не се конкретни предлози. Според тоа ако може нешто да се подобри, но сепак да остане оваа суштинска забелешка"ние да ја одобриме оваа програма" и натаму да продолжи текстот. Во никој случај да ја усвојуваме, затоа што не е тоа програма на Собранието. Тоа е програма на Владата, така и стои и доколку се прифати, мој предлог е таму каде што*стои "при што ја одобри и оцени дека таа може да послужи при....". Во никој случај усвојување бидејќи не беше тоа

интенција и мислам ако е чесно и поштено министерот за развој може да каже дека во расправите ова прашање беше посебно присутно и сметам дека не би требало ние пак расправата да ја ставаме сега на почеток по едно многу суштинско прашање.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Имам реплика.

Изјаснувањето на претходниот пратеник е сосема произволно и не корисно за иднина.

Под претпоставка заклучокот да се усвои, имаме ние еден барометар за оцена на наредното оценување за ефикасно работење на Владата. А тие преостанати размислувања, па не знаеме тие колку ќе траат, ние нема да имаме барометар спрема кој ќе се оценуваме и сравнуваме и да ја оценуваме работата на Владата. Тие размислувања на претходниот дискутант се во спротивност со заклучокот. Заклучокот вели и денешните размислувања но само при реализација ќе се земат. Сметам таа не е конечна, развојна, во перспектива и во противречност е со текстот. Јас сметам заради економичност треба да се усвои и во нареден период и ние стручни и нестручни ќе ја оценуваме програмата и однесувањето на Владата. Инаку, ќе останеме без никаков критериум ако го земеме само како размислување, како излагање, како нешто беспредметно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, усвојување на програмата значи дека таа станува програма на Собранието, а овде дословно пишува програма за работа на Владата на Република Македонија и усвоена на седница на Владата на Република Македонија. Во пропратното писмо вели врз основа на член 457, став 2 од Деловникот на Собранието на

Република Македонија ви ја доставуваме програмата за работа на Владата на Република Македонија во мандатниот период, што ја усвои на седница одржана на 26". Не утврди предлог, па да ја усвојува Собранието, туку ја усвои Владата програмата. Експозе ќе поднесе претседателот на Владата, претставници тие и тие и на крајот вели ве молиме да не известите за денот на одржувањето на седницата на Собранието на која ќе се разгледа програмата за работа на Владата на Република Македонија.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Јас нема да дадам ниту политички оценки ниту пак ми е јасна правната регулатива и правниот статус на оваа програма. Меѓутоа ваков лабав заклучок каков што е во точка 1 не може да се прифати. Имено, стои дека таа може да послужи пред подготвувањето на документите за развојната економска политика. Јас имам една статија од весник која исто така може многу добро да послужи за подготвување на развојна политика. Имаме машина за чукање во Министерството и таа може да послужи за подготвување. Треба ли да бараме одобрување од овој собир и да расправаме месец дена за да ни каже некој дека може да послужи. Јас молам да се размисли/ не сум ни некој експерт за финесите на значењето на одделните термини, меѓутоа можеби е добар терминот "ја прифати како програма на Владата" не како програма на Собранието. Ако држи тоа тогаш да се усогласиме. Меѓутоа ова е лабав заклучок.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Ова ќе го изнесам како реплика на претседавачот односно потпретседател на Собранието.

Се тргнува од претпоставка, ние како Собрание усвојуваме само наши акти. Ние усвојуваме статути на претпријатија од јавен карактер, републички, завршна сметка на фонд за неразвиени, не само наша програма и други програми од републички карактер кои се во надлежност на Собранието. Не смета да се усвои и нашата собраниска програма која ја одложивме, условно да ја усвоиме прво владината програма, бидејќи нашата беше само цитирање на владината програма која не беше во моментот усвоена и затоа и собраниската програма ја одложивме, прво да ја усвоиме како обврска владината за на неа да следи и собраниската. Сметам дека не смета ние само наши акти да усвојуваме, туку сите од републичка важност, по сегашна надлежност усвојуваме и завршни сметки и биланси на разни организации. Ако не ја усвоиме повеќе се во корист на владата, нема критериум каде би ги земале на одговорност, евентуално на доверба, но тие сами си ставаат, што викаме "јаже на врат" со усвојувањето и нивна е обврска да ја реализираат, а ваш е само надзорот.

**БЕКИР ЖУТА:**

Очигледно станува актуелно прашањето во смисла/ во која функција оваа програма дојде на расправа пред Собранието и ако има своја функција, тогаш....

**БЕКИР ЖУТА:**

Очигледно станува актуелно прашањето во смисла на тоа во која функција оваа програма е дојдена на расправа пред Собранието и ако има своја функција, тогаш би требало да има и своја завршница од оваа куќа.

Ако оваа Програма беше од Владата подготвена за себе? тогаш ќе имаше карактер, веројатно за домашна задача за себе и никој за тоа не требаше да расправа и ќе беше ориентир за неа. Ако за таа програма расправаа телата на ова Собрание и самото Собрание, доста долго и доста време и внимание се посвети на оваа Програма, дали треба да заврши само со изразот дека е разгледана, дека може да послужи за одредени цели или пак треба да добие еден одреден квалификатив?

Таа, на некој начин станува ориентир на републичката политика, при утврдување на документи што треба да дојдат на расправа на овој дом. Ако станува ориентир при утврдувањето на тие документи, тогаш веројатно и најсигурно треба да остане одреден траг од оваа денешна расправа во Заклучокот, во смисла дека таа не само што е разгледана од страна на Собранието, туку дали усвоена или некој приближен друг израз, утврдена, прифатена, но во секој случај некој трага од тоа треба да остане. Само изразот "разгледана незнам во која функција тогаш и вие го изгубивте целото ова време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само една информација.

Го цитирам амандманот 63 од Уставот со кој е заменет членот 318 од Уставот во кој се говори дека Собранието донесува среднорочен план. Овде, во точка  од амандманот 63" стои:

"СРМ утврдува развојна и економска политика и .....го насочува

стопанскиот и општествениот развој на Републиката".

Друг документ ова Собрание не донесува. Тоа е според Уставот, според сегашната регулатива. Ниту расправата, господо од Владата, ве се водеше на комисиите од оваа смисла. Имаше низа забелешки во дискусии на многу пратеници, каде што стана збор дека ја поддржуваат ориентацијата во Програмата, но имаше и многу забелешки, што значи не беа амандмански, Ако ова Собрание ги усвојуваше, тогаш многу формулации во оваа Програма по инаку ќе беа содржани.

Поради укажувањата на пратениците овде, низа забелешки што беа дадени, според тоа, мислам дека беше, ако дадовме таков приод во расправата на телата, таква и завршница да биде и докрај осугласено со Уставот и Деловникот на ова Собрание. Незнам што за нас може да биде друга врска.

Уште еднаш го молам претставникот на ЗПК да каже дали е овој акт во смисла на уставните одредби или треба да има друг претрес.

**БЕКИР ЖУТА:**

Уште еден аспект да изнесам пред да одговори претставникот на ЗПК.

Мислам дека треба да се провери Записникот од седницата на ова Собрание одржана на 23 мај кога се изрази одредена нервоза од оваа средина, од овој дом, упатена на адреса на Владата, во смисла до каде е со нејзината програма и сега се сеќавам, кога претседателот стана и вети, па рече до петокот ќе ја имате овде, незнам точно кој ден беше тоа кога кажа дека до петокот ќе ја имате овде. На некој начин Програмата е нарачана.

**ТИТКО ПЕТКОВСКИ:**

Збор побара министерот Јане Миљоски.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ:**

Оваа Програма претставува основ за развој на Република Македонија во најмалку следните четири години. Ако сакаме да се повикуваме на мислења на телата, зошто ве го повикаме телото за народна одбрана и заштита. Зошто не Комисијата за здравство. Исто толку се компетентни колку и ЗПК.

Ве молам, овде се наведени правците на развојот. Зошто инсистираме ова да се усвои? Внимавале, во оваа Програма Владата зема цврста обврска пред себе, нуди одреден тип на трансформација на стопанството, нуди одредени промени во сегашните СИЗ-ови, нуди одредени промени во системот на школството, нуди одредени промени во системот на здравството. Дали одбивањето да се прифати програмата е резултат на желбата на оние што немаат ниту еден добар аргумент да ги нападнат решенијата што ги нуди Владата, па сега, преку правна акробатика се обидуваат овој документ да се фрли во ќошот, како неважен.

Ве молам, можеше да се дискутира околу решенијата што Владата ги нуди. Можеше да се наоѓаат вивни грешки, нивни мани. И, тоа требаше да се прави во комисиите. Овде требаше да се одигра само завршниот чин. Не случајно програмата овде ја претстави претседателот на Владата. Претседателот на Владата се јавува обично во нормални ситуации во Парламентот еднаш до двапати годишно. Специјално дојде претседателот и покрај огромниот број други обврски, тој самиот да ја претстави оваа програма, основниот документ по кој што сака оваа Влада да работи.

Меѓутоа, ова Собрание не може да ја избегне одговорноста да каже дали се согласува со тие правци на развојот што ги нуди Владата, или не. Секое избегнување да се усвои, да се гласа за оваа Програма, всушност, бараме за мене, значи да се прашам дали ми не мене овде местото повеќе? Да бидеме на чисто. Овде ги нудиме своите видувања на иднината. Вие треба да кажете ја прифаќате или не.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Не се сеќавам точно во кој закон се наброени надлежностите на Владата. Ги знаев, меѓутоа сега не можам да се сетам. Треба да се види таму во законот што е речено кои се надлежностите на Владата Мислам дека имаат донесување на ваква Програма. Ако е тоа така, тогаш е завршена работа. Нема што, ние само ќе ја прифатиме. Така и дискутиравме. Не може да стане збор, не сум правник, се извинувам ако грешам, ние овде дискутиравме само за подобрување. Не дека ние прифаќаме, сигурно така, јас барем лично се изјаснив дека прифаќам. Така и ќе гласам. Меѓутоа, овде е во прашања игра на зборови. Играта на зборови ќе ја завршиме со ова што реков дека можеме, на овој начин да видиме што е надлежноста, која е чија надлежност. Овде се прочита амандманот во врска со тоа дали сме ние надлежни. Мислам дека е посебно наброено. Се сеќавам убаво, бидејќи ги читам тие прописи. Да го земеме тој пропис, да го прочитаме, и таму ќе ја расчистиме работата. Воопшто нема потреба да губиме време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Додека одговори претставникот на ЗПК еве уште ден амандман. Тоа е амандманот 76, точка 2:

"Владата на СРМ донесува мерки за остварувaв>е на утврдената развој ва и економска политика".

А, во точка 1 пишува дека Собранието ја утврдува таа политика.

Збор побара министерот Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство/ почитувани пратеници.

Тешко е да се вклучам во оваа расправа, особено е тешко да дефинирам дали од нормативно правна природа, деловнички и слично, Програмата треба да има тек таков каков сега се расправа или тоа требаше да се знае на почетокот. Меѓутоа, сакам да упатам неколку суштински напомени, неколку суштински елементи, кои сами по себе даваат одговор на прашањето.

Ако во Програмата за работа на Владата, која не е распоред на часови, кои материјали кој ќе ги сработи, кога ќе ги гледа итн., туку се работи за дефинирање на еден политички, стопански, правен и друг систем, контури на тој систем што треба после да се разработат во конкретни законски проекти за што, се разбира, како што и претседателот во расправата нагласи, ќе се води расправа и ќе се дополнуваат амандмански во целата постапка предвидена со Деловникот. Само неколку точки од содржината на програмата:

- Промени и втемелување на политичкиот и правниот систем;
- Насоки на промените на стопанскиот систем;
- развојна стратегија и економска политика;
- секторски аспекти на развојот на стопанството.

Зарем може да претпоставиме дека Собранието ќе се лиши од својата улога да влијае на тие сегменти на вкупната политика на општествениот и стопанскиот живот?

Второ, ако така се постави, зошто до сега ние толку пати го поставивме прашањето каде е Владата со својата програма за мандатниот период? Веројатно тоа претпоставуваше дека Владата мора да ги дефинира своите задачи и можности, кадровска оспособеност и материјална обезбеденост да реализира во мандатниот период, претпоставен се разбира, никој не знае колку тој може да трае, одредена програма која треба да санира, да поврати и да пушти во натамошен развој одделни простори, одделни делови на стопанството, вкупниот општествен живот.

Ако овде Владата прави таков напор да ги дефинира тие рамки, да ги дефинира своите погледи на тој развој, со сите резерви содржани во Програмата и со сите резерви што овде од страна ва пратениците беа извесни и ако после сето ова остане дека Програмата е само акт ва Програмата која таа од добра намера и волја го дава на запознавање на Собранието Владата уште утре може да ги измени и сите тие измени што ги стави во Програмата и да излезе од обврската да одговара пред ова Собрание за неизвршување на Програмата.

Затоа, јас повторно ќе речам, не можам да објаснувам што се нормативно правните и деловнички прашања и надлежности на Собранието во однос на овој документ. Ние сфативме дека е документ што треба да го усвои Собранието. Да го одобри за реализација за да може Владата, на база на тој документ да ги извршува своите обврски и Парламентот да ја цени работата на Владата во која мерка та ја извршила својата задача. Затоа мислам дека сугестијата што овде се даде за дополнување на точката 1 во оваа смисла Собранието би требало да ја прифати и на тој начин да го дефинира својот однос кон Програмата на Владата, за да може

утре, врз основа на тие параметри тој да го мери успехот или неуспехот во извршувањето на задачите што Владата низ оваа Програма ги поставува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе ве потсетам на Вашата обврска од воведот, мислам на Владата, од воведот на Програмата. Подвлечено е со црни букви. Пишува "Програмата за работа на Владата не е замена на документот за среднорочниот развој и економската политика со кој ќе се насочува стопанскиот и општествениот развој на Републиката што е во подготовка и Владата ќе го достави на Собранието до крајот на годината".

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Дозволете, јас при своето излегување ја имав во предвид таа формулација на првата страница од воведот, крајниот став. Меѓутоа, намерно не го прочитав бидејќи програмата на задачите на Владата, ва конципирање на системот што треба го менува и утврдува е една работа. Квантификацијата на развојните параметри во сите сегменти на стопанскиот и општествениот живот што се дефинираат со овој документ за среднорочната развојна и економска политика, се сосема друга работа. Според тоа, изедначување на овие два документи не може да има. Едниот од другиот извира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ванчо Младенов побара збор, па потоа претседателот на ЗПК.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Немам ништо против да го1прифатиме и мислењето на министерот Миљоски, меѓутоа мислам дека не е во ред, затоа што целата постапка што ја водевме во комисиите, па и на денешната расправа на Собранието, мислам дека некоинцидира со завршницата што ја бара министерот Миљовски, бидејќи на комисиите беше оваа програма доставена за запознавање на пратениците, а не усвојување.

Исто така и овде кога стасавме да дискутираме, во дискусиите и кога претседателот на Владата и потпретседателот во почетните свои искажувања кажаа дека тоа е на запознавање. Целата дискусија и расправа денеска така ја водевме на Парламентот. Сега на крајот, Владата сака да добие бланко виза дека тоа е доверба на Владата со усвојување на оваа Програма. Мислам дека текот нас расправата и тоа што беше присутно и во комисиите и во Собранието не одговара на оваа завршница што ја бара министерот Миљоски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Абди Фаик побара збор.

**ФАИК АБДИ:**

Јас ќе повторам една реченица, ако се сеќавате уште на почетокот од расправата јас прашав дали овој материјал што го разгледуваме сега може да се смета како расправа по елементите за основите на плановите за нашиот иден развој. Претседателот на Владата одговори - ДА.

Простете, почитувани пратеници, јас сум планер по струка. Елементите за основите на плановите, ако не поминат низ мојата работа организација каде што работам, работничкиот совет, па и на лични изјаснување, не може ц \ се изработам плановите за развој

Според тоа, погледале ги и законите за системот за општествено планирање и општествениот план на Македонија што се уште е во важност, ќе видите дека тој се базира врз елементите за основите на планирањето. Ако се ова елементи за основите на нашиот среднорочен развој за период 1991-1995 година, ние мораме да ги усвоиме. Без да ги усвоиме тие не можат да пристапат кон подготвуваа>е ва нашиот среднорочен план за развој.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде навистина дојдовме до разрешување на една правна работа, дали оваа програма ќе биде на Собранието или е програма на Владата. Собранието не е орган на Владата туку Владата е орган на Собранието. Одиме во смисла на амандман 63. Ова е програма на Влада и Собранието одлучува во овој случај само кога утврдува своја развојна програма. Во овој случај Владата носи своја програма и ние можеме само да ја примиме на знаење или да ја поддржиме. Во овој случај, ако оваа програма каде е логиката ако ја примиме како програма на Собранието и ако оваа Влада ни поднесе оставка, ние ќе треба ако дојде друга Влада да не може да работи надвор од оваа програма.

Затоа од Законодавно- правната комисија ќе имате толкување дека се работи само за поддржување на оваа програма, а не за усвојуван»е.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Јас се извинувам, во оваа работа не се разбирав. По пат на логиката, на логијата и искуствата на работата на држави каде парламентаризмот има поголемо искуство се поаѓа од тоа, по основните два базични документи на Владата, Програмата и Буџетот добиваат поддршка во Парламентот или не, значи се поддржува или не се поддржува, се дава виза или не. Ние треба тука по оваа расправа околу тоа да креваме прсти и даваме поддршка, заправо ја поддржуваме или не ја поддржуваме и потоа нашата работа завршува.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Еве, ако цитираме членови, во Законот за Владата во 11 стои дека Владата на Собранието му предлага утврдување на политика. Ве молам,

што е оваа програма отколку утврдува&е на политика? Видете што е, овде беше изнесен аргумент дека во комисиите дискусијата одела поинаку. За жал, Владата нема никакво влијание врз комисиите. Комисиите си добиваат наредби од надлежните во Собранието. Да имавме известување како биле дадени наредбите во Собранието, ние како Влада ќе реагиравме. Такви известувања немавме Меѓутоа, неколку пати од страна на Владата им беше потенцирано на органите во Собранието дека Владата бара Собранието за оваа програма да е изјасни. Како ќе го формулирате, усвојување, утврдување, незнам, меѓутоа, јас барам ова Собрание да гласа за оваа програма како основа за водење на политиката ва Владата во наредниот четиригодишен период.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Законодавно- правната комисија чувствувајќи дека ќе се води ваква расправа при одлучувањето, бидејќи овој документ не е правно регулиран и јас дискутирав во таа смисла, од страна на претседателот на Законодавно- правната комисија на претставникот на Владата му беше поставено изрично прашањето што сака Владата со оваа програма. Од интерес на тоа ние рековме да отвориме расправа за да се избегнат овие работи. На Законодавно- правната комисија не го расчистивме тој поим, затоа доаѓа до овде. Тука е претставникот, министерот Гоце Петревски и дојдовме до оваа состојба. Многу се прават правни опсервации, размислувања, филозофски и филозофии. Од законодавно- правен аспект не би повторувал, претседателот кажа, Петров добро ги објасни и ги прочита амандманите кои се, јасно е дека.;Собранието ја утврдува развојно- економската програма и предлага мерки и активности. Владата е извршен орган на Собранието. Во таа смисла одредени формулации можат да стојат но сметам дека

односите се нарушуваат во сегашниот позитивно правен систем. Се знае Собранието кој орган е, се знае Владата кој орган е. Точно, во Законот за Владата во членот 11 се утврдени односите, точно е дека му ја предлага на Собранието на утврдуван»е, но Владата и од самиот назив Програма за работа на Владата, што беше апострофирано, тргнувајќи од тој момент. Тргнувајќи од се што беше овде изнесено сметаме, а особено Владата што беше изнесено од потпретседателот, не изедначува со развојно-економската програма. Таков е сега правниот систем. Ако Владата не се дистанцираше на две-три места, тогаш ќе се водеше и она прашање што беше на почетокот, во начинот на водењето. Владата се дистанцира, не е развојна а Владата познавајќи го тој однос, што значи развојно- економска програма, што значи програма за работа, притисната можеби од одредени барања ве е владина програма. Можеби сега се менуваат, и министерот Јане Миљовски е во право во одредени односи, во сите светови се нуди владина програма. Тоа е програма за работа на Владата. Тоа требаше да се дефинира и од почетокот. Мислам дека не е многу битно, а ако беше јас кажав, ова ако е владина програма ќе се водеше расправа од локални интереси, регионални интереси, национални интереси на оваа Македонија. Да кажеме и во дискусијата, секој пратеник ќе влезеше ако ова е таа програма, ќе настојуваше во оваа програма да внесе одредени работи. Не можам да сфатам програма за развој во четири години да не зборува ништо за националните паркови, да не зборува ништо за заштита на Охридското И преспанското Езеро како најголеми природни богатства, да зборува со одредени волонтаризми во однос ва заштитата. Шест-седум дена се водеше во Српскиот парламент расправа и во другите парламент во Југославија по владината програма. Секој пратеник од одредено макро подрачје, што смета дека влегува во материјална расправа, ќе ги пренесеше своите интереси така беше и на почетокот.

Абди го праша претседателот, мислам дека одредени недоразбирања се излезени од самата Влада и од Парламентот и треба да се надминеме во оваа смисла. Во октомври ісе се достави, Владата зема голема одговорност без развојна економска програма. Работи и во овој период Програмата требаше да се донесе во првите 100 дена. Тоа е голема одговорност без утврдена програма. Мислам дека самата Влада вели дека во септември, октомври во овие тешки услови ќе ја предложи развојно- економската програма. Мислам дека доста беше речено од пратениците, законодавно-правниот аспект е чист во однос на Собранието, во однос на Владата. Ако сакаат нешто друго, тоа е.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Јас уште еднаш морам да се јавам од причина што најверојатно министерот Георгиевски не е информиран, и нас на комисиите не изненади кога ја примивме Програмата за работа на Владата и предлагавме измена на насловот со што во основа ќе се изменеше и пристапот за разгледуван>е на самата програма. Ние точно предложивме тоа да бидат појдовни основи за економскиот развој на Република Македонија во мандатниот период. Ако беше така, ќе беше веќе сосема подруга и расправата ќе беше во тој правец, што ќе беше во согласност и со Уставот. Не сакам да го повторувам она црното потцртано . Тоа е и основната суштина што Владата се огради и кажа дека ова ќе биде основа за изготвување на развојната економска политика во наредниот период, во мандатниот период, што ќе биде доставена до крајот на годината. Сметам дека предложив едно прифатливо решение, дополнува&е кое во основа ќе биде во согласност и со сегашната расправа, а тоа е да се дополни и ја одобри, може само и ја поддржа; но ја одобри е многу поблиску бидејќи со тоа ќе се задоволиме сите Владата ќе има програма која ќе биде основа за изготвување на среднорочната

програма. Да гласаме за ова дополнување и со тоа на одреден начин ќе се отстранат одредени дилеми.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Лично веќе изгубив интерес кој термин ќе се употреби и воопшто совршеност сега веќе не ме интереси. Меѓутоа, излегов за една друга работа да кажам и сега со господинот Гештаковски се сретнавме тука дека не присуствував на неговата комисија и јас немам афинитет спрема правните проблеми и терминологија и секогаш избегнувам да се вовлечам во тие расправи. Затоа за правниот статус секаде каде што учествував јас не сакав да влезам во тоа сметајќи дека има покомпетентни кои ќе го решат правниот статус, а мое беше да расправам за содржината.

Не разбрав дали од господинот Георгиев е предлогот "ја одобри и поддржа?"

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Ја одобри.

**ГОЦЕ ПЕТРЕВСКИ:**

Јас не разбирам дали е доволно или не.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во однос на ова прашање сметам дека сите околности се расветлени. Само би прецизирал, сите потребни елементи и околности се наведоа прецизно.

Прво, треба да тргнете од едно, да не мешаме програма на Влада која носи наслов како актот што е доставен од Владата и развојниот документ за Република Македонија. Владата и терминот Република, бидејќи само извршен орган е на Република Македонија.

Значи тој документ ние уште го должиме за цела Република, села и градови, а ова е интерна програма на Владата.

Второ, таа е исклучиво по наше барање и во експозето беше кажано, ниедна влада не дала сопствена програма, меѓутоа, вие по западниот модел 90 дена иако не стои во текстот на нашиот Устав, за 90 дена е должна Владата да даде програма или ќе изгуби доверба. Ние го применуваме а не сме го напишале.

Во однос на другата околност, во однос на заклучокот, јас сметам дека ова може компромисно предлогот на Томе Стојановски претседателот на Законодавно- правната комисија, инаку, правни разрешување воопшто не треба да се користат овде. Овде воопшто нема ништо со правна материја. Оваа програма е корисна работа, ние треба да ја вклопиме во развојната програма. Со тоа условно не мора да стои зборот "да се усвои", но може "да се поддржи", меѓутоа, постапката да заврши со поддржување на Програмата. На оваа Програма се надградува Програмата на Собранието. Развојниот документ што е наведен за цела Република, јас сметам дека не ни штети. Сами ја порачавме, сега не знаеме што сме порачале. Сметам дека треба да се поддржи, тоа е компромисен заклучок, а останатиот текст да остане.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Овде имаме два предлога.

Сугестијата е следната: предлогот го конкретизира Ѓорѓиев.

"Собранието на Република Македонија ја разгледа Програмата та работа на Владата на Република Македонија во мандатниот период, во која се содржани глобални насоки и активности промени во политичкиот, правниот и стопанскиот систем на Републиката, како и прашања во врска со

развојната стратегија на економската политика, вработува»ето, социјалната политика, регионалниот развој и друго, при што ја поддржа и оцени дека таа може ..." и целиот текст да продолжи од Заклучоците.

Кој е за тој предлог на заклучок, молам да крене рака?

За гласаа 63 пратеници, според тоа заклучокот е прифатен.

(во салата се слушна аплауз)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (четири пратеници)

СО тоа заклучокот е усвоен.

Почитувани пратеници, бидејќи не гледам овде дали се усогласи работната група околу прогласот, може ли некој да не информира дали е нешто изменето битно ? Од оној текст што го имаат пратениците дали е нешто суштествено изменето или не?

Има збор пратеникот Зоран Крстевски, претставник на групата.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Ние имаме измени, меѓутоа, не е коректно ако не ви се подели, па да можеме сите да расправаме. Ако се определуваме утре да има седница, Ви предлагам овој текст да го умножиме, па утре на почетокот да расправаме, бидејќи само еден примерок е кај мене.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи имате при рака текст, молам овој текст на прогласот да го усвоиме вечерва и ако треба нешто, ако има разлика од оној текст што го имавте на располагање, само тоа да се каже и да гласаме.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Добро, еве вака, првиот пасус останува исто, вклучувајќи го и прашањето. Тој гласи:

"Проглас до граѓаните на Република Македонија,

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 август 1991 година донесе Одлука за распишување на референдум во Република Македонија, на кој граѓаните на Републиката треба да се изјаснат за прашањето:"Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден Сојуз на суверените држави на Југославија","за" или "против".

Сега има измени во стариот текст. Текстот би гласел:

"Гласајќи "за" граѓаните на Македонија ќе се определат ѕа остварува&е на своите вековни и историски идеали за сопствена национална, суверена ,. самостојна и демократска држава Македонија која на сите свои граѓани ќе им ги гарантира цивилизациските придобивки на хуман и заеднички живот".

Во третиот пасус има исто така измени.

"Гласајќи "за" Вие гласате и за правото Македонија суверено да ги застапува и штити своите интереси во иден Сојуз на суверени држави на Југославија. Излегувајќи на референдумот, Вие ќе придонесете југословенската криза да се разреши по мирен и демократски пат".

Ставот 5 во стариот текст отпаѓа и тоа таму каде што вели "граѓани на Македонија, Вашиот потврден одговор ќе значи нова афирмација на политиката..."

Последниот пасус има едно дополнување кое се однесува на граѓаните на Македонија кои се надвор од Републиката односно во дијаспората и во странство.

"Собранието на Република Македонија ги повикува сите граѓани на Македонија во Републиката и надвор од неа масовно да излезат на гласање, извршувајќи ја својата граѓанска должност и за првпат слободно и непосредно да ја изразат својата волја и определување за идниот државноправен статус на Република Македонија".

Последниот став си останува ист.

"Референдумот ќе се одржи на 8 септември 1991 година.

Одлуката на референдумот ќе биде изгласана доколку за неа се изјаснат мнозинството граѓани запишани во избирачките списоци".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се прифаќа овој текст на Прогласот?

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Ова е граѓанско право. Зошто тоа го велам. Ако напред беше некој и не гласал, ќе може да одговара за таа работа. Да биде земев ва одговорност, а право е ва човек да гласа.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Бидејќи се работи за еден многу значаен акт, односно текст кој што треба да се прави за јавноста јас сметам тој дури ќе биде отпечатен на плакати и ми се чини дека ова што го имавме како последна варијанта е многу пасивна. Проглас како проглас тоа е ва некој начин обраќање ва граѓаните на Македонија и според мене треба почесто да доминира повикот граѓани на Македонија и сите обраќања ва бидат во второ лице множина. Никаде да ве бидат индиректно. Предлагам да стои дури"проглас7 потоа"Граѓани ва Македонија". Собранието на Република Македонија на седницата одржана ва 6 август 1991 година,овдека вметнувам со акламација донесе одлука за распишување на референдум во Република Македонија ва кои вие граѓаните на Републиката треба да се изјасните за прашањето дали сте за Суверена и самостојна држава Македонија со право на стапување во сојуз на суверени држави, за или против.

П отоа, гласајќи"за" Вие се определувате за остварување ва своите вековни историски идеали, за сопствена национална суверена и самостојна и демократска држава Македонија која ва сите свои граѓани ќе им гарантира цивилизациските придобивки ва хуман и заеднички живот. Потоа пак вметнувам повик, обраќање "граѓани на Македонија гласајќи "за" вие гласате и за правото Македонија суверена да ги застапува и да ги штити

сите интереси во идниот сојуз на суверени држави на Југославија. Излегувај*ќи на референдумот, Вие ќе придонесите југословенската криза да се разреши по мирен и демократски пат.

Собранието на Република Македонија ги повикува сите граѓани на Македонија во Републиката и надвор од неа масовно да излезат на гласање и својата граѓанска должност по прв пат слободно и непосредно да ја изразат својата волја и своето определување за идниот државно правен статус на Македонија.

Мислам граѓани на Македонија излезете на референдум тоа треба да биде поактивно. Ваков текстот каков што е многу ми е пасивен, многу ми е индиректен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро би било ако има уште некоја сугестија да се умножи и утре како прва точка да го усвоиме.

Дали уште има сугестии?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Овие предлози многу се умесни и можат да се прифатат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се прифаќаат овие сугестии на другарот Јакимовски

(Аплауз)

Констатирам дека се прифаќаат.

Со ова дневниот ред за денес е исцрпен, а утре ќе продолжиме во 10,00 часот.

(Седницата заврши во 20,30 часот).